**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ**

**Студиска програма: Безбедност**

# Местото и улогата на недржавните актери во спроведување контрола на безбедносниот сектор на Република Македонија

**- Магистерски труд -**


**Ментор:** Проф. д-р Оливер Бакрески

**Кандидат:** Ивана Јовановска


**Скопје, мај 2019**

***„Насилството никогаш неможе да го уништи она што е прифатливо од страна на јавното мислење. Во спротивност, јавното мислење потребно е само да биде дијаметрално спротивно за насилството да ја уништи секоја негова акција“.***

***Толстој.***

# Местото и улогата на недржавните актери во спроведување контрола на безбедносниот сектор на Република Македонија

## СОДРЖИНА

**Апстракт** **5**

**Вовед** 7

**Глава I. Безбедносен сектор** **9**

1. Поим за безбедност 9

2. Концептуален пристап 20

3. Видови на безбедност 30

**Глава II. Невладин сектор** **43**

1. Поим и дефинирање 43

2. Невладините организации како облик на демократско дејствување во современиот свет 46

3. Суштина и форми на дејствување на невладините организации 53

4. Улога на невладините организации во застапување и заштита на човековите права и слободи 58

5. Влијание на невладините организации врз безбедносната политика на државите 62

6. Невладини организации во Република Македонија 65

7. Карактеристики и структура на невладините организации 68

8. Улогата на невладиниот сектор во превенција на конфликти и градење на мирот 75

9. Контрола на влијанието на невладиниот сектор 80

10. Доверба на граѓаните во невладиниот сектор 86

**Глава III. Медиуми** **91**

1. Поим и дефинирање 91

2. Современите трендови кај медиумите 95

3. Политичката комуникација 99

4. Комерцијализација, фрагментација глобализација и интеракција 102

5. Развој на медиумите во Република Македонија 104

6. Придонес во создавање на законска регулатива на медиумите во државата 107

7. Медиумски плурализам и слобода на изразување 109

8. Медиумите и слободата на изразување во контекст на заштита на националната безбедност 113

**Глава IV. Недржавни актери и нивната улога во спроведување на контрола врз безбедносниот сектор** **118**

1. Поим и дефинирање 118

2. Историска појава и развој 127

3. Улога на недржавните актери во спроведување на безбедносна контрола во државата 134

**Заклучни согледувања** **144**

**Користена литература** **149**

# АПСТРАКТ

Истражувањето во магистерскиот труд со наслов „Местото и улогата на недржавните актери во спроведување контрола на безбедносниот сектор на Република Македонија“ е иницирано со цел да се согледа каква е улогата на невладиниот сектор во спроведувањето на контрола врз безбедносниот сектор во земјата, каква е улогата на медиумите во спроведувањето на контрола врз безбедносниот сектор, да се согледа каков е впечатокот од аспект на практичната примена на контролните механизми, притоа да се земат предвид практиките кои се изведуваат во другите држави, од аспект на вклучувањето на невладините организации и нивното влијание во процесот на донесување на одлуки кои се од безбедносна природа.

Предметот на истражување во трудот, е насочен кон согледување на улогата и влијанието на недржавните актери во контролата на безбедносниот сектор и со тоа влијание да овозможи унапредување на безбедноста.

Одговарајќи на претходно дадени научни прашања, се очекува да се дојде до заклучниот одговор за влијанието на невладините организации, односно недржавните актери во целина, при остварувањето на контролата во безбедносниот сектор и нивниот придонес во спречувањето на конфликтните ситуации и општото воспоставување на добро владеење.

Добивањето на крајниот одговор, ќе даде основ за проценка на степенот на влијание на невладините организации, кој се очекува истите да го остварат во иднина. Трудот треба да даде одовор на прашањето, на кој начин невладините организации ќе го обезбедат своето влијание и како тоа ќе влијае врз градењето на безбедносната политика во државата.

**Клучни зборови**: безбедност, невладин сектор, медиуми, недржавни актери, контрола, транспарентност, демократија.

## ABSTRACT

The research in the thesis titled as „The Place and the Role of Non-State Actors in the Control of the Security Sector of the Republic of Macedonia" has been initiated in order to see what is the role of the non-governmental sector in the implementation of control over the security sector in the country, what is the role of the media in the implementation of control over the security sector, as well as to see what the impression from the aspect of the practical application of the control mechanisms is, while taking into account the practices that are conducted in others from the aspect of the involvement of non-governmental organizations and their influence in the decision-making process of a security nature.

The subject of research in the labor is aimed at perceiving the role and influence of non-state actors in the control of the security sector, and thereby influence the provision of security promotion.

Responding to previously given scientific questions, it is expected to arrive at the final response to the influence of non-governmental organizations, ie non-state actors as a whole, in exercising control in the security sector and their contribution to the prevention of conflict situations and the general establishment of good governance.

Obtaining the final response will provide a basis for assessing the level of influence of NGOs, which is expected to be achieved in the future. The research should give an answer to the question of how NGOs will secure their influence and how this will affect the building of the security policy in the country.

**Key words**: security, non-government sector, media, non-state actors, control, transparency, democracy.

# ВОВЕД

Човековата безбедност е прашање кое несомнено е врвен приоритет на сите држави. Додека, на меѓународен план, вниманието главно е насочено кон обезбедување на светската безбедност, сложениот збир на меѓусебно поврзани фактори се причини за огромен број директни и индиректни закани за човековата безбедност. Начинот на кои државите се справуваат со безбедносните прашања во рамки на своите граници и при водењето на политики на меѓународен план е еден од клучните услови за безбедноста на населението. Оттука, владите можат да се сметаат како најсоодветни и најспособни актери за безбедноста на нивните граѓани, но доколку се согледа пошироко ова прашање сепак ги надминува традиционалните сектори и презема мултисекторски димензии.

Во секојдневието, сведоци сме на голем број примери каде многу влади не биле во можност самостојно да се справат со безбедносните потреби на своето население, и покрај тоа што тие имаат одговорност да ја загарантираат нивната безбедноста. Проценката дали заканите за човековата безбедност може да се појават внатре или пак надвор од државните граници во голема мера ги ограничува владините актери во нивното дејствување. Невладините организации се меѓу многуте други актери, вклучувајќи ги владините тела, медиумите, синдикатите и религиозните тела, кои преку низа примери покажуваат дека се вешти чинители во безбедносната политика на владините агенции ширум светот.

Граѓанинот набљудувајќи го, пред сѐ, како столб на општеството е основен двигател на сите општествени процеси, кои пак се дел од секојдневниот живот, а сите овие вкрстени чинители низ призма на заштита на човековите права и безбедносната политика меѓудругото, улога и влијание на недржавните актери во процесите на демократизација на општествата, глобализацијата и меѓународната политика, владеењето на правото и правна држава, гледано низ призма на актуелните случувања во глобални размери, но и во Македонија ќе бидат предмет на елаборација во овој труд.

Карактеристиките на недржавните актери, потребата за граѓанско здружување, кој ги заштитува а кој ги прекршува човековите права, како практично делуваат недржавните актери на локално и меѓународни ниво, колкаво е нивното влијание врз целокупните општествени и политички случувања се значајни аспекти за анализа.

Оттука, се наметнува прашањето околу поимите за невладини организации и недржавните актери. Имајќи во предвид дека со овој магистерски труд ќе се разгледува историскиот развој на граѓанското општество, за да потоа во современите услови ја анализираме и дефинираме улогата на недржавните актери и невладините организации како облици на здружување на граѓаните.

# ГЛАВА I. БЕЗБЕДНОСЕН СЕКТОР

## 1. Поим за безбедност

Зборот безбедност, настанал од предлогот „без“, што значи непостоење, отсуство, и од именката „беда“, што значи висока сиромаштија, положба која предизвикува презир, неволја, несреќа, зло. Самиот збор претставува состојба на оној кој е обезбеден од опасноста, кој е заштитен, сигурен, безопасен. Покрај зборот безбедност, во нашиот јазик е прифатен и зборот сигурност, кој етимолошки потекнува од латинската именка *sēcūrĭtas, ātis f.* (мир на духот, безгрижност, сигурност, безопасност) и придавката *sēcūrus* (без грижа, безгрижен, безопасен, кој не се плаши од никаква опасност). Иако во нашиот јазик овие два збора често се користат како синоними, можно е да се претпостави дека сигурноста претставува пошироко поим од безбедноста, затоа што покрај отсуството на опасност, опфаќа и извесност, самодоверба.[1]

Зборот безбедност (lat. sēcūrĭtas, ātis f.) го вовеле епикурејците, посебно Лукрециј, во првиот век пред нашата ера, како и стоиците и римскиот државник Цицерон, подразбирајќи ја филозофската и психолошката состојба на умот, односно субјективното чувство на отсуство на тага и грижа.[2] Имајќи предвид дека зборот безбедност, односно отсуство на грижа, претставува негација, па оттука и на Римјаните, најверојатно современиот збор безбедност би им звучел како плеоназам[3].[4] Од периодот на владеење на римскиот император Август (I век пред нашата ера), како и во текот на средниот век, поимот безбедност е употребуван во политичка смисла и е доведен во корелација со поимите мир (лат. pax Romana, pax christiana), слобода (лат. libertas) и постојаност, односно постојаност на власта (лат. securitas Augusti). Во римската митологија олицетворение на безбедноста било женското божество Securitas. Распадот на Римската империја довел до феудализација на

[1] Драган Р. Симић, (2002), Наука о безбедности, Службени лист СРЈ: ФПН, Београд, стр. 17
[2] Barry Buzan, Ole Waever and Jaap de Wilde, (1998), Security: A New Framework for Analysis, Lynne Rienner Publishers, London, p. 111.
[3] Спој од повеќе зборови толку слични по значење, што некои од нив се сосема непотребни.
[4] Barry Buzan, Ole Waever and Jaap de Wilde, (1998), Security: A New Framework for Analysis, Lynne Rienner Publishers, London, p.111.

политичкиот живот и до децентрализација на моќта во Европа. Во духовен поглед, највисоката власт ја поседувала црквата, а од политички аспект, тоа настојувало да го постигне Светото римско царство. Покрај конфликтот со папството, царството морало да се справи со бројните и сè помоќните кралеви и нивните вазали. Реформацијата ја довела во прашање врховната духовна власт на црквата, што ја интензивирално безбедносната дилема на сите нивоа, од поединецот, па сè до папството. Почнувајќи од XVI век, помот безбедност се поврзува со јавната безбедност (лат. securitas publica), која се однесувала на заштита на поданиците во мир, како и на поддршка на поданиците на владетелот во време на војна. Верските граѓански војни кои беснееле во Европа во првата половина од XVII век, ја поттикнале идејата за тоа дека за безбедноста на поединецот може да се грижи само суверена држава.

Од Вестфалскиот мир, склучен во 1648 година па наваму, суверените држави стануваат најмоќните актери во меѓународниот систем, кои се единствени кои поседуваат монопол над легитимната примена на физичка сила и кои не признаваат никаков повисок политички авторитет. Безбедноста, така станала примарна функција на суверените државни власти. Меѓутоа, зборот безбедност, во XVII век и понатаму се однесувал, пред сè, на поединците. На тој начин, безбедноста ја сфаќал и Томас Хобс во делото „Levijatan", кое за прв пат било објавено во 1651 година. Според Хобс, како и кај други мислители од тој период, ултимативниот референтен објект на безбедноста е поединецот. Бидејќи во природната состојба поединците живеат во постојана војна на сите против сите и не се во можност да ја обезбедат својата лична безбедност, тие склучуваат општествен договор и основаат државна власт. Во следниот период, поимот безбедност сè повеќе се поврзува со поимот за суверена државна власт, за нејзината внатрешна и надворешна заштита, пред сè, со помош на полицијата и војската, но и на другите политички установи. Со развојот на национализмот и националнбите држави во XVIII и XIX век, безбедноста на државите станува безбедност на националните држави. Заклучно со Првата светска војна, воспоставувањето на државите како централни референтни објекти на идентитетот и безбедноста било комплетно.[5]

[5] Barry Buzan, Ole Waever and Jaap de Wilde, ( 1998), Security: A New Framework for Analysis, Lynne Rienner Publishers, London, p. 125.

По завршувањето на Првата светска војна, со основањето на Друштвото на народи, направени се првите сериозни обиди идејата за колективната безбедност да се спроведе и во праксата, а доаѓа и до развивање на посебна научна дисциплина која ги изучува меѓународните односи. Во текот на меѓувоениот период, зборот безбедност за прв пат влегува во меѓународно-политичкиот речник. Уште во првата реченица на Пактот на Друштвото на народите пишува дека „високите страни потписнички, со цел за промовирање на меѓународната соработка и обезбедување на мирот и безбедноста во светот“, ја прифаќаат обврската да не посегнуваат по војна, односно по оружје, туку да соработуваат и да го почитуваат меѓународното право. Синтагмата „меѓународен мир и безбедност“ го користеле тогашните *status quo* држави, пред сѐ Франција и Велика Британија, за да ги претставаат своите интереси како интереси на целото општество. Затоа, како што одлично забележува авторот Ole Vejver, воопшто и не зачудува дека првата критика на концептот за безбедноста ја напишал токму еден Германец, во текот на триесеттите години од XX век. Меѓународната безбедност како еден од многуте аспекти на меѓународните односи, доаѓа во прв план по завршувањето на Втората светска војна. Во Повелбата на новооснованата светска организација најверојатно е преземена синтагмата за „меѓународен мир и безбедност“, токму од Пактот на друштвото на народите. Меѓутоа, за разлика од основачите на Друштвото на народите, кои ја игнорирале улогата на моќта во меѓународните односи, основачите на Организацијата на Обединетите Нации (ООН) подобро ја сфатиле улогата на големите сили во зачувувањето на меѓународната безбедност.[6]

Така, во членот 42 од Повелбата на ООН, усвоена во 1945 година, пишува: Ако Советот за безбедност смета дека мерките кои се предвидени во членот 41 не одговараат или се покаже дека не се доволни, Советот може да преземе акција која е потребна за одржување или воспоставување на мирот и безбедноста во светот со воздушни, морски или копнени сили. Во текот на првите повоени години, терминот „национална безбедност“ влегува на голема врата во надворешнополитичкиот дискурс, пред сѐ, на САД, а потоа набрзо и во другите западни земји. Постоела опасност дека изолационистички ориентираната

[6] Филип Ејдус, (2012), Међународна безбедност: теорије, сектори и нивоа, Службени гласник, Београд, стр. 35.

американска јавност ќе доживее одржување на високо ниво на воена мобилизација во САД по завршувањето на Втората светска војна, како закана по американските либерални вредности. Националната безбедност била добар параван за да може настанувањето на воеиндустрискиот комплекс, на кој во 1961 година во својот поздравен говор ќе предупреди претседателот во заминување Двајт Ајзенхауер (*Dwight Eisenhower*), да го претстави како интерес на целата нација.[7]

Веќе во 1947 година, во САД е усвоен Законот за национална безбедност, со кој, помеѓу останатото се основани Советот за национална безбедност и Централната разузнавачка агенција (ЦИА) (Central Intelligence Agency - CIA). Набрзо, поимот национална безбедност ќе стане централен дел од надворешнополитичкиот речник и на западноевропските сојузници на САД. Како на универзитетите, така и во истражувачките институти во Америка и во Европа, областа безбедност ќе почне во текот на педесетите години да се изучува систематски во рамките на стратешките студии. За разлика од Западот, комунистичкиот блок наместо „национална безбедност", многу повеќе го користел поимот „мир". Во марксистичко-ленинистичката идеологија, мирот играл многу позначајна улога отколку поимот безбедност, кој во делата на Ленин, не се споменува ниту еднаш.[8]

Кон крајот на осумдесетите години, се случиле две важни промени, кои влијаеле на редефинирањето на поимот безбедност. Прво, тоа била серијата на настани, од кои најважни биле падот на Берлинскиот ѕид во 1989 година, обединувањето на Германија во 1990 година и рушењето на Советскиот сојуз во 1991 година. Овие настани ја подигнале „железната завеса" од европскиот континент и довеле до исчезнување на биполарните структури во меѓународните односи. Идеолошкиот, политичкиот и воениот ривалитет помеѓу двете суперсили и нивните блокови едноставно го снемало преку ноќ.

[7] Љубомир Стајић, Радослав Гаћиновић, (2007), Увод у студије безбедности, Драслар партнер, Београд, стр. 95.
[8] Љубомир Стајић, Радослав Гаћиновић, (2007), Увод у студије безбедности, Драслар партнер, Београд, стр.95.

Со тоа, мошне неочекувано и скоро „без испукан куршум“ е завршена една епоха во меѓународните односи, која се нарекувала Студена војна“.[9]

Овој епохален пресврт го потиснал во втор план стравот од нуклеарна војна, но и од конвенционалните меѓудржавни вооружени конфликти од поголеми размери. На дневен ред во меѓународната безбедност дошле невоените закани, како што се распаѓањето на држави, внатрешни конфликти, тероризам и организиран криминал.

За разлика од периодот на Студената војна, кога мировниот дискурс го користеле само комунистичките пацифисти од маргините на политичкиот живот, по завршувањето на Студената војна, овој дискурс сè повеќе почнале да го усвојуваат и оние кои одлучуваат на Западот. Ова најдобро го илустрира говорот на претседателот Џорџ Буш (*George Bush*) во март 1991 година, кога го спомнува мирот и зборот мир, повеќе пати отколку што се споменувал во сите студеновоени претседателски годори заедно.[10]

Втората голема промена која имала влијание на сфаќањето на поимот безбедност е парадигматската транзиција во општествените науки од позитивизам кон социјален конструктивизам. Материјалистичките и рационалистичките основи на кои се темели позитивизмот, филозофска традиција која ја иницирал францускиот филозоф и првиот социолог Огист Конт (*Auguste Comte*) во XIX век, биле разнишани.

Основната конструктивистичка претпоставка е дека целата општествена стварност, па така и онаа која се однесува на безбедноста, не претставува некаков објективен материјален податок, туку плод на општествената конструкција, на која пресудно влијаат идеите, идентитетите и вредностите на работниците во општеството.

За социјалните конструктивисти, материјалноста не е релевантна сама по себе; она што е важно се значењата кои материјалниот свет ги има за луѓето. Затоа, задача на општествените научници и истражувачи, како и на научниците и

---

[9] Emil Winkler, „Sécurité“ u Abhandlungen der Preussischen Akademie der Wissenschaften., Philosophisch-historische Klasse, Nr. 10. (Berlin: Akademie der Wissenschaften, in Kommission bei W. de Gruyter u. Co, 1939), p. 221.

[10] Љубомир Стајић, Радослав Гаћиновић, (2007), Увод у студије безбедности, Драслар партнер, Београд, стр. 96.

истражувачите на меѓународната безбедност, е да го разберат начинот на кој овие значења се конструираат, интерпретираат и менуваат.[11]

Завршувањето на студената војна и парадигматската промена во општествените науки довеле до продлабочување и збогатување на концептот на безбедноста. Концептот се проширил, од чисто воени на останатите димензии на општеството, како што се политиката, екологијата, економијата и други. Најсликовит пример претставува првиот послестуденовоен Стратешки концепт НАТО, усвоен во ноември 1991 година. Во него се истакнува дека: (...) за разлика од предоминантните закани од минатото, преостанатите ризици по безбедноста на Сојузот се мултидимензионални и повеќенасочни (...) Денес, може да се изведат заклучоци од фактот дека безбедноста и стабилноста имаат политички, економски, социјални и еколошки елементи, како и незаобиколива одбранбена димензија.[12]

Паралелно со овие промени во перцепцијата на стратешкото окружување, дел од академската заедница, исто така, започнал постепено да го проширува значењето на безбедносниот концепт од воениот на другите сектори, како што се политичкиот, економскиот, социјалниот и еколошкиот. Меѓутоа, безбедносниот концепт исто така и се продлабочил, напуштајќи ја идејата дека државата е единствен референтен објект на безбедноста, односно она што треба да се заштити.

Така, како референтни објекти на меѓународната безбедност, започнуваат да се појавуваат и поединци, општествени групи, региони, па дури и самиот меѓународен систем (т.н. глобална безбедност). Покрај тоа, концептот се збогатил и со потпирање на сознанијата и од другите научни дисциплини. Стратешките студии долго го избегнувале потпирањето на знаења развиени кај другите хуманистички науки. Нивната основна задача била да ги „решаваат проблемите", како и конкретно да се применуваат во светот на меѓународната реалполитика.

---

[11] Emil Winkler, „Sécurité" u Abhandlungen der Preussischen Akademie der Wissenschaften., Philosophisch-historische Klasse, Nr. 10. (Berlin: Akademie der Wissenschaften, in Kommission bei W. de Gruyter u. Co, 1939), p.223.

[12] Emil Winkler, „Sécurité" u Abhandlungen der Preussischen Akademie der Wissenschaften., Philosophisch-historische Klasse, Nr. 10. (Berlin: Akademie der Wissenschaften, in Kommission bei W. de Gruyter u. Co, 1939), p. 223.

Оваа област во текот на студената војна била третирана веќе како „сериозна работа“ за да би била препуштена на социолозите, филозофите, антрополозите и на останатите општествени научници.

Со попуштањето на глобалните тензии кон крајот на осумдесетите години, студиите за безбедност стануваат поотворени за останатите општествени науки, а посебно за критичката општествена теорија која не била окупирана со „решавање на проблеми“, туку со нивното критичко преиспитување.[13]

Генерално, како што може да се заклучи, појавата на безбедноста е предмет на проучување на повеќе општествени науки, како и на филозофијата. Основните методи на филозофскиот пристап за поимот на безбедноста, како што може да се забележи, се поклопуваат со методите на социологијата и политичко-правните науки. Во меѓународното право не постои општоприфатена дефиниција на поимот за безбедност, па ниту некои посебни поделементи, како што е на пример поимот за тероризам. Посебни дисциплини, како што е криминологијата, исто така, не излегуваат надвор од рамките на постоечката општествена методологија.

Сличен заклучок може да се даде и во врска со формалните теории кои и покрај посебните методско-технички постапки, остануваат на широкиот терен на општествената научна методологија. Имајќи го ова предвид, треба да се забележи дека дефиницијата за безбедноста мора да се базира на социолошко-политичкото заклучување, каде методот на социологијата се дополнува со филозофскиот научен метод, пред сè во рамките на филозофијата на настанокот на државата и правото.

Општата методолошка рамка за разгледување на поимот за безбедноста би требало да ги вклучи следниве безбедносни концепции или теории, прикажани на слика 1.[14]

---

[13] Angel Angelov, (2016), Actors and institutions in the policy process: Theoretical frameworks and empirical example- The case of Germany, Italy, US and Great Britain– Bologna University, p. 90.
[14] https://www.researchgate.net/publication/5223115, пристапено на 10.02.2019.

Слика 1. Безбедносни теории

| **БЕЗБЕДНОСНИ ТЕОРИИ** |
|---|
| **1) Структурална теорија за безбедноста** |
| **2) Реалистичка теорија за безбедноста** |
| **3) Функционална и структурално–функционалистичка теорија** |
| **4) Дијалектичка теорија за безбедноста** |
| **5) Системска теорија за безбедноста** |
| **6) Формална теорија за безбедноста** |

Извор: https://www.researchgate.net/publication/5223115, пристапено на 12.12.2018

На овие теории, по правило им се додаваат: идеалистичката и либералната, односно неолибералната теорија и теоријата на меѓузависности во односите. Овие либерално-идеалистички доктрини се во тесна врска со функционализмот (и неофункционализмот) односно, доктрината на меѓузависност (во безбедноста) се сведува на структурално-функционалистичко објаснување на безбедноста. Критиката на овие теории и концепции, како што може да се види во ова разгледување, ќе доведе до идејата за примена на релационистичката теорија во научното согледување на феноменот, појавата и поимот за безбедноста.[15]

Во продолжение, акцентот ќе биде ставен на основните карактеристики на споменатите групи теории за појасна класификација на методолошките правци во науката за безбедноста.

Структуралната теорија за безбедноста е базирана на општиот структуралистички метод на општествената наука. Оваа теорија настојува да открие, прикаже (опише) и објасни од кои елементи и едноставни својства се конституира безбедноста. Тука се идентификуваат, лица, групи или установи кои се заштитуваат од другите субјекти (од ист или сроден тип) кои ги

[15] https://www.researchgate.net/publication/5223115, пристапено на 12.12.2018

загрозуваат. Потоа, се објаснуваат или опишуваат елементите на методите и постапките на загрозување, потоа елементите на методот на заштита, како и други компоненти во рамки на елементаристичко-структуралниот приод.[16]

Реалистичката теорија, која се развива наспроти идеалистичкиот институционализам, се заснова на објаснувања на безбедноста, особено во меѓународните односи, преку единствената сила или системски условената сила (неореализмот). Реалистичката теорија во основа останува во рамките на методолошкиот правец структурализам, со извесно отстапување во рамките на неореализмот кој елементаристичкиот приод го комбинира и проширува со аспектите и компонентите на општата теорија на системите.

Наспроти овие групи теории, се развива фукционалистичката теорија која ја дополнува идеалистичко-институционалната концепција и која настојува на експликацијата на појавата безбедноста да ѝ овозможи нови димензии низ квалитетно објаснување на врските и конгломерати на врските меѓу елементите на појавата на безбедноста (и соработката).

Функционализмот и неофункционализмот се засновуваат на објаснувањето на потребата која ги врзува елементите во целина и причините за ваквата поврзаност во структурата. Либерализмот ова го дополнува со мноштво мотиви или типови потреби (цели) кои делуваат на преформулација на појавата за безбедноста, каде силата (на субјектот) повеќе не е единствена, монолитна и основна компонента на безбедноста. Функционализмот, понатаму, има екстензија во настанување и развој на теоријата на меѓузависноста. Овој методолошки и теоретски правец настојува да ја преформулира меѓународната безбедност низ укажување на значењето на разновидната (поливалентна) плурално мотивирана меѓународна соработка и, посебно, значењето на креирање мрежа од сложени или комплексни заемни зависности помеѓу државите во меѓународните односи. Значителна, екстензија на теоријата на безбедноста наоѓаме, потоа, во дијалектичкиот концепт, каде безбедноста се

[16] Филип Ејдус, (2012), Међународна безбедност: теорије, сектори и нивои, Службени гласник, Београд, стр. 37.

формулира (со противречности на борбата на спротивности) во широкиот меѓународен поредок во движење.[17]

Понатаму, особено важна надградба на основниот функционализам се сретнува во системската теорија за безбедноста. Таа, покрај динамичната развојност, внесува и системско, синергистички ефекти, како и други колективни ефекти или варијабли кои динамички ја обликуваат појавата на безбедноста. Овде треба да се забележи дека единствено неореализмот ги вклучил до крај ваквите динамични аспекти во формулацијата на безбедноста. Слични обиди во рамки на неолибералниот правец досега не беа забележани во досегашниот развој на таа теориска група.

Конечно, следи и формалната теорија за безбедноста. Таа се базира на екстензија на математичко-оперативните истражувања на областа безбедност. Овде посебно место нашла теоријата на игрите (посебно Зеро-Сум) и на овие модели (повеќе или помалку на конфликтна игра) примена на постапките од теоријата на веројатноста. Безбедноста во многу аспекти може да се сведе на конфликтна игра која се повторува, ограничен или неограничен број пати. Мерењето на исходот од овие игри претставува важна дисциплина на теоријата на игрите во областа на безбедноста.

Добрата страна на оперативните истражувања е и можноста за проверка и проценка на вредноста на главните теории во меѓународната безбедност. Ова, пред сѐ, се однесува на неореализмот и неолиберализмот како досега носечки правци на доктрината.[18]

Практично, постојат голем број на дефиниции кои се во корелација со безбедноста, односно кои се однесуваат на безбедноста. Некои автори поради тоа овој поим го карактеризираат како „суштински спорен концепт“. Во своето основно и најопшто значење, поимот безбедност претставува „тежнеење кон отсуство на закани“. Според други, пак, безбедноста може да се дефинира како посебен облик на политика, кој настанува оној момент кога актерите се

[17] Филип Ејдус, (2012), Међународна безбедност: теорије, сектори и нивои, Службени гласник, Београд, стр. 38.
[18] Finnemore, Martha. (1996), “Review: Norms, Culture, and World Politics: Insights from Sociology's Institutionalism.” International Organization 50(2): 325-347

подготвени да се заканат со сила или да ја употребат за да го постигнат посакуваниот исход.[19]

Иако ограничува овој поим за закана, односно на употреба на сила помеѓу општествените актери, ваквата дефиниција е исклучително корисна, бидејќи безбедноста се третира како облик на политички односи. Интересна е и дефиницијата на Арнолд Волферс (Arnold Wolfers), според која „безбедноста, во објективна смисла, го мери отсуството од закани по усвоените вредности, додека во субјективна смисла, односно во своето субјективно значење, таа претставува отсуство на страв дека дадените вредности ќе бидат загрозени". Волферсовата дефиниција е важна затоа што истакнува две подеднакво важни димензии на безбедноста, субјективна и објективна. Општо познато е дека, како за поединците, така и за општествените групи, отсуството на страв може да биде подеднакво важно и значајно, ако не и позначајно и поважно од „објективното" присуство на закана.[20]

Покрај објективното и субјективното дефинирање на безбедноста, постои и трето интерсубјективно разбирање на овој поим. Според ова сфаќање, безбедноста не е ниту објективна ниту субјективна, туку дека е интерсубјективна, односно дискурзивна конструкција. Со други зборови, безбедноста, според ова сфаќање е говорен чин, преку кој претставниците на државните или на некои други власти прогласуваат состојба на загрозеност и врз база на тоа, добиваат легитимитет за преземање на мерки кои инаку не би биле легитимни. Меѓутоа, за еден поим да може да прерасне во концепт на политичките науки, тој мора да има одредена логистичка структура и да биде јасно одвоен од останатите сродни концепти. Поради различната политичка употреба, но и поради злоупотребата на овој поим, како и поради честата забуна околу неговото значење, многу автори се согласиле дека концептот на безбедноста е неодреден, запуштен, недоволно објаснет, еластичен, па дури и суштински спорен концепт, кој во толкава мерка е вредносно оптоварен, што е

[19] Бакрески О., (2008), Контрола на безбедносниот сектор, Филозофски факултет, Скопје, стр. 22.
[20] Finnemore, Martha. (1996) "Review: Norms, Culture, and World Politics: Insights from Sociology's Institutionalism." International Organization 50(2): 325-347

скоро невозможно да се постигне консензус за едно општоприфатено значење.[21]

## 2. Концептуален пристап

За разлика од периодот на студената војна, кога поимот безбедност се однесувал пред сѐ, на воената безбедност на суверените држави, после падот на Берлинскиот ѕид, концептот на безбедноста е проширен од чисто воениот на невоените аспекти. Државите сѐ помалку биле загрижени дека ќе бидат загрозени од некои други држави, а нивното внимание почнале да го привлекуваат новите закани, како што се тероризмот, миграцијата, климатските промени, пандемии и други. Група теоретичари, собрани околу Копенхашкиот институт за истражување на мирот (Copenhagen Peace Research Institute – COPRI)[22], го развиле секторскиот пристап за безбедноста за да можат со аналитичка рамка да ја опфатат новонастанатата безбедносна динамика. Според оваа аналитичка рамка, полето на изучување е проширено од воениот, на уште четири сектори на безбедноста: политички, економски, социјален и еколошки. Во стварноста, поголемиот дел од безбедносните проблеми претставуваат комбинација од повеќе безбедносни сектори, кои меѓусебе се преплетуваат и влијаат едни на други, а нивното стриктно одвојување се користи само во аналитички цели.

Покрај наведено испреплетување, секторската аналитичка рамка олеснува за различните безбедносни динамики да се организираат и концептуално да се разликуваат, поради подобро сфаќање на оваа комплексна општествена стварност.[23]

Воената безбедност, односно тежнеењето кон слободата од воените закани, претставува историска појдовна точка за студиите за безбедност. Од нивното настанување, после Втората светска војна, па до осумдесетите години од XX век, поимот безбедност бил толкуван само во воен вид на безбедност, при што, и

[21] Barry Buzan, Ole Waever and Jaap de Wilde, (1998), Security: A New Framework for Analysis, Lynne Rienner Publishers, London, p. 93
[22] http://www.copri.dk/, пристапено на 11.12.2018
[23] Радослав Гаћиновић, (2012), Безбедносна функција државе, Институт за политичке студије, Београд, стр. 19.

способностите и заканите се искажувани исклучително во воена димензија. Таквиот пристап кон безбедноста се базирал на уверувањето дека само со зголемување на воената моќ може да се достигне или да се зголеми безбедноста, односно да се намали веројатноста од пораз.[24]

Во периодот на студената војна, самото споменување на зборот безбедност подразбирало воена динамика помеѓу суверените држави. Во текот на наведениот период доминирал реалистичкиот пристап на меѓународната безбедност, кој главно бил концепиран на воените односи помеѓу суверените држави, пред сѐ на односите помеѓу големите сили. Според оваа концепција, меѓународниот систем е анархичен, а државите самите мораат да се грижат за својата безбедност, бидејќи над нив не постои поголем авторитет којшто би им ја гарантирал безбедноста. Тие никогаш не можат да имаат потполна доверба во намерите на другите, и затоа живеат во константна безбедносна дилема, а меѓународниот систем е стабилен само доколку во него постои рамнотежна сила. Развојот на нуклеарното оружје предизвикал нуклеарниот конфликт на суперсилите да претставува закана која во втор план ги става сите останати воени и невоени предизвици на безбедноста. Тоа ги инспирирало стратешките мислители да развиваат нови концепти, каков што е концептот на „нуклеарно возвраќање“, „способност на втор удар“, „меѓусебно загарантирано уништување“, „офанзивно-дефанзивна рамнотежа“ и „нуклеарна стабилност“.[25]

Академските дискусии за воената безбедност во текот на студената војна биле под влијание на военотехнолошките пормени и имале за цел да им помогнат на доносителите на одлуките во западните земји во формулацијата и спроведувањето на безбедносните политики.[26]

Без разлика на промените во меѓународната политика, до кои дошло во последните две децении, односите на воената моќ помеѓу националните држави останале доминантни во секторот на воената безбедност. Државата веќе не е единствен, но и понатаму претставува централен актер на меѓународната политика, а релевантноста од закани и од употреба на воена

[24] Драган Р. Симић, (2002), Наука о безбедности, Службени лист СРЈ: ФПН, Београд
[25] Филип Ејдус, (2012), Међународна безбедност: теорије, сектори и нивои, Службени гласник, Београд, стр. 80
[26] Steve Smith, (2002), „The discipline of international relations: still an American social science?”, British Journal of Politics & International Relations, Vol. 2, No. 3, p. 65

сила во меѓународните односи не изгубила на значење, при што, воениот сектор и воените закани кон безбедноста доживеале значително трансформации. Клучниот референтен објект во воениот сектор на безбедноста е територијалниот интегритет и суверенитет на државите. Заканите по овој референтен објект може да претставуваат вооружено загрозување од страна на други држави или недржавни актери. Клучните секјуритизирачки актери во секторот на воената безбедност се државата и нејзините официјални претставници.[27]

Функционалните актери, односно актерите кои не учествуваат директно во секјуритизацијата, но сепак ја олеснуваат, можат да бидат различни, почнувајќи од безбедносните установи задолжени за имплементација на безбедносните политики, како што се војската и полицијата, па сè до субјекти, како што се на пример, делови од бирократијата, военоиндустриски комплекс, медиумите, независните истражувачки институти или одредени влијателни лоби групи. Како резултат на воено секјуритиззирачки акт, се усвојуваат различни мерки, од наоружување, преку закани од употреба на сила, до самата употреба на сила.[28]

Под политичка безбедност се подразбира организациска стабилност на поредокот во рамките на една политичка заедница.[29] Политичкото организирање на луѓето низ историјата било различно. Некогаш тоа биле полиси, империи и граници на империите. Во последните неколку векови доминантен облик на политичко организирање е државата, така што, политичката безбедност, пред сè, се однесува на организираната стабилност на државата. Бидејќи суверeноста е начин на кој државите ја одржуваат својата организациска стабилност, таа претставува и доминантен референтен објект во секторот политичка безбедност. Референтниот објект, покрај организациската стабилност на политичките заедници, може да има и некој образец за интеракција помеѓу нив. Во политичкиот сектор на безбедноста, доминантни секјуритизирачки актери се државите и нивните политички елити, но тоа

---

[27] Бакрески О., (2008), Контрола на безбедносниот сектор, Филозофски факултет, Скопје, стр. 135.
[28] Филип Ејдус, (2012), Међународна безбедност: теорије, сектори и нивои, Службени гласник, Београд, стр. 50.
[29] Barry Buzan, (1998), Ole Waever and Jaap de Wilde, Security: A New Framework for Analysis, Lynne Rienner Publishers, London, p. 99.

можат да бидат и опозициските политички партии. Функционалните актери можат да бидат различни, почнувајќи од економската заедница која сака да стане автономија и така да поттикне сецесионизам, преку дијаспората која ги поддржува сепаратистичките сили, па сè до меѓународното јавно мислење кое може да биде наклонето кон оние кои ја доведуваат во прашање централната политичка власт или идеологија во некоја држава.[30]

Заканите по политичката безбедност се насочени против организациската стабилност на државите и може да дојдат од надвор или од внатре. Внатрешните закани потекнуваат од недржавните актери и се насочени кон внатрешниот легитимитет на државата на еден нејзин дел или на целата територија. Надворешните закани се појавуваат во случаи кога на една држава ѝ се ускратува признавањето од друга држава или недржавните актери кои се наоѓаат надвор од нејзината територија. Кога државата е политички безбедна одвнатре, таа поседува позитивна сувереност, а кога е политички безбедна однадвор таа поседува негативна сувереност. Според Бери Бузан (Barry Buzan) постојат намерни и структурални политички закани.[31]

Економската безбедност е концепт кој започнал да влегува во употреба во почетокот на седумдесетите години од XX век, и денес претставува неодвоив дел од безбедносниот речник. Во најопшто значење, економската безбедност се однесува на тежнеењето кон слободата од економски закани. Меѓутоа, во обидите за да се стесни оваа општа дефиниција, се наидува барем на пет различни значења на економската безбедност.[32] Првото значење се однесува на производството и трговијата, кои директно влијаат на одбранбената способност на државите. Пред сè, се мисли на производството и трговијата со воена технологија и вооружување, но и на другите потребни добра кои се важни за одбранбениот систем.

Второто значење подразбира инструменти на економската политика, кои се користат како офанзивно или дефанзивно средство на безбедносната политика,

[30] Филип Ејдус, (2012), Међународна безбедност: теорије, сектори и нивои, Службени гласник, Београд, стр. 10
[31] Barry Buzan, (1998), Ole Waever and Jaap de Wilde, Security: A New Framework for Analysis, Lynne Rienner Publishers, London, p. 113.
[32] Vincent Cable, „What is International Economic Security”, International Affairs, Vol. 71, No. 2, April 1995, p.19.

како што е бојкотот, рестрикцијата во снабдувањето со енергенси, санкциите и разните облици на економска помош.

Третото значење е способноста да се одржи одредено ниво на економски развој во функција на обезбедување на внатрешната безбедносна стабилност, односно подобрување на меѓународната воено-политичка позиција на некоја држава. За економскиот развој се заинтересирани пред сите, малите и послабите држави, додека пак силните и моќни држави како средство за постигнување на внатрешна безбедност го третираат одржувањето на економската моќ, поради одржувањето на статусот на регионална сила, голема сила или суперсила.

Четвртото значење се поврзува со економската безбедност на поединецот, која во потесна смисла подразбира достапност до храна, питка вода и други намирници или услови кои се неопходни за негово физичко преживување, а во поширока смисла вклучува и прашања во врска со вработеноста, сиромаштијата, образованието и слично. Петтото и последно значење се однесува на глобалната, социјалната и еколошката стабилност. Вака дефинираното значење на економската безбедност подразбира широк спектар на теми, како што се стабилност на глобалниот финансиски и економски систем, темната страна на глобалниот пазар, исцрпување на необновливи ресурси, загадување на човековата околина и климатските промени. Основниот проблем во соочувањето со проблемите на економската безбедност, сфатена на овој начин, претставува непостоење на глобална влада која би можела да управува со глобалните економски активности и истите да ги регулира.[33]

Економскиот безбедносен сектор опфаќа безбедносна динамика во која се доминантни трговските и производните односи. Идентификувањето на референтниот објект на економската безбедност не е едноставно, бидејќи зависи од нивото на анализа. На индивидуално ниво тоа е економска благосостојба на поединецот, која може да се дефинира и потесно, како преживување, и пошироко, како корпус на човекови права. На ниво на општеството, референтен објект може да биде претпријатие или класа. Кога е станува збор за државата, референтниот објект, во најопшта смисла, е вкупната економска благосостојба, односно достигнатото ниво на економскиот развој. На

[33] Светлана Станаревић, Филип Ејдус, (2009), Појмовник безбедносне културе, Центар за цивилно-војне односе, Београд, стр. 62.

меѓународно ниво референтен објект е меѓународен либерален економски поредок, кој содржи низа на увезени актери, институции и принципи, кои овозможуваат непречено функционирање на светскиот пазар. Секој од референтните објекти го следи сет од соодветни секјуритизирачки актери, кои имаат капитал за да го конструираат објектот како загрозен и во име на неговата заштита да добијат легитимитет за спроведување на специјални мерки. Секјуритизирачките актери во економскиот безбедносен сектор, исто така, зависат и од нивото на анализа.[34]

Кога е во прашање индивидуално ниво, доминантните секјуритизирачки актери се владите, кои го прифатиле концептот на човековата безбедност, невладините организации (НВО), борците за човекови права и донекаде и меѓународните организации, кои концептот на човековата безбедност го ставиле во својот нормативен дискурс. Кога станува збор за економската безбедност на ниво на општеството, во случај на секјуритизација на претпријатието, секјуритизирачки актери најчесто се представниците на државите, а во случај на секјуритизација на класите, тоа може да бидат и работнички движења или претставници на владејачките или опозициските политички апртии.

На државно ниво, секјуритизирачки актери, по правило, се претставниците на државите. На меѓународно ниво, економски секјуритизирачки актери се главно хегемони во опаѓање, а кон нив може да се придружат и меѓународните финансиски организации и меѓународната либерална економска елита.

Социјалната безбедност претставува способност на општеството да се справува со заканите по колективниот идентитет, односно по сето она што тој колектив го прави поинаков од другите. Со други зборови, социјалната безбедност е способност на едно општество да ги сочува своите важни особини при променливи околности и при одредени закани. По завршувањето на студената војна, светот се соочил со фактот дека општествата можат да учествуваат во безбедносната динамика независно од државите, а често и против нив. Токму

[34] Barry Buzan, (1998), Ole Waever and Jaap de Wilde, Security: A New Framework for Analysis, Lynne Rienner Publishers, London, p. 113.

тоа е областа која се обидува да го зафати секторот социјална безбедност, а во чиј центар се наоѓа грижата за зачувување на колективниот идентитет.[35]

Концептот на социјалната безбедност Бери Бузан, а подоцна го преземале група автори кои биле поврзани со Копенхашкиот институт за истражување на мирот, како еден од петте сектори на државната безбедност, при што го напуштиле Бузановото државноцентрично и објективистичко и го развиле социјалконструктивистичкото сфаќање за социјалната безбедност. Во основата на овој концепт се наоѓа општеството сфатено како единица за безбедносна анализа, при што, тоа се разликува како од државата, така и од која било општествена група која не може да мобилизира силно чувство за колективен идентитет. Така развиен концепт на социјална безбедност предизвикал интензивна академска дискусија, по која следеле, од една страна, афирмативни акции, а од друга страна пак, остра критика. Најострите критики ги упатувал Бил Мексвини (Bill McSweeney), кој се приклонил кон методолошкиот индивидуализам, тврдејќи дека тоа е единствениот оправдан пристап во изучувањето на идентитетот. Неговата основна забелешка била тоа што Бери Бузан и Оле Вејвер (Ole Waever) го задржуваат објективистичкото сфаќање за идентитетот, кое според неговото мислење не е во согласност со современите социолошки увиди и сознанија.[36]

Клучниот референтен објект во социјалниот сектор на безбедност е колективниот идентитет, кој е можно да се дефинира како збир од идеи и пракса кои одредени поединци ја идентификуваат како припадници на некоја општествена група. Меѓутоа, колективниот идентитет не е статистичка, туку е динамична категорија, која е во постојан процес на редефинирање. Колективниот идентитет кој се смета како загрозен може да биде национален, етнички, верски, родов, сексуален, расен, племенски, цивилизациски или некој друг, кој на голем број на поединци им овозможува да ја замислат заедницата на која припаѓаат. Во современиот свет најмоќни, во политичка смисла, се националните и верските идентитети. Треба да се има предвид дека чувството на загрозеност не е доволен предуслов за успешна секјуритизација на

[35] Barry Buzan, (1998), Ole Waever and Jaap de Wilde, Security: A New Framework for Analysis, Lynne Rienner Publishers, London, p. 221.
[36] Светлана Станаревић, Филип Ејдус, (2009), Појмовник безбедносне културе, Центар за цивилно-војне односе, Београд, стр. 12.

идентитетот. За истата да успее, потребно е секјуритизирачките, односно безбедносните актери да поседуваат доволен симболички капитал.

Во размислувањата за тоа, кој поседува доволно авторитет, на општеството да му укаже на загрозеноста на колективниот идентитет, се доаѓа до заклучокот дека токму недржавните актери се тие кои укажуваат дека државата не се грижи доволно за заштитата на националниот или верскиот идентитет на своите граѓани. Во таа насока, во социјалниот безбедносен сектор, секјуритизирачките актери може да бидат претставници на опозициските организации и движења, верските лидери или национално ориентираните интелектуалци. Специјалните мерки кои се предлагаат или кои се усвојуваат поради заштита на социјалната безбедност, може да варираат од културниот протекционизам, преку забрана за употреба на јазикот, депортација и депопулација, па сè до употреба на сила, убиства и геноцид.

Општествата имаат два начини за да се борат, односно за да се справат со овие закани. Првиот е да го бранат својот идентитет, така што ќе го зајакнуваат или намалуваат влијанието на туѓиот идентитет, и вториот начин е проблемот на социјалната безбедност да го префрлат во политичкиот или во воениот сектор.[37]

Покрај фактот дека еколошката безбедност е прифатена како нормативен концепт, нејзиното значење останало многу комплексно. Според некои автори, под поимот еколошка безбедност се подразбира способност на нациите или општествата да одолеат на оскудацијата на животната средина, ризиците и непосакуваните промени во животната средина или напнатостите и евентуалните конфликти.[38]

Еколошката безбедност може да се дефинира и како релативна безбедност на јавноста од еколошките опасности кои се предизвикани преку природно или човеково делување.[39] Терминот еколошка безбедност, исто така, се користи и за

[37] Филип Ејдус, (2012), Међународна безбедност: теорије, сектори и нивои, Службени гласник, Београд, стр. 32.
[38] Jon Barnett, (2001), The Meaning of Environmental Security: Ecological Politics and Policy in the New Security Era, Zed Books, London, p. 97
[39] Elizabeth L. Chalecki, (2002), Environment and Security: A Case Study of Climate Change, Pacific Institute for Studies in Development, Oakland, p. 45.

означување на проблеми кои ја поврзуваат состојбата на животната средина со интересите на националната и човековата безбедност.[40]

Глобалниот процес на секјуритизација на животната средина започнал уште во шеесеттите години од XX век и трае до денес, при што, посебно значаен историски момент во социјалната конструкција на еколошките закани претставува завршувањето на студената војна и делумната десекјуритизација на воените прашања. Светот, во XX век доживеал голем демографски и економски развој, што предизвикало, свеста за проблемите кои се поврзани со животната средина да почне да се шири, по пат на еколошко движење, од научните кругови на неполитичките структури. Тоа довело до усвојување на многубројни еколошки политики на внатрешно и меѓународно ниво. Во последните неколку децении, благодарение на интензивирањето на проблемите во животната средина, но и на активизмот, доаѓа до постепена секјуритизација на животната средина, односно до третирање на еколошките проблеми како безбедносни проблеми.[41]

Во еколошкиот сектор, клучни се односите помеѓу човекот и природата, а од останатите сектори на безбедноста се разликува по фактот дека во него е многу тешко да се најде референтен објект на ниво на држава, имајќи предвид дека климатските промени не познаваат граници и нивниот домет е главно локален, регионален или глобален, а никогаш национален. Според Бери Бузан, референтен објект во еколошкиот сектор е животната средина, но не како објект на заштита кој е значаен по себе, туку како предуслов за развој на човечката цивилизација.[42] Исто така, не постои усогласен став ниту околу тоа што претставува референтен објект на индивидуално, регионално и глобално ниво, а се посатвува и прашањето дали субјекти на еколошката безбедност се државата, поединците, меѓународните заедници или некој друг. Во почетокот на процесот на секјуритизација на животната средина, после Втората светска војна, секјуритизирачките актери во еколошкиот сектор на почетокот биле епистемичките заедници на стручни лица кои се занимаваат со животната

[40] Светлана Станаревић, Филип Ејдус, (2009), Појмовник безбедносне културе, Центар за цивилно-војне односе, Београд, стр. 45.
[41] Филип Ејдус, (2012), Међународна безбедност: теорије, сектори и нивои, Службени гласник, Београд, стр. 30.
[42] Barry Buzan, (1991), People, States and Fear: An Agenda for International Security Studies in the Post-Cold War Era, Harvester Wheatsheaf, London, p. 92.

средина. Тие им помагаат на носителите на одлуките, но и на пошироката јавност, да ги разберат причините и размерите на комплексните процеси, како што се глобалното затоплување, поттикнувајќи го при тоа усвојувањето на одредени политики.

Важен медиум преку кој се слуша нивниот глас во поширокиот аудиториум се еколошките организации и движења. Важни потези на овие недржавни актери резултирале многу повеќе со политизација, односно со ставање на еколошките прашања на дневен ред, отколку со усвојување на специјални мерки, безбедносни политики и нивна институционализација. До тоа, постепено почнала да доведува секјуритизацијата на животната средина од државните актери. Во последно време и владите почнале да ја секјуритизираат животната средина на внатрешен и меѓународен план, во што во предност се државите кои најмногу се погодени со еколошка деградација и климатските промени. Функционалните актери во еколошкиот сектор се сите оние субјекти кои со своите активност влијаат на динамиката на секјуритизацијата, но во неа не учествуваат како секјуритизирачки актери, како што се компаниите кои ја загадуваат животната средина, но и пазарите на новите, таканаречени чисти технологии.[43]

Во еколошкиот сектор постојат и силни десекјуритизирачки актери, кои се обидуваат да ги убедат луѓето дека еколошката деградација не претставува закана, како што се епистемичните заедници на научници и активисти кои ги порекнуваат климатските промени или негираат дека човекот има пресудно значење врз нив. Помеѓу нив, треба да се разликуваат оние кои тоа го прават од убедување и оние кои тоа го прават од интерес или во име на функционалните актери, односно загадувачите.[44]

Организациите коишто се занимаваат со остварување на безбедноста и одбраната на земјата се организирани во повеќе степени и во голем број насоки во согласност од пошироките општествени интереси и од целите кои се сака да се постигнат. Организацијата на безбедносниот сектор опфаќа мрежа на институции и организации кои на најефикасен начин ја остваруваат

[43] Филип Ејдус, (2012), Међународна безбедност: теорије, сектори и нивои, Службени гласник, Београд, стр. 45.
[44] Филип Ејдус, (2012), Међународна безбедност: теорије, сектори и нивои, Службени гласник, Београд, стр. 45.

одбранбено-заштитната и безбедносната дејност на сите утврдени нивоа и за сите безбедносни потреби.

Безбедносниот сектор станува сè поголем и покомплексен. Оттука, тоа е и голем предизвик а извршната власт и парламентот да ги спроведуваат своите, со устав и со закон загарантирани надлежности за надзор над безбедносниот сектор. Така, се јавува потребата и за вклучување на цивилното општество (академскиот сектор, медиумите и невладините организации) преку неформалните механизми за контрола да вршат надзор на безбедносниот сектор.[45]

### 3. Видови на безбедност

Организацијата и управувањето со безбедносните институции произлегува од нивната конкретизација во одредена ситуација што произлегува од специфичноста и од природата на нивната дејност и специфичноста на нивната работа. Според тоа, организацијата и управувањето со безбедноста се разбира како една симбиоза на активности кои се насочени кон остварување на безбедносната дејност, но и кон оние кои го обезбедуваат нејзиното непречено остварување, па сè до осигурувањето на поставените конкретни цели и резултати од самиот процес. Во основа, теоријата на организацијата на безбедносниот сектор е насочена кон изучување на процесите и согледување на перспективите кои треба да придонесат за ефективен безбедносен систем, со операционализација на нови решенија во организациско-структурниот модел на работа, поефикасно управување со безбедносните процеси итн.[46]

Нивоата за анализа на безбедноста, претставуваат аналитички конструкт, со чија помош сложената целина на интегралната безбедност се дели според размерот – од најмалата индивидуална, која се наоѓа на најниското ниво на анализата, со најголемата, глобална, која се наоѓа на највисокото ниво на

[45] Бакрески О., (2012), Контрола на безбедносниот сектор, Филозофски факултет, Скопје, стр. 208.
[46] Бакрески О., (2008), Контрола на безбедносниот сектор, Филозофски факултет, Скопје, стр. 11.

анализа. Тие овозможуваат ограничената безбедносна динамика на ниво на поединец да се види во голема резолуција, но и за да може на ниво на меѓународен систем во мала резолуција да се согледа подобро големата слика. Со други зборови, нивоата на анализа ја организираат целината хоризонтално, така што секое пониско ниво е содржано во повисокото.

Во литературата најчесто се споменуваат четири нивоа на анализа, индивидуалното или човечкото, националното или државното, регионалното и глобалното ниво.[47]

Иако уште од античкиот период постои уверување дека политичките заедници се должни да ги заштитат своите граѓани, идејата за индивидуалната безбедност, во облик во кој за неа денес се зборува, настанала во деведесеттите години од XX век. Се појавила по завршувањето на студената војна, а благодарение на ООН е популаризирана и од внатрешнополитичкиот, поместена е во меѓународно политичкиот дискурс.

Програмата на Обединетите нации за развој (United Nations Development Program – UNDP) во Извештајот за човековиот развој за 1993 година апелира дека „...концептот на безбедноста мора да биде сменет, така што, наместо на националната безбедност, поголем акцент ќе биде ставен на безбедноста на луѓето, така што, наместо на безбедноста која е остварена со вооружување, акцентот ќе биде поместен кон безбедноста која е остварена со човековиот развој, односно така што, наместо на територијалната безбедност, акцентот ќе биде ставен на безбедноста на храната, вработувањето и животната средина“.[48] Вака дефинираната човекова безбедност, идентификувала седум димензии, кои се прикажани во продолжение на слика 2.

Врз база на наведените седум димензии, може да се заклучи дека човековата безбедност се врзува, како за заштитата на поединецот од насилство, така и за неговиот севкупен развој. Човековата безбедност, во споменатите извештаи и во другите документи кои подоцна се усвоени од страна на ООН, како референтен објект на безбедноста, го препознава човекот, односно граѓанинот

[47] Смиља Аврамов, (2011), „Безбедност у XXI веку”, Зборник радова, Симпозијума о војној науци - СИМВОН, Институт за ратну вештину, Београд, стр. 42

[48] United Nations Development Program (1993), Human Development Report 1993, Oxford University Press, New York, p. 251.

како поединец и заедницата. Државата се оспорува како референтен субјект на безбедноста, а не се идентификува кој има или кој би требало да има таква надлежност, притоа, подразбирајќи дека таа е надлежна за заштитата на човековата безбедност. Слична воопштеност е евидентна и во поглед на субјектот на опасност.

Слика 2. Седум димензии на човековата безбедност




Извор: Филип Ејдус, (2012), Међународна безбедност: теорије, сектори и нивои, Службени гласник, Београд

И покрај наведените нејаснотии, поставен е основ за пошироко сфаќање на човековата безбедност, со која покрај „слободата од страв“, опфатена е и „слободата од немаштија“, што подразбира слобода од сè што може да го загрози човековиот опстанок, секојдневниот живот и достоинството на поединецот.

Концептот на човековата безбедност, покрај фактот што не постоел консензус околу неговото прецизно значење, набрзо се здобил со голем број на

поддржувачи, како на меѓународната политичка сцена, така и кај академската заедница. Меѓутоа, научната заедница не го прифатила овој концепт како универзален, така што нејзините најголеми критики за човековата безбедност се упатени токму од академските дисциплини од студиите за безбедност.

Најчесто, критиките биле дека концептот е сеопфатен, може да се оспорува, и е аналитички бескорисен, дека поттикнува интервенционизам и дека се претворил во догма која само го зајакнува светскиот поредок во кој доминираат силните и моќни држави.

Без разлика на наведеното, нема сомнеж дека станува збор за политички моќен концепт, кој го нашол своето место како во територијата, така и во праксата на човековата безбедност и успеал околу една иста цел, односно околу хуманизација на безбедноста, да собере голем број на држави, меѓународни организации, НВО и истакнати интелектуалци.

Националната безбедност е термин со повеќекратно значење, кое денес се користи за означување на многу поширок поим од изворното значења, бидејќи под истиот, се подразбира посакуваната состојба на безбедноста во една држава, која се постигнува преку елиминирање на внатрешните и надворешните ризици и закани. Во најопшта смисла, подразбира слобода од страв, закани и физичко насилство врз населението, односно врз граѓаните на една држава.[49]

Националната безбедност, набљудувано низ историјата, била неразделиво поврзана со државата и со нејзиниот безбедносен сектор. Меѓутоа, националната безбедност, постепено ја зафатила и политичката, економската, моралната, социјалната, културната и идеолошката сфера, посебно во заедниците на кои им недостига чувството за идентитет и социјална поврзаност. Затоа, националната безбедност треба да се сфати како интегрален поим во кој се обединети два нормативни поими – безбедност на државата и безбедност на општеството, при што, основниот критериум на безбедноста на државата претставува нејзиниот суверенитет, а безбедноста на општеството претставува идентитетот. Низ двата термини се проѕира егзистенцијата на

[49] Бакрески Оливер, (2007), Нови предизвици за безбедноста, Годишник на Полициската академија, Скопје, стр. 90,

државата и општеството, бидејќи државата со губењето на суверенитетот престанува да биде држава, а општеството со губењето на идентитетот престанува да постои како суверена единка.[50]

Иако концептот на национална безбедност е политички многу моќен и припаѓа помеѓу централните концепти на меѓународните односи, не постои согласност за тоа што поточно, односно попрецизно се подразбира под истиот. Голем број на толкувања за националната безбедност, во објективна смисла на зборот, може да се класифицираат на различни начини. Една од класификациите може да биде на нејзините потесни и пошироки одредби, при што, „потесната ја сведува националната безбедност средишната категорија на традиционално сфатениот поим за национален интерес, односно на надворешната безбедност на државата", а поширокиот класификација „воведува и некои други елементи како што се на пример, отсуството на закани, политички, економски и социјални вредности на квалитетот на животот, како и поединци, општествени групи и општеството во смисла на објектот којшто треба да се штити од надворешните закани".[51]

Друга класификација може да биде класификацијата на традиционалните одредби, на современи проширени сфаќања и на „одредби кои по стилот се разликуваат од претходните".[52] Покрај наведените толкувања, дефинициите за националната безбедност би можеле да се класифицираат и според следните критериуми:

- ✓ Во зависност од тоа дали националната безбедност се согледува во објективна или во субјективна смисла на зборот (објективистички и субјективистички);
- ✓ Во зависност од времето на настанување (традиционални и модерни);
- ✓ Во зависност од потеклото на нивните актери (домашни и странски); и

[50] Љубомир Стајић, Радослав Гаћиновић, (2007), Увод у студије безбедности, Драслар партнер, Београд, стр. 25.
[51] Андреја Савић, (2007), Национална безбедност, Криминалистичко-полицијска академија, Београд, стр. 19
[52] Саша Мијалковић, (2009), Национална безбедност, Криминалистичко-полицијска академија, Београд, стр. 85.

- ✓ Во зависност од тоа како претежно се одредува националната безбедност (како состојба, активност, способност, заштитеност и слично).

Кога е во прашање одредувањето на референтниот објект на безбедност, поголемиот дел автори се определуваат за државата, како политичка заедница која е субјект на меѓународното јавно право и меѓународните односи.

Како референтен субјект на националната безбедност, една група автори експлицитно ја наведуваат државата, при што ја сметаат за одговорна и за националната и за глобалната безбедност, додека друга група автори, покрај државата, ги наведуваат и нејзините граѓани и наднационалните безбедносни механизми.

Што се однесува до факторот на загрозување на националната безбедност, најчесто општо се споменуваат внатрешните и надворешните закани, односно загрозувањето одвнатре и однадвор, а поконкретно војна и вооружена агресија, загрозување на независноста, интегритетот, уставниот и правниот поредок и субверзивните активности на надворешните и внатрешните непријатели.

Проблем при дефинирањето на поимот национална безбедност доаѓа до полн израз при идентификацијата на вредностите кои можат да бидат загрозени и при дефинирањето на виталните државни и национални интереси кои треба да ги штитат елементите на системот на националната безбедност. Како вредности кои се штитат, главно се истакнува опстанокот на државата и класичните атрибути на државноста, суверенитетот, независноста и територијалната целокупност на државата, а евентуално и квалитетот на животот.

Различното гледање на поимот национална безбедност укажува на разидувањето во гледиштата на неговото теоретско одредување, но истовремено овозможува избор и преглед на заедничките елементи врз чија основа може општоприфатливо да се дефинира националната безбедност.

Во согласност со тоа, „под национална безбедност може да се подразбере способност на државата самостојно или во соработка со другите држави или организации да ги заштити виталните вредности и интереси на општеството од надворешни и внатрешни облици на загрозување и со тоа да обезбеди општи

услови за непречен политички, економски, социјален и културен развој на општеството и благосостојба на своите граѓани“.[53]

Регионалната безбедност подразбира тежнеење кон отсуство на закани во еден регион. Регион, во најопшта смисла, претставува географски поим кој означува територија или акваторија од средна големина, додека во политичка смисла, претставува група од држави кои ги поврзува географска блискост и одредено ниво на меѓузависност. Постојат бројни обележја и критериуми врз чија основа е можно да се изврши класификација и дефинирање на регионот. Врз база на согледувањата на различните пристапи кон овој проблем во науката за меѓународните односи, се доаѓа до заклучок дека регионите не се политички неутрални, географски објективни категории, туку се променливи и бавни општествени конструкции, кои се зависни од политичките односи на моќта.[54]

Теоретските занемарувања на регионот во периодот на студената војна се делумно оправдани бидејќи суперсилите настојувале да ги контролираат и спречат регионалните тензии, со што би се постигнало избегнување на ескалирање на конфликтите во глобални размери и евентуално избувнување на нуклеарна војна. Причината за воведувањето на нивото на регионална анализа се наоѓа во сѐ покомплексната светска политика и фактот дека динамиката на обрасците за безбедносните односи на регионално ниво не мора пресудно да биде детерминирана со структурата на меѓународниот систем. Овие обрасци на регионална безбедност, Бери Бузан ги нарекол регионални безбедносни комплекси и ги дефинирал како „група на држави чии примарно безбедносни грижи се доволно меѓусебно поврзани за нивните национални безбедности да не можат да се набљудуваат одвоено“.[55]

Во светот денес постојат девет регионални безбедносни комплекси: европски, американски, јужноамерикански, постсоветски, источноазиски, јужноазиски, блискоисточни, централноафрикански и јужноафрикански, како и два

---

[53] Љубомир Стајић, Радослав Гаћиновић, (2007), Увод у студије безбедности, Драслар партнер, Београд, стр. 20.
[54] Филип Ејдус, (2012), Међународна безбедност: теорије, сектори и нивои, Службени гласник, Београд, стр. 51
[55] Barry Buzan, (1983), People, States and Fear: The National Security Problem in International Relations, Wheatsheaf Books, London, p. 225.

комплекси кои се во фаза на формирање: западноафрикански и источноафрикански. Наведеното е прикажано на сликата 3 во продолжение.

Слика 3. Регионални безбедносни комплекси




Извор: Љубомир Стајић, Радослав Гаћиновић, (2007), Увод у студије безбедности, Драслар партнер, Београд

Според концепцијата на регионалните безбедносни комплекси, безбедносните односи во регионот значително се поинтензивни за разлика од односите помеѓу самите региони.

Интензивираната безбедносна соработка во рамките на регионалните безбедносни комплекси предизвикала созревање на анархијата во одредени региони, со што се објаснува настанувањето на големиот број на регионални безбедносни иницијативи. Од половината на XX век до денес, во три големи бранови, настанале преку триесет регионални безбедносни организации.

Генерацијата на регионални безбедносни организации настанати во првиот бран рефлектирала регионална доминација на суперсилите и тензии во меѓународната политика поради нивната изразена воено-политичка конфронтација. Во вториот бран настанале регионалните безбедносни организации поради одговор на поединечните безбедносни закани, регионални економски интеграции и создавање на регионални политички и безбедносни соработки. Преминувањето на биполарниот во униполарен меѓународен систем го иницирал и третиот бран, кој трае до денес, а во кој настанале некои потполно нови организации, како реакција на новонастанатото меѓународно, политичко, економско и безбедносно окружување. Во овој бран, исто така, дошло и до трансформација на дел од постоечките организации, како и до проширување на организациите од студената војна.[56]

Глобалната безбедност претставува тежнеење кон отсуство на закани по целиот свет, односно безбедносна динамика која се одвива на ниво на целиот свет. Безбедноста низ историјата е набљудувана, пред сè, во внатрешнодржавните или меѓудржавните рамки. Меѓутоа, во последната деценија од XX век дошло до значајни промени во меѓународната заедница, како што се завршувањето на студената војна, информативната и комуникативната револуција и развојот на интеграциските процеси, кои го забрзале процесот на глобализација и го поврзале светот во единствен социјален, но и безбедносен простор. Во ваквото окружување, соработката станува важна претпоставка за зајакнување на мирот, стабилноста и демократскиот развој.

И покрај фактот дека процесот на глобализација доведува до сè поголемо изедначување, сепак глобализацијата треба да се сфати како мултидимензионален и асиметричен процес кој како последица може да има и деструктувни појави. Глобализацијата се одвива неизедначено, во различни димензии, како што се економските, воените, правните, еколошките, културните и социјалните и е причина за регионални и локални напнати ситуации и конфликти.

Современиот свет, поради тоа, станал оптоварен со многу неизвесности, а неговата карактеристика во областа на безбедноста е намалување на

[56] Љубомир Стајић, Радослав Гаћиновић, (2007), Увод у студије безбедности, Драслар партнер, Београд, стр. 90.

опасностите од традиционалните воени конфронтирања, како и директно конфронтирање на големите сили и појавата на многу нови но не и воени предизвици, ризици и закани.[57]

Неспорно е дека процесот на глобализација влијае на проширувањето на значењето на новиот поим глобална безбедност во безбедност на планетата Земја. Тоа довело до „критична точка во односот на редефинирање на концептот на безбедноста, бидејќи не постои единствен пристап во дефинирањето на глобалната безбедност кој би бил универзален и прифатлив".[58]

Денес постојат многу дилеми кои го следат феноменот глобализација, а едно од основните прашања е како таа влијае на меѓународните односи воопшто, а посебно на глобалната безбедност, односно на тоа дали глобализацијата ќе го направи светот подобар или ќе биде во функција на тенденциите кои нужно произведуваат поделеност и спротивставеност во светот. Во глобалната анализа за безбедноста, постојат два пристапи – меѓудржавен, кој се обидува да открие како материјалната поделба на моќ во меѓународниот систем влијае на глобалната безбедност и транснационален, кој го нагласува влијанието на глобализацијата на мирот и безбедноста во светот.

Во врска со влијанието на поларизацијата на глобалната безбедност, во рамките на студиите за безбедност, постојат три школи на мислења кои меѓусебно не се согласуваат околу тоа кој од меѓународните системи е најстабилен – униполарниот, биполарниот или мултиполарниот. Кога станува збор за анализата на влијанието на глобализацијата врз глобалната безбедност, исто така, постојат три школи на мислења: глобалистичка, скептична и трансформационалистичка. На едниот крај од спектарот на дебатата се наоѓаат глобалистите кои сметаат дека глобализацијата и сè поголемата економска меѓузависност и интеракција, го прават светот побезбедно место за живеење, а на другиот крај од овој спектар, се наоѓаат скептиците кои сметаат дека државите, како во поглед на внатрешната, така и во поглед на меѓународната политика, и понатаму се главни актери и дека во согласност со тоа,

---

[57] Љубомир Стајић, Радослав Гаћиновић, (2007), Увод у студије безбедности, Драслар партнер, Београд, стр. 91.
[58] Смиља Аврамов, (2011), „Безбедност у XXI веку", Зборник радова, Симпозијума о војној науци - СИМВОН, Институт за ратну вештину, Београд, стр.80.

глобализацијата и практично нема суштинско влијание на меѓународната безбедност.

Помеѓу глобалистите и скептиците, се наоѓаат трансформационалистите кои ги избегнуваат крајностите и сметаат дека глобализацијата ја трансформирала безбедносната агенда, но уште не радикално.

Безбедносната политика на национално ниво ја поставува перцепцијата на власта за заканите за безбедноста на државата и нејзиното население и нејзините одговори на овие закани. Политиката е различна од правила или закони. Закон, на пример, ќе наметне или забрани одредено однесување, додека политиката само ги води акциите за кои е најверојатно да го постигнат саканиот резултат. Тоа значи дека политиката претставува намерен план за акција според кој ќе се раководи извршната власт при носењето одлуки. Развивањето на безбедносна политика вклучува утврдување пристап кон безбедносните прашања, одредување на приоритетот на заканите за безбедноста и донесувањето на најважните одлуки за безбедносниот сектор. Безбедносните политики на национално ниво, кои опфаќаат политики за национална безбедност и посебни политики за институциите, ги третираат и внатрешните и надворешните закани за безбедноста и се развиваат во рамките на меѓународната и регионалната легислатива кон која пристапила државата.[59]

Многу различни актери се инволвирани во правењето на безбедносните политики:[60]

- ✓ Извршната гранка на власта, вклучувајќи ги владините министерства, го иницира процесот за утврдување нови безбедносни политики или за измена на постоечките.
- ✓ Парламентот може да ја одобри, да предложи измени или да ја отфрли безбедносната политика. Во многу демократски држави, парламентот исто така го има последниот збор за буџетот и го набљудува и оценува спроведувањето на безбедносните политики.

[59] Bearne, S. ed all, (2005), National Security Decision-Making Structures and Security Sector Reform, The RAND Corporation, p. 366.
[60] Bearne, S. ed all, (2005), National Security Decision-Making Structures and Security Sector Reform, The RAND Corporation, p. 367.

- ✓ Локалните власти ги опфаќаат државните или обласните власти и градоначалничките канцеларии. Во соработка со локалните институции на безбедносниот сектор, тие можат да бидат клучни спроводници на безбедносните политики на национално ниво.

- ✓ Недржавни безбедносни актери, како највисоките лидери, селските совети или нерегуларните оружени сили, во многу постконфликтни земји и во некои земји во развој се главните актери кои пружаат безбедност и правда. Недржавните безбедносни актери, оттаму, треба да бидат вклучени во процесите на развивање и спроведување безбедносни политики. Организациите на граѓанското општество (ОГО) може да учествуваат во проценката, осмислувањето, спроведувањето и оценката на безбедносните политики.

Слика 4: Прашања што треба да се поставаат при развивање безбедносни политики




Извор: Bearne, S. ed all, (2005), National Security Decision-Making Structures and Security Sector Reform, The RAND Corporation

На сликата 4 прикажана претходно, детално е подвлечен процесот што треба да се следи и клучните прашања што треба да се поставаат при правењето безбедносни политики. Тој може да се адаптира за да помогне во развојот на самата политика за национална безбедност, како и за посебни безбедносни политики за секторите.

# ГЛАВА II. НЕВЛАДИН СЕКТОР

## 1. Поим и дефинирање

Невладините организации се клучни во изградбата на слободно општество во кое се почитуваат човековите права. Истите претставуваат основен предуслов за силно цивилно општество кое ќе ги набљудува владините политики и чекори, како и да ги промовира приоритетите на државата. Невладиниот сектор не треба да биде поддршка ниту на власта, ниту на негова опозиција. Исто така, тоа треба да биде задолжено за сите промени кои се случуваат во општеството, кои отворено ќе се дебатираат и во кои ќе бидат вклучени различни целни групи во земјата. Вклученоста на НВО во јавноста, во насока на поттикнување на јавна дебата е една од примарните цели на овој сектор кој тоа треба да го прави без да биде повикан од страна на иманентните државни чинители. Тие треба да ги повикаат главните чинители во општеството на одговорност, да предупредат, да препорачаат, и да советуваат. Како посредник, и олеснувач на граѓанинот и државата, овој сектор треба да биде гласот на општеството.

На тој начин, невладиниот сектор може да се посматра како алтернатива и нов партнер (но не и конкурент) на државниот сектор во кој луѓето во кризни ситуации се потпираат на сопствените сили. Поради тоа, за невладиниот сектор се говори дека е непрофитабилен и дека е трет сектор кој се наоѓа меѓу државата и пазарот од една страна и семејството од друга страна. Освен тоа, значајно за овие спонтани здружувања на граѓаните во решавање на разни приватни, групни и општествени проблеми е во тоа што се создава мрежа на односи кои се независни од државата кои го сочинуваат цивилното општество и кои истовремено го зголемуваат учеството на граѓаните и нивната одговорност за себе и за општеството во коешто живеат.[61]

[61] Бакрески О., (2012), Контрола на безбедносниот сектор, Филозофски факултет, Скопје, стр. 225.

Постоењето на глобално граѓанско општество составено од поединци и невладини организации (НВО), кое ги повикува владите да преземат одговорност за своите дела е составен дел на современите демократски општества.[62] Оттука, НВО се сметаат како коректив на општествените процеси, ставајќи ги на тест владите и начинот на кој ја управуваат државата, со заложби кон исполнување на демократските вредности кои треба да бидат високо позиционирани на нивните агенди.

Дефиницијата на ОН е широко прифатена таа е концизна и јасна – „невладина организација (НВО) е непрофитна, доброволна граѓанска група, што е организирана на локално, национално или меѓународно ниво за решавање на прашањата за поддршка на јавно добро.“[63]

Имајќи ја превид оваа терминологија, за НВО всушност, се смета организација на широките маси, која има мисија и визија, но и јасно утврдени краткорочни цели, која по структура не е ниту владина, ниту пак корпоративна. Како примери можат да се наведат Амнести Интернешнл, Црвен крст, Транспаренси Интернешнл и многу други.

Други пак, аналитичари сметаат дека НВО се „секоја група на луѓе која има нееднаков редовен и официјален однос и која дејствува колективно, околу тие активности се некомерцијални и ненасилни и не се во име на некоја влада“.

Понатаму, повеќе техничка дефиниција предлагаат Хадсон и Билефелд кои сметат дека НВО се организации кои:

- ✓ обезбедуваат корисни (во одредена правна смисла) добра или услуги, а со тоа остваруваат и одредена јавна цел,
- ✓ не им е дозволено да имаат профит,

[62] P., Ackerman, J., Duvall, (2000), *A force more powerful,* A century of nonviolent conflict, Palgrave, p. 300.
[63] An introduction to Non-Governmental Organizations (NGO) Managemanent – Compliled by Ali Mostashari – Indian Studies Group at MIT, June 2005, p. 97.

- ✓ се доброволни во смисла дека се создадени, одржувани и одредени врз основа на доброволна одлука и иницијатива од страна на членовите на одборот, и
- ✓ ја изложуваат рационално својата заложба која често е базирана на силни идеолошки компоненти.[64]

Хилди Тиген дава поодредена дефиниција, која се однесува на социјални, целни односно НВО како: приватни, непрофитни организации кои имаат за цел да им служат на конкретни општествени интереси со фокусирање на застапувањето и/или оперативните напори за социјални, политички и економски цели, вклучувајќи ја и еднаквоста, образованието, здравјето, заштитата на животната средина и човековите права.[65]

Додека значењето и употребата на терминот НВО многу се дебатира, овој труд го користи најчесто прифатеното разбирање на невладините организации: како независни актери за развој кои постојат надвор од владите и корпорациите, кои работат како непрофитни или имаат непрофитна цел врз основа на волонтерството и обезбедување на услуги или застапување за прашања поврзани за развој на општеството.[66]

Терминот „невладини организации“, или НВО, започна да се користи во 1945-та година поради потребата на Обединетите нации (ОН) во нивната повелба, да направат разграничување помеѓу правата на партиципирање во меѓувладините специјализирани агенции и оние права за партиципирање во меѓународните приватни организации. Според Обединетите нации, практично сите типови на приватни тела можат да се подведат под терминот невладини организации. Тие само треба да се независни од владината контрола, да не ѝ бидат конкуренција на владата во смисла на политичка партија која се бори за власт, да бидат

[64] An introduction to Non-Governmental Organizations (NGO) Managemanent – Compliled by Ali Mostashari – Indian Studies Group at MIT, June 2005, p. 97.

[65] Hildy Teegen, (2014), *The importance of nongovernmental organizations (NGOs) in global governance and value creation: an international business research agenda,* Department of International Business, School of Business, The George Washington University, https://www.researchgate.net/publication/5223115_The_Importance_of_Nongovernmental_Organizations_Ngos_in_Global_Governance_and_Value_Creation_An_International_Business_Research_Agenda (пристапено на 09.09.2018).

[66] Џ. Бејлис., С.Смит., П.Овенс., (2009), *Глобализација на светската политика. Вовед во меѓународни односи,* Скопје, Табарнакул, стр. 15.

непрофитно ориентирани и да не бидат со криминални, противправни и илегални идеали и вредности.[67]

Прецизните дефиниции за тоа што претставуваат невладините организации варираат, а предизвикот за анализирање на феноменот наречен НВО останува тежок. Невладините организации играат различни улоги и заземаат разни форми во рамките на различните општества. Како резултат, НВО, како аналитичка категорија останува комплексна и нејасна. На пример, и покрај фактот дека НВО не се водени од владата, или пак од профитирачки мотиви, сепак постојат одредени НВО кои добиваат високи нивоа на финансии од страна на владата, а други пак генерираат профит кој им овозможува да работат. Што се однесува пак до структурата, НВО, можат да бидат големи или мали, формални или неформални, бирократски и флексибилни.[68]

## 2. Невладините организации како облик на демократско дејствување во современиот свет

Кога интересите отелотворени во општественото движење се развиваат структурно за да формираат слободно присуство во рамките на поширокото институционално опкружување, резултирачкиот ентитет е невладина организација. Не сите општествени движења создаваат НВО; меѓутоа, во некои случаи, преовладувачките институционални контексти кои се залагаат за формализирање на активностите во невладини организации преку правила поврзани со финансирање, пристап до застапеност во процесот на донесување одлуки и зголемен социјален легитимитет. Внатрешните поставувања, формалното формирање на НВО ги ублажуваат значајните пречки за одржување на колективните акции.[69]

[67] An introduction to Non-Governmental Organizations (NGO) Managemanent – Compliled by Ali Mostashari – Indian Studies Group at MIT, June 2005, p. 98.
[68] Nongovernmental Organisations, Definitions and History, David Lewis, Londons School of Economics and Political Science, p. 63.
[69] *The Importance of Nongovernmental Organizations (Ngos) in Global Governance and Value Creation: An International Business Research Agenda (PDF Download Available).* Available from: https://www.researchgate.net/publication/5223115_The_Importance_of_Nongovernmental_Organizations_Ngos_in_Global_Governance_and_Value_Creation_An_International_Business_Research_Agenda, пристапено на 10.12.2018

Развиен граѓански сектор, способен да влијае за создавање независен и непартиски правен систем, има фундаментална улога во поддржувањето на влади што ќе ги почитуваат човековите права без никакви злоупотреби.

Обединетите нации (ОН) настанале како резултат на иницијативите започнати по Втората светска војна со цел градење на мирот и безбедноста, а со Повелбата практично се содржани референците за правата на државите и правата на луѓето со рамките на четири основни цели:

- ✓ Да го одржи мирот и безбедноста;
- ✓ Да развие пријателски односи меѓу државите;
- ✓ Да соработува при решавањето на меѓународните проблеми;
- ✓ Промовирање на почит кон човековите права; и
- ✓ Да биде центар на хармонизирање на делата на државите.[70]

Во повелбата на ОН, во член 71, е наведено дека Економскиот и социјален совет (ECOSOC) треба да се консултира со НВО,[71] што укажува на фактот дека НВО се сериозно не-државен актер во меѓународната политика. Повелбата на ОН ги идентификуваа принципите на суверенитет, независност и немешање во националните надлежностите кои се од фундаментално значење за успехот на организацијата. Така што, државите при нивното вклучување се согласуваат да ги прифатат обврските на Повелбата на ОН, како на меѓународна спогодба со која ги поставуваат основните принципи на меѓународните односи. Повелбата на ОН е многу повеќе од официјален документ кој ги дефинира улогите и овластувањата на врховните органи во Организацијата на ОН, во однос на нејзините придружни служби во системот на државите на ОН. Всушност, таа, исто така и мултилатерален план, основан во политичката теорија за одржување на меѓународните мир и безбедности за промоција на основните човекови права и економскиот и општествениот напредок.[72]

[70] Виоти, П. Каупи, М. (2009), *Меѓународни односи и светска политика. Безбедност, економија, идентитет,* Скопје, Академски печат, стр. 125.
[71] Џ. Бејлис., С.Смит., П.Овенс., (2009), *Глобализација на светската политика. Вовед во меѓународни односи*, Скопје, Табарнакул, стр.92.
[72] Виоти, П. Каупи, М. (2009), *Меѓународни односи и светска политика. Безбедност, економија, иденитет,* Скопје, Академски печат, стр.126.

Имајќи предвид потребата за активно делување на граѓанските организации во безбедносната политика и улогата која ја имаат во современиот свет, Статутот на ECOSOC и начинот на кој се применува опфаќа шест принципи:

1. НВО треба а ги поддржува целите и работата на ОН. Сепак многу ретко има побуни за политички цели на НВО.
2. Официјално, НВО би требало да биде репрезентативно тело, со познато седиште, и вработени кои се одговорни за демократски конференции на кои се креира политиката. Во практика, многу престижни НВО, посебно развојните и еколошките НВо не се членски организации.
3. НВО не може да биде профитабилно тело. Одделни компании не можат да стекнат консултирачки статус, но трговските федерации со комерцијални интереси може да се признаат како НВО.
4. НВО не може да користи или да поддржува насилство.
5. НВО мора да а поддржува нормата на „немешање во внатрешните интереси на државата“. Ова значи дека НВО не може да биде политичка партија, но партиите можат, како и компаниите, да формираат меѓународни федерации. Исто така, НВО кои се занимаваат со човековите права не би требало да ги ограничуваат своите активности на некоја посебна група, националност или земја.
6. Меѓународна НВО е онаа која е создадена преку меѓувладина спогодба.[73]

Јакнењето и зголемувањето на моќта на индивидуите и на граѓанскиот сектор, преку едукација, обука и влијание за зголемување на граѓанската свест, овозможувањето ефективна одбрана на сите категории на права, се основни елементи на програмите за помош коишто се спроведуваат со владите, особено оние насочени кон обезбедување добро управување, градење на институциите, владеење на правото и искоренување на сиромаштијата.

Поврзани се околу 1.500 невладини организации со силни информативни програми за прашања од интерес на ОН со Одделот за јавно информирање. Многу невладини организации (околу 2.700) се активни во областа на

[73] Џ. Бејлис., С.Смит., П.Овенс., (2009), *Глобализација на светската политика. Вовед во меѓународни односи*, Скопје, Табарнакул, стр.80.

Економскиот и социјалниот развој се квалификуваа за консултативен статус со Економскиот и Социјалниот Совет (ECOSOC).[74]

Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) го дефинира граѓанското општество како „доброволен сектор“. Значењето на невладините организации се состои од слободно и формално здружување на поединци кои извршуваат непрофитни цели во општествените движења, религиозните тела, жените и младинските групи, организациите на домородните народи, професионалните здруженија, синдикатите и така натаму.[75]

Граѓанинот, неговите права и интереси, се јадрото на Европската унија, така што идеја за обединета Европа да се обезбеди мирот на континентот, денес веќе е утврдена како основа на процесот на интеграција. Крајната цел на ЕУ е да се изгради ефикасен систем за обезбедување мир, демократија и економски прогрес во државите членки. Меѓу примарните цели на Европската Унија се и унификацијата на човековите и на малцинските права, нивната заштита и унапредувањето. Оттаму, со вклучување во заштитата на човековите, граѓанските организации стануваат фактор во транзицијата на општеството и, со вклучување во демократизацијата на општеството, преземаат активна улога за подготвување на државата да се вклучи во процесот на европската интеграција.

Унијата истовремено презема активни чекори за користење пристапи за учество во дизајнирање на програмите и за приод, за мониторинг и за поддршка за засилување на ефектот од индивидуалните проекти и програми за човекови права. Само непрофитните невладини актери имаат право на грантови од ЕУ. Покрај тоа, *EuropeAid* е контакт точка во Брисел со многуте мрежи, платформи, конфедерации и други организации на граѓанското општество вклучени во донесувањето одлуки во ЕУ. Дијалогот е континуиран меѓу европските институции и граѓанското општество.

Во 2010 година, *EuropeAid* одигра голема улога во справувањето со граѓанското општество со повторното отворање на структурираниот дијалог (претходно наречен Палермо Процес). *EuropeAid* ги постави различните алатки за дијалог

[74] Џ. Бејлис., С.Смит., П.Овенс., (2009), *Глобализација на светската политика. Вовед во меѓународни односи*, Скопје, Табарнакул, стр. 100.
[75] http://www.undp.org/cso/aboutfaq.html, посетено на 11.01.2019

за подобрување на соработката и за споделување на информации за спроведување на развојната помош со граѓанското општество.[76]

Европската унија преку Европската иницијатива за демократија и човекови права (*EIDHR*) постигна ефикасен инструмент за демократизација со која се дава поддршка на невладини организации и главно се осврнува на институционализираниот мултилатерализам, на демократијата и на владеењето на правото, на основните права на човекот и граѓанинот, на почитта кон малцинствата.[77] Во државите каде што граѓанското општество е слабо и на кое му е потребно зајакнување, на пример, по авторитарни или диктаторски режими, локалните граѓански организации можат да добијат поддршката за јакнење на демократизацијата, доброто управување и владеењето на правото, борбата против тортурата и сите видови малтретирање и за меѓународните трибунали и кривични судови, како и сузбивањето на расизмот, ксенофобијата и дискриминацијата врз малцинствата и автохтоните, домицилни народи.

Акцентот за поддршката од страна на ЕУ кон јакнење на демократизацијата, на доброто управување и на владеењето на правото, се вклучени и еднаквото партиципираат сите учесници независно од нивната полова припадност, различните групи (етнички, религиозни) во развојот на плуралистичкиот политички процес. Не помалку значајни се прашањата за слободни и независни медиуми, независен и функционален судски систем, правата на слободно здружување и организирање, поддршката на изборните процеси и мониторинг-активностите на домашните набљудувачи и на набљудувачите од ЕУ.

Меѓународниот центар за транзициска правда[78] е невладина организација која работи за правда во земјите што претрпеле масовни злоупотреби на човековите права под репресија и во конфликт. Центарот работи со жртвите, групите на граѓанското општество, националните и меѓународните организации за да обезбедат надомест за жртвите и да помогнат да се спречи повторно случување на злосторствата. Во работата на оваа организација во текот на 15 години

[76] https://ec.europa.eu/europeaid/civil-society_en, посетено на 28.12.2018
[77] https://ec.europa.eu/europeaid/how/finance/eidhr_en.htm_en, посетено на 11.11.2018
[78] https://www.ictj.org/, посетено на 12.11.2018

искуство во повеќе од 40 земји се обидува да одговори на тешки прашања за тоа што може да се направи во овие ужасни околности да се обезбеди на достоинството на жртвите е призната и почитувана, а се преземаат мерки за да се спречи повторување на повредите. Тие сметат дека обичните луѓе се многу често се жртви на злоупотреби кај национални и меѓународни конфликти особено од страна на репресивните влади. Таквото насилство може да вклучи масовни убиства, принудни исчезнувања, тортура, силување, масовно раселување, присилно регрутирање на деца и огромен број други злосторства. Општествата стануваат уништени, со распаднати институции, кои не можат да им служат на своите граѓани, додека последиците се бавни за идните генерации.[79] Додека голем број на групи кои работат на човековите права да се фокусира на изложување и негирање повреди и злосторствата, фокус е на работа на оваа организација е повторно заедничко градење на темелите на правдата и владеењето на правото.[80]

Како пример на невладина организација која е во функција на демократското дејствување во современиот свет, може да се спомене GLOBSEC. Имено, GLOBSEC е непартиска, невладина организација со седиште во Братислава, Словачка. Една од главните активности е одржувањето на годишниот GLOBSEC, односно Глобалниот безбедносен форум во Братислава (GLOBSEC Bratislava Global Security Forum). Истата, постои од 2005 година. Помеѓу другите проекти се вбројуваат Tatra Самитот, конференција за европски прашања или Шато (Chateau Béla Central European Strategic Forum). Нејзиниот тинк-тенк е наречен GLOBSEC Policy Institute, има широка истражувачка област врз основа на четири столба. Главните резултати се политички документи и анализи на различни теми од областа на меѓународната политика и безбедносните прашања. Од 2016 година, GLOBSEC не е само име на еден од најдобрите форуми на меѓународната безбедност во светот, туку исто така, е име и на правното лице кое е и организатор на форумот.[81]

Од своето основање во 2005 година, Глобалниот безбедносен форум GLOBSEC во Братислава, се одржува секоја година во главниот град на Република

[79] https://www.ictj.org/, посетено на 12.11.2018
[80] https://www.ictj.org/, посетено на 12.11.2018
[81] Secretariat, ATA - (2015-07-06). "GLOBSEC 2015: Central Europe on the map of transatlantic thinking". *ATA - Atlantic Treaty Association*

Словачка и стана еден од првите пет конференции за безбедност во светот. Годишниот форум во 2016 година, беше домаќин на повеќе од 1.000 учесници од 70 земји. Нејзини главни теми се глобалната безбедност, трансатлантската соработка и меѓународните односи. Во текот на својата историја, GLOBSEC е домаќин на повеќе угледни говорници, како што се Дејвид Камерон, Медлин Олбрајт, Андерс Фог Расмусен, Урсула фон Дер Лајен, Мајкл Чертоф, Џон Мекејн, Збигњев Бжежински и многу други.[82]

Организацијата GLOBSEC се базира на традицијата на Атлантската атлантска комисија (SAC), формирана во 1993 година од група словачки дипломати. Целта на SAC беше олеснување на интеграцијата на Словачка во НАТО и Европската унија. Овие цели беа постигнати во 2004 година и една година подоцна, на SAC се приклучи група студенти од универзитетот Матеј Бел во Банска Бистрица, Словачка. Во 2005 година, оваа група, предводена од идниот претседател на GLOBSEC, Роберт Вас, го формираше годишниот GLOBSEC Bratislava Global Security Forum.[83]

Словачката атлантска комисија постепено го прошири својот делокруг на активности и создаде две сестрински организации - тинк-тенк наречен Централен институт за европска политика (Central European Policy Institute - CEPI) и Центарот за европски прашања (Centre for European Affairs - CEA). Во 2013 година беше формиран Самитот на Татра, годишна конференција за европски прашања и економија. Оваа мрежа на организации како последица на тоа беше обединета во под закрила на Советот на централната европска стратегија, со амбасадорот Ратислав Качер, кој дејствува како почесен претседател и Роберт Вас, кој бил извршен директор и извршен потпретседател.[84]

Во 2016 година, на 11-от годишен GLOBSEC форум, Роберт Вас најави дека на целата мрежа позната како Совет на централната европската стратегија, ќе биде ребрендиран како GLOBSEC, со цел за да може преку проширувањето на своите активности да се постигне поголем опфат на земји членки. Тинк-тенк

[82] Secretariat, ATA - (2015-07-06). "GLOBSEC 2015 : Central Europe on the map of transatlantic thinking". *ATA - Atlantic Treaty Association*
[83] Secretariat, ATA - (2015-07-06). "GLOBSEC 2015 : Central Europe on the map of transatlantic thinking". *ATA - Atlantic Treaty Association*
[84] http://www.css.ethz.ch/en/services/css-partners/partner.html/175547, посетено на 09.01.2019

CEPI на тој начин стана GLOBSEC Policy Institute, проширувајќи ја својата истражувачка област. Политичкиот институт GLOBSEC ги организира своите активности околу четири главни програми: енергија, иднина на Европа, европско соседство и безбедност и одбрана.[85]

### 3. Суштина и форми на дејствување на невладините организации

Ефектите на денешницата во која глобализацијата на комуникациите е истите да ги направи физички и финансиски достапни за малите групи луѓе да можат да создадат и да одржат соработка, иако може да бидат разделени илјадници километри. Со тоа е и многу лесно една невладина организација да дејствува транснационално, каде тоа е поедноставно и поефтино. Сепак, не сите се одлучуваат ваков чекор, бидејќи тие варираат од локални организации кои дејствуваат само во мали градови до големи глобални бирократии со присуство речиси во сите земји.[86]

НВО можат да се класифицираат на многу начини според: видовите активности што ги преземаат, според нивната големина нивниот секторски фокус, или од нивните извори на финансирање. НВО од секоја земја може да соработува на четири начини, како:

- ✓ меѓународна НВО,
- ✓ застапничка мрежа,
- ✓ одбор, и
- ✓ управувачка мрежа.[87]

Карактеристична е улогата која ја имаат НВО со проектите кон кои се насочени и ги спроведуваат на терен, така што, можеме да ги категоризираме главно кон три вида на клучни активности:

---

[85] Secretariat, ATA - (2015-07-06). "GLOBSEC 2015 : Central Europe on the map of transatlantic thinking". *ATA - Atlantic Treaty Association*
[86] Џ. Бејлис., С.Смит., П.Овенс., (2009), *Глобализација на светската политика. Вовед во меѓународни односи,* Скопје, Табарнакул, стр. 130.
[87] Џ. Бејлис., С.Смит., П.Овенс., (2009), *Глобализација на светската политика. Вовед во меѓународни односи,* Скопје, Табарнакул, стр. 130.

1. *Традиционалниот протест* или пак активности кои опфаќаат солидарни проекти кои се обидуваат да ги приближат до домовите на граѓаните или често се градени со концептот кампања за мир во домовите;

2. *Институнационалн тек на спроведување на активности,* особено во насока на вклучување засеганти страни и коригирење на одредени механизми во целокупниот процес со цел изнаоѓање на соодветни институционални решенија за проблемот;

3. *Гандиевиот пристап* односно ненасилен активизам, преку кој со ненасилни проекти се одговор на конфликт (ненасилство, барање на вистината и правда).[88]

Во минатото, формална здружена структура, насловена како Меѓународна НВО се создаваше со постојана база, секретаријат и регуларна програма на седници. Меѓународни невладини организации се приватни институции со членови или групи кои доаѓаат од повеќе држави. Примери за невладини организации се Црвениот крст, *Greenpeace* и други.

Со развојот на интернет комуникацијата, со тоа што една НВО ја обезбедува техничката поддршка за комуникација преку е-пошта и заедничка интернет страна. Најпознати такви мрежи се: Коалицијата за Меѓународен кривичен суд и Меѓународната кампања за забрана на нагазни мини, како и повеќе примери на здруженија низ целиот свет кои се обединуваат и постигнаат големи промени против водечките влади. Тие се познати како застапувачки мрежи.

На седниците на меѓувладините организации, НВО може да се комбинираат за одбор. Ова е времена мрежа која е создадена единствено за да се лобира за работите на агендата на одредени конференции.

На крај постојат и управувачки мрежи, создадени од страна на НВО за да го одржат и да го зајакнат правото на учество на НВО на меѓувладина конференција. Тие се разликуваат од застапувачките мрежи одборите во тоа

[88] Edited by: Howard Clark, (2009), *People power: Unarmed resistance and global solidarity*, New York, p. 200.

што тие немаат заеднички политички цели, различни од нивните заеднички интереси да им се овозможи пристап до процесот на креирање политика.[89]

Доколку ги анализираме меѓународните организации воочлив е фактот дека тие се во фокусот на глобалната политика, а глобалната комуникација во голема мера им помага и олеснува нивното дејствување. Владите создаваат меѓувладини организации и транснационалните актери создаваат невладини организации. Владите и транснационалните актери се усогласуваат во тоа што заеднички создаваат хибридни меѓународни НВО.[90] Нивната меѓусебна поврзаност прикажана подолу на слика 5, е причинско последична и во меѓународната политичка сцена нивното делување игра значајна улога.

Слика 5. Транснационално гледиште на меѓународните односи




Извор: Џ. Бејлис., С.Смит., П.Овенс., (2009), *Глобализација на светската политика. Вовед во меѓународни односи*, Скопје, Табарнакул

Транснационалните односи се карактеристични во процесот на глобализација и тие практики функционираат на нивоа, економско, политичко и културно-

[89] Џ. Бејлис., С.Смит., П.Овенс., (2009), *Глобализација на светската политика. Вовед во меѓународни односи*, Скопје, Табарнакул, стр. 99.
[90] Џ. Бејлис., С.Смит., П.Овенс., (2009), *Глобализација на светската политика. Вовед во меѓународни односи*, Скопје, Табарнакул., стр. 57.

идеолошко.[91] Оттаму, соодветното проучување на политичката наука за светските работи не се повеќе „меѓународните односи“ туку транснационалните“ кои вклучуваат сложени екстра – општествени односи меѓу владите, владините и невладините меѓународни организации или невладини ентитети. Невладината интеракција повторно дејствува на државите да создаваат растечко ниво на меѓузависност меѓу нив и на дезинтегративен ефект како што промовира меѓуопштествени групи на светската сцена.[92]

Аналитичарите Хаг и Хароп, прават интересна компарација на опсегот на делување на невладините и меѓународните организации. Имено, тие сметаат дека невладините организации доколку се анализираат како приватни и неофицијални тела им недостасува статусот кој го нудат членството во владите, а меѓународните невладини организации пак имаат помало влијание од меѓувладините организации врз домашната политика. Во вакви услови, невладините организации стануваат значајни учесници како извршители на политиката на меѓувладините организации, особено на Организацијата на Обединетите Нации.[93]

Дејствувајќи како соработници на ОН, невладините организации делумно можат да ја заменат владата, како на пример: НВО го координирале основното образование во северниот дел на Шри Ланка откако таму започнала граѓанска војна во 1987 година. Оттаму, како средство за распределување на помош и за спроведување на заедничка политика, невладините организации се попривлечни за надворешните донатори: тие се поефикасни и помалку корумпирани од домашни влади, а исто така се почувствителни од армиите во однос на локалните политички услови.[94] Овие поенти, Хаг и Хароп ги сметаат за значајни бидејќи оттаму се гледа дека невладините организации значително влијаат во најмалку развиените земји во кои најмногу се дава помош.[95]

---

[91] М., Волтерс, (2003), *Глобализација,* Институт за демократија и цивилно општество, Скопје, стр. 100.
[92] М., Волтерс, (2003), *Глобализација,* Институт за демократија и цивилно општество, Скопје, стр. 101.
[93] Хаг, Р., Хароп, М., (2009), *Компаративна анализа на власта и полиикатa,* Академски печат, Скопје стр. 149.
[94] Хаг, Р., Хароп, М., (2009), *Компаративна анализа на власта и полиикатa,* Академски печат, Скопје, стр. 149.
[95] Кристијан Реус-Смит, (2009), *Политика на меѓународното право,* Нампрес, Скопје, стр. 32.

Низа примери го поддржуваат тврдењето на критичките конструктивисти дека не се само политиката и правото заемно испреплетени, туку исто така се и стратешкото преговарање и моралното резонирање.[96] Ова покажува дека преговарањата се возможни без хегемон, дека идентитетите и интересите на државите можат да се обликуваат од домашната и транснационалната практика на дијалог и дека НВО се значајни за сфаќањето на процесите на дијалогот и легитимноста на мултилатералните договори. Критичкиот конструктивизам обезбедува рационално реконструирање на дијалошките и процедурални барања на легитимен правен ред во модерниот, плуралистички свет кој ги надминува доминантните државно –центристички барања за процедурални права.[97]

Според истражувањето спроведено од страна на универзитетот во Иова, не постои НВО која е апсолутно ослободена од авторитетот на државата бидејќи во крајна линија НВО работат врз основа на правна рамка која ја донесува државата. По завршувањето на Студената војна, бројот на НВО значително се зголеми. Од тогаш се зголеми и интересот за сериозна, системска анализа на односите меѓу државата и НВО. Постои повратна спрега во односите на државата и НВО.[98]

Risse-Kappen (1995) тврди дека структурата на државата, социјалната структура и политичките мрежи се компоненти кои го детерминираат интензитетот на импактот врз политиките од страна на НВО. Тој смета дека внатрешните структури на државата имаат влијание врз карактеристиките на НВО. При фокусот на внатрешната структура, тој инсистира дека „актерите на минување“ како што се и НВО, наидуваат на две пречки кога сакаат да влијаат врз националните политики или националните влади. Прво, тие мораат да добијат пристап до политичкиот систем. Второ, тие треба да придобијат голема поддршка од јавноста. Според неговите аргументи, внатрешната структура детерминира колку ќе биде тешко за НВО да влијаат врз владините политики. Во САД, која е една од најотворените и најплуралистички држави, НВО многу лесно можат да обезбедат пристап до политичкиот систем и многу поефикасно

[96] Кристијан Реус-Смит, (2009), *Политика на меѓународното право,* Кампрес, Скопје, стр. 39.
[97] Кристијан Реус-Смит, (2009), *Политика на меѓународното право,* Кампрес, Скопје, стр. 42.
[98] University of Iowa – Iowa Research Online – Theses and Dissertations- The Unveiled power of NGO's: How NGO's influence states foreign policy begaviors – Youngwan Kim – University of Iowa, p. 66.

да ја убедат јавноста да ги поддржи нивните активности. Спротивно, во авторитарните режими, како што е тој на Кина, НВО имаат многу помали шанси да влијаат врз владините одлуки.[99]

## 4. Улога на невладините организации во застапување и заштита на човековите права и слободи

Борбата за вреднување на човекот и неговото достоинството е составен дел од историскиот развој на човештвото особено по завршување на Втората светска војна, кога се издигаат на ниво на законски права кои ги поседува секое лице, односно секое човечко суштество. Генералното собрание на Обединетите Нации на 10 декември 1948 година ја усвои Универзалната декларација за човековите права,[100] која е основа на меѓународното право во доменот на човековите слободи и права. Одтогаш до денес таа претставува камен темелник и дел од заедничките стандарди вградени во уставите на речиси половина од државите членки на ООН, вклучувајќи го и Уставот на Република Македонија.

Во преамбулата на Универзалната декларација се втемели основните на човековите права како *признавањето* на вроденото достоинство, и на еднаквите и неотуѓиви права на сите членови на човештвото кои се темелат на слободата, правдата и мирот во светот; *сознанието* дека непочитувањето и омаловажувањето на човековите права резултираа со варварски постапки што претставуваат навреда на човековата совест, додека создавањето на свет во кој луѓето ќе ја уживаат слободата на говор и убедување, и ќе бидат ослободени од стравот од војна и сиромаштија претставува најголем идеал на сите луѓе; *свеста* дека е суштествено човековите права да бидат заштитени со закон, а човекот да не биде принуден последен излез да бара во побуната против

[99] University of Iowa – Iowa Research Online – Theses and Dissertations- The Unveiled power of NGO's: How NGO's influence states foreign policy begaviors – Youngwan Kim – University of Iowa, p.66.

[100] The Universal Declaration of Human Rights, United Nations General Assembly in Paris on 10 December 1948 (General Assembly resolution 217 A), http://www.un.org/en/universal-declaration-human-rights/index.html

тиранијата и угнетувањето; *потребата* да се унапредува развојот на пријателските односи меѓу народите.[101]

Во првиот член на Декларацијата се наведува дека: „Сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви по достоинство и права. Тие имаат разум и совест, и треба да се однесуваат еден кон друг во духот на општо човечката припадност", додека вториот член одредува дека „Сите права и слободи наведени во оваа Декларација им припаѓаат на сите луѓе, без оглед на нивните разлики, како што се: раса, боја, пол, јазик, религија, политичко или друго убедување, национално или општествено потекло, сопственост, раѓање, или друг статус".[102]

Концептот на човекови права претставува највисок дострел како општо прифатен систем на вредности на меѓународно и национално ниво. Меѓутоа и покрај нејзиното усвојување пред речиси 70-тина години, во практика речиси нема земја во светот каде во потполност се почитуваат човековите права и имплементацијата на нејзината визија. Декларацијата во голема мерка ги кодифицира правилата на чување на мирот на ОН, кои израснаа низ неговата практика. Таа јасно ги одразува и научените лекции од искуствата на ОН во Југославија и Сомалија.[103] Воените конфликти, недемократските режими и кризните подрачја доведуваат до ситуација во која достоинството на човекот е нарушено, индивидуата станува ранлива, присилено да живее во ропство или сиромаштија, подложена на тортура и други облици на нехумано и деградирачко постапување и казнување, без минимум храна, облека и сместување. Во такви услови, кога се нарушени основните човекови права и слободи, тогаш тешко остварливи се и другите права како економски, социјални и културни кои овозможуваат пристап до минимум образование, медицинска заштита, социјална безбедност кои се од фундаментално значење за живот во достоинство.

Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи потпишана е на 4 ноември 1950 година во Рим, а стапува на сила 1953 откако е

[101] The Universal Declaration of Human Rights, United Nations General Assembly in Paris on 10 December 1948 (General Assembly resolution 217 A), http://www.un.org/en/universal-declaration-human-rights/index.html
[102] The Universal Declaration of Human Rights, Article 1 and 2.
[103] Кристина Греј, (2008), *Меѓународно право и употреба на сила,* Просветно дело, Скопје, стр. 38

ратификувана од страна на 8 земји членки.[104] Во јануари 2011 година, бројот на држави кои се обврзаа да ги почитуваат нејзините услови достигна 41. Заедно со уште 13 протоколи таа покрива широк опсег на основни, граѓански и политички права со кои се прошируваат правата и заштитата во одредени области. Конвенцијата е составена од 59 члена од кои 18 се однесуваат на конкретни права и 41 член со кои се одредуваат механизмите, процедурите и институциите кои ги штитат овие права. Меѓу другото ги штити правото на живот, на заштита од тортура и нечовечки третман, на слобода и безбедност, на праведно судење, почитување на приватниот и семејниот живот и кореспонденцијата на поединецот, на слобода на изразување, совеста и религијата и на слободата за мирно собирање и здружување. Ова, на некој начин го прави европското право за човекови права добар модел. Во членот 1 на секоја држава и наметнува основна должност да им ги признае правата и слободите утврдени со Конвенцијата.

Во обезбедување на исполнување на целите на Европската Унија може да се вклучат и граѓанските организации со активен придонес на сите нивоа. Политиките на државите, како клучни за обезбедување на мирот и за развој на демократијата, треба да бидат насочени кон вклучување на граѓаните во сите области на општественото живеење, врз основа на принципите на еднаквост и недискриминација. Овие принципи, што се комплементарни, треба да се инкорпорираат во сите сфери на општественото живеење, а со еднаквост на граѓаните може да се обезбедат услови за траен мир во државите на Европа. Токму тука може да се лоцира појдовната точка за дејствување на граѓанскиот сектор за развој на граѓанското општество во Република Македонија. Оттаму се и предлозите на науката мирот да се третира како општествен процес, а не само како цел или добри манири.[105]

Од друга страна условите за членство во Европската Унија (ЕУ) јасно се утврдени од страна на Европската комисија и државите кандидатки треба да создаваат и да ги одржуваат стабилни институциите коишто ќе гарантираат

---

[104]Данска, Сојузна Република Германија, Исланд, Ирска, Луксенбург, Норвешка, Шведска и велика Британија.

[105] Ж., Ќосе, (2013), *Придонесот на граѓанскиот сектор во приближувањето на Македонија кон ЕУ*, Граѓански свет, Скопје, стр. 13.
http://www.gragjanskisvet.org.mk/default5f45.html?ItemID=64B6ED1F31EE674C8998C932F1F7A6CA

демократија, владеење на правото, човекови права и почитување и заштита на малцинствата, функционална пазарна економија и способност да се издржи конкуренцијата, како и да бидат способни да се придржуваат кон целите на Унијата. Практично заложбите на членките и државите што ќе се придружат кон Унијата треба да бидат во насока на зајакнување на овие политики.

Приемот на државите ќе биде оценуван согласно почитувањето на демократските принципи и владеењето на правото, можностите за економски развој и способноста за вградување на актите на ЕУ. Почитување на принципите на еднаквост и на недискриминација и заштита на човековите права се основни вредности кои треба да почива демократијата во нејзината плуралистичка форма. Оттука, основен услов за пристапување кон Европската Унија е почитувањето на правата на човекот и владеењето на правото, кои се меѓународни стандарди што треба да се достигнат за да се исполнат условите за зачленување во ЕУ.

Гледајќи ги сите меѓународни документи кои ги штитат условно кажано човековите права се доведува до полемика од потребата на обврзување на државите како услов за почитување на правата кои човекот практично ги поседува со самото негово постоење. Право на „живот, слобода потрага по среќа“ според Декларацијата за независност на САД или како „слобода, сопственост, безбедност и отпор кон обесправеност“ според Француската декларација за правата на човекот и граѓанинот или како 13 – те права признаени во Европската Конвенција за човекови права или пак, како повеќе од триесет права признаени во декларацијата за човекови права на ОН?[106] Се поставува прашањето всушност кои се потребите и интересите на човечките суштества јазикот на човековите права е повеќе договорен отколку описен, бидејќи нема некое определено значење надвор од одредените декларации или конвенции. [107]

Декларациите за човековите права можат да бидат корисни за размислување како спогодби за основните состојби, кои секое општество мора да ги има за да ја утврди легитимноста. Различните општества можат да бидат подобри или

[106] Р., Сорабџи, Д., Родин, (2009), *Етика на војната. Исти проблеми во различни традиции*, Академски перач Скопје, стр. 82.
[107] Р., Сорабџи, Д., Родин, (2009), *Етика на војната. Исти проблеми во различни традиции*, Академски перач Скопје, стр. 82.

полоши, но ако не успеат да се усогласат со одредени минимални стандарди, ако не успеат да им го загарантираат на своите членови задоволството од одреден основни побарувања, тогаш не можат разумно да ја утврдат предноста на нивните членови. Постојат некои основи морални ограничувања за тоа што едно човечко суштество може да направи на друго суштество. Од оваа перспектива може да се воочи дека листата на права кои се појавуваат во декларациите може да се разликуваат како позитивни и негативни права. Како пр. европската конвенција за човекот составена во 1950 година и денес применета во британскиот закон, е речиси целосно ограничена на негативните прва. Од друга страна, Универзалната декларација за човекови права на ОН, не само што ги опфаќа негативните, туку ги опфаќа и позитивните права. Овие политички несогласувања се ограничени да ги потенцираат повеќе се изведуваат од морални и политички погледи.[108]

Најважен придонес на невладините организации е јавното претставување на злоупотребата на човековите права, кое за возврат (понекогаш) води до јавен притисок до владите. Како што покажуваат многу случаи, критиките на невладините организации водат до унапредување на примената на човековите права едноставно кога се поврзани со принудни мерки кои самите не зависат од спогодбите за човекови права.[109]

## 5. Влијание на невладините организации врз безбедносната политика на државите

Влијанието на невладините организации чиј делокруг е следење на безбедносната политика на државите е огромно особено во услови кога имаме растечки подем на тероризмот, акцентирање на етничките и религиозни разлики, територијални претензии, организиран криминал. При тоа доколку се земат предвид и дополнителни варијабли како глобализацијата која носи развиени мрежи, напредни технологии и економски можности на глобално ниво можат да се искористат како алатки на добро организирани мрежи кои

[108] Р., Сорабџи, Д., Родин, (2009), *Етика на војната. Исти проблеми во различни традиции*, Академски перач Скопје, стр. 157.
[109] Џ., Л., Голдсмит, Е., А., Поснер, (2010), *Границите на меѓународното право,* Арс Ламина, Скопје, стр.263.

поттикнати од различни интереси можат да го нарушат мирот и безбедност на граѓаните. Сведоци сме на бројни примери кои недржавните актери имаат широк дијапазон на делување врз прашањата за одржување на мирот, мирното разрешување на конфликти, преговарање во услови на криза се во рацете на овие актери.[110]

Питер Вилентс смета дека главен извор на економска и политичка промена во глобалната политика се транснационалните компании и невладини организации. Транснационалните корпорации стекнуваат влијание преку контролата врз економските ресурси, додека НВО стекнуваат влијание преку поседување на информации, стекнување на висок статус и со ефективна комуникација. [111]

Бројот на невладини организации по втората светска војна е во постојан подем.[112] Нивното делување во денешни услови е карактеристична и остава простор за опсервација, особено поради улогата којашто ја имаат во развиените демократски општества. Активно партиципирање на граѓаните и можноста за детектирање на нивните проблеми од најразлични области, придонесува НВО да преземаат акции преку кои се информираат институциите и другите засегнати за потребата од системски подобрувања (независно дали станува збор за законодавни, институционални, локални и итн.). Слухот за потребите на граѓаните всушност е основната нишка која води почитување на основните демократски вредности. Па оттука, силно граѓанско општество во кое активно партиципатираат граѓаните на сите нивоа во процесите на креирање на политиките го отсликува политичкиот систем и вредностите на кои почива. Во состојба во која владејачката структура воопшто не обрнува внимание на потребите на граѓаните, работата на граѓанските организации е маргинализирана или пак ограничена, каде институциите не се транспарентни и отчетни, станува збор за држава која не ги почитува основните демократски вредности (хибридни општества, авторитарна власт и други облици во посовремени услови). Оттука, начинот на кој владејачката структура ја одржува

---

[110] Lewis, D. (2005). Actors, ideas and networks: trajectories of the non-governmental in development studies, p. 50.

[111] Џ. Бејлис., С.Смит., П.Овенс., (2009), *Глобализација на светската политика. Вовед во меѓународни односи*, Скопје, Табарнакул, стр. 79.

[112] Џ. Бејлис., С.Смит., П.Овенс., (2009), *Глобализација на светската политика. Вовед во меѓународни односи*, Скопје, Табарнакул, стр. 79.

власта и механизмите кои ги користи можат да бидат најразлични, како исклучување на граѓаните од процесите на креирање политики, немање разбирање за нивните потреби, нееднаквост кон правосудните органи, ограничен пристап до медиумите и водење на медиумска пропаганда итн. Во тој случај потребно е да се утврдат следните чекори кои би ги преземале засегнатите граѓани. Карактеристично е дека најчесто активни граѓани се оние кои се засегнати од одреден проблем и кои даваат свој придонес за негово надминување. Меѓутоа, постои и одредена категорија на граѓани кои и покрај тоа што се директно засегнати од случувањата не преземаат никаква акција со која би придонела кон подобрување на нивната состојба.

Невладините организации имаат улога пред сè да ја искористат својата експертиза и подготват краток осврт на проблемот и предложат мерки кои би се преземале. Во таа насока основната цел на формирањето на граѓанското здружение е потребата од заедничко делување. Терминот граѓанско здружување во оваа смисла опфаќа потреба од заедничко преземање на акции, информирање на граѓаните, поттикнување на иницијативи или друг вид на акција која ќе придонесе кон нивно мотивирање за граѓански активизам и вклучување во општествените процеси.

Во овој дел можеме да ги истакнеме начините на кои фокусот, експертизата и инфраструктурата развиени од невладините организации преку нивните активности за човековиот развој и човековите права им овозможуваат да направат уникатен придонес во обезбедувањето човечка безбедност.

Проектните активности на невладините организации се анализирани од низа сегменти меѓутоа тие главно се насочени кон три вида на активности:

- ✓ Најчесто очигледен е традиционалниот протест или пак активности кои опфаќаат солидарни проекти кои се обидуваат да ги приближат до домовите на граѓаните или често се градени со концептот кампања за мир во домовите (како примерите);
- ✓ Институционален тек на спроведување на активности, особено во насока на вклучување засегнати страни и корегирање на одредени механизми во целокупниот процес со цел изнаоѓање на соодветни институционални решенија за проблемот; и

- ✓ Гандиевиот пристап односно ненасилен активизам, преку кој со ненасилни проекти се одговор на конфликт-ненасилство, барање на вистината и правда.[113]

## 6. Невладини организации во Република Македонија

Најважен придонес на невладините организации е јавното претставување на злоупотребата на човековите права, кое за возврат (понекогаш) води до јавен притисок до владите. Зајакнато граѓанско општество е клучна компонента на секој демократски систем и треба да биде препознаено и третирано како такво од страна на државните институции. Според извештајот на Европската комисија за Република Македонија во 2016 година констатирано е дека „не е постигнат напредок во решавањето на минатогодишните препораки. Околината во која дејствуваат граѓанските организации (ГО) е влошена. Националните власти мора да се консултираат и да го вклучат граѓанското општество за да изнајдат излез од кризата, со подобро вклучување на ГО во креирање политики, во законодавен процес и во дискусиите што ќе резултираат со конкретни активности. И владините и невладините актери треба да соработуваат поконструктивно. Државата мора да обезбеди релевантни законски, финансиски и политички рамки за да се обезбеди функционирање на граѓанското општество.[114] Оваа се сериозни забелешки кои укажуваат на системски слабости, притисоци кои го доведуваат во прашање граѓанското здружување како демократска вредност.

Политичката криза во Република Македонија предизвика низа турбуленции кои го загрозија на некој начин демократскиот систем. Актуелните политички случувања во периодот 2015-2017 година, се одразија и врз работата на НВО во Република Македонија кои изразуваа сериозна загриженост и потешкотии во исполнување на своите активности, притисок и постоење на страв.[115] Откако беа објавени серијата скандали за наводно незаконско прислушување со илјадници

[113] Howard Clark, (2009), *People power: Unarmed resistance and global solidarity*, New York, p. 15.
[114] *Извештај за Република Македонија, 2016,* Европска комисија, Брисел, стр. 46.
[115] Извештај во сенка, ЕПИ, стр. 19.

лица во Македонија, ЕУ упати сериозна загриженост за политичката состојба што ја втурна земјата во криза во 2015 година. Од февруари 2015 година, лидерот на опозицијата, објави серија таканаречени „бомби“ или аудио-извадоци, тврдејќи дека 670.000 разговори се снимени тајно од повеќе од 20.000 македонски телефонски броеви.[116]

Меѓудругите прислушкувани лица биле и членови од невладините организации кои јасно и недвосмислено упатуваа критики кон работата на власта. Прислушувањето на граѓански активисти од страна на власта пак укажува на „диктаторски однос на власта кон граѓанското општество“[117], бидејќи постои материјал кој покрива повеќе години и поголем број на луѓе што работат во неколку организации во Република Македонија. Овој податок укажува дека недржавните чинители што би требало да служат како чувари на демократијата, како медиумите и граѓанскиот сектор се со ослабнати и немаат капацитети да спроведуваат контрола на владините институции.[118]

Помеѓу НВО дополнително беше поттикнато незадоволство по одлуката на Претседателот на Република Македонија да ги амнестира поранешниот Претседател на Владата, Никола Груевски, и останатите членови на Владата кои се вмешани во таканаречениот скандал со прислушувањето. Голем број на граѓани и граѓански активисти протестираа на улиците во Скопје и повеќе други градови во Македонија со цел да се повлече ваквата одлука на претседателот. Транспаренси Интернешнл, кое е глобално движење за борба против корупција и неговиот огранок во Македонија побараа оставка од Претседателот Ѓорге Иванов и одложување на закажаните избори за 5 јуни сè додека не биде пречистен изборниот список во обид да се ограничи широко распространетата корупција што ја парализира земјата.[119] Иако имаше големо влијание од страна на меѓународната заедница сепак мора да се укаже дека протестите на граѓаните имаа голем удел во повлекување на одлуката за амнестија.

[116] Извештај во сенка, ЕПИ, стр. 19.

[117] Изјава на Бојан Маричиќ од Македонски центар за европско образование на 08.06.2015 година (достапна на: http://vesti.mk/read/news/5668484/2136713/marichikj-prislushuvanjeto-na-gragjanski-aktivisti-ukazhuva-na-diktatorski-odnos-na-vlasta).

[118] С.,Тасева, (2016), *Национален систем за интегритет. Проценка за Македонија*, Транспаренси Интернешнл- Македонија, Скопје, стр. 30.

[119] http://www.transparency.mk/index.php?option=com_content&task=view&id=1157&Itemid=77, посетено на 15.01.2019

Откако беа организирани бројни и секојдневни протести од страна на граѓаните и граѓанските организации, дел од нив подготвија односно вкупно 146 претставници од 73 граѓански организации, научни работници и независни експерти кои дадоа свој придонес во подготовка *„Blueprint – Предлог за итни демократски реформи“*[120] во јули 2016 година. Имено со овој извештај, граѓанското општество очекува промени во насока на унапредување на состојбите, како во процесот на креирање на политиките, така и во политичкиот процес.

Иако политичката криза постепено и со големо влијание на меѓународната заедница се разрешуваше сепак продолжи негативно искуството со политички основаните контроли на граѓанското општество (т.н. десоросоизација) кои започнаа непосредно по последните парламентарни избори во декември 2016 година, а чија основаност е спорна и претставува форма на институционален прогон врз ГО.

Истовремено, како што е нотирано во извештајот на ЕК за Македонија во 2016 година „може да се забележи политичка поларизација и поделби меѓу ГО кои ја поддржуваат владејачката партија и оние кои се противат на тоа. Некои ГО објавија дека кон нив се водат насочени истраги и прекршување на приватноста од страна на агенциите за спроведување на законот кога не се согласуваат со владата за чувствителни политички прашања. Индивидуални членови беа казнети и однесени на суд по граѓанска непослушност за време на протестите (исто така наречени „шарена револуција“).[121]

Во препораките на специјалниот известувач за ЕК Реинхард Прибе во 2016, забелжано е дека постои „посветеност на неколку НВО кои се занимаваат со промовирање на демократските стандарди, особено поврзани со слободни избори, слобода на медиумите, соодветен надзор над разузнавачките служби и независноста на судството. Овие организации, како и државните институции како Народниот правобранител, Државната изборна комисија или Дирекцијата за заштита на лични податоци можат и треба да имаат централна улога во

[120] http://iks.edu.mk/attachments/article/274/BP_ENG_FINAL_08.07.2016.pdf, посетено на 15.01.2019

[121] *Извештај за Република Македонија,* Европска комисија, Брисел, стр. 201.

надминувањето на тековната криза, со тоа што ќе се осврнат на недостатоците на јавен, транспарентен и конструктивен начин.“[122]

## 7. Карактеристики и структура на невладините организации

Уставот на Република Македонија на граѓаните им го гарантира правото за слободно здружување.[123] Член 20 (слобода на здружување) и член 21 (слобода на мирен собир) од Уставот ја гарантираат слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, говорот, јавниот настап и информациите од јавен карактер. Државата ги ратификуваше релевантните европски и меѓународни правни инструменти со кои се гарантира и се регулира заштитата на слободата на изразување, како што се Европската конвенција за човекови права и Договорот на ОН за граѓански и политички права. Граѓанските организации според легислативата можат слободно да се здружуваат, да застапуваат ставови и да бидат критичари кон власта.

Согласно Законот за здруженија и фондации (ЗЗФ) во Македонија под поимот организација, се смета „секое здружение, фондација, сојуз и организациските облици на странска организација, регистрирани согласно одредбите на овој закон.“ Организациите се основаат „за остварување и заштита на права, интереси и уверувања во согласност со Уставот и закон.“[124]

Основни начела врз основа на која се раководи една организација во Република Македонија се: независност, јавност и транспарентност, непрофитност, непартиско делување, иницијативи во јавниот живот.[125]

Здружение во Република Македонија, може да основаат физички и правни лица, односно најмалку пет лица од кои тројца мора да имаат живеалиште или

[122] Reinhard Priebe, Recommendations of the Senior Experts' Group on systemic Rule of Law issues relating to the communications interception revealed in Spring 2015, https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/news_corner/news/news-files/20150619_recommendations_of_the_senior_experts_group.pdf

[123] Устав на Република Македонија, Службен Весник на Република Македонија бр. 52/1991.

[124] Член 4 (1), Закон за здруженија и фондации, Службен весник на Република Македонија бр. 52/10 и 135/11.

[125] Закон за здруженија и фондации, Службен весник на Република Македонија бр. 52/10 и 135/11.

престојувалиште односно седиште на територијата на Република Македонија.[126] Од друга страна, во членот 4 (2) од законот се наведува дека „се забранува основање на организација ако програмата и нејзиното дејствување е насочено кон насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, поттикнување и повикување на воена агресија и разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост, презема активности кои се спротивни на Уставот или закон и се повредуваат слободите и правата на други лица."

Граѓанските организации согласно законот можат слободно да ги изразуваат и да ги промовираат своите ставови и мислења, да поведуваат иницијативи и да учествуваат во градењето на јавното мислење и во креирањето политики. Здружување на организации може да виде во неколку облици:

- ✓ Две или повеќе здруженија или фондации можат да се здружуваат во сојуз или друга форма на здружување, која може да има својство на правно лице, да се регистрира во согласност со овој закон.
- ✓ Сојузите и другите форми на здружување можат да членуваат или да соработуваат во меѓународни организации и здруженија.
- ✓ Здруженијата или фондациите кои се здружуваат во сојуз или друга форма на здружување, а не се регистрирани во согласност со овој закон, со здружувањето не го губат својството на правно лице.[127]

Во Република Македонија вкупно 3.732 граѓански организации повторно се регистрирале во согласност со обврските утврдени со законот од 2010 година.[128]

Генерално, граѓанското општество има три основни функции:

- ✓ Да ги следи активностите на државата преку улогата „вач-дог" и да притиска за транспарентност и отчетност на државните институции. Така на граѓанското општество се гледа како на механизам за проверка и баланс што е клучен елемент за градење добро владеење.

[126] Член 15, Закон за здруженија и фондации, Службен весник на Република Македонија бр. 52/10 и 135/11.
[127] Член 5, Закон за здруженија и фондации, Службен весник на Република Македонија бр. 52/10 и 135/11.
[128] С.,Тасева, (2016), *Нацинален систем на интегритет. Проценка за Македонија*, Датапонс, Скопје, стр.39.

- ✓ Да обезбеди влезни резултати во процесите на креирање политики и подготовка на закони и да застапуваат за прогресивни промени во општеството. Многу донатори сметаат дека граѓанското општество треба да игра клучна улога во создавање дијалог меѓу избраните претставници и нивните претставници со цел да се вклучат граѓаните активно во процесите на креирање политики.

- ✓ Донаторите прибегнуваат кон граѓанските организации кога не постои волја или капацитет да се работи на одредени прашања од страна на владата. Граѓанските организации се користат за создавање притисок или отворање јавен дијалог за прашања кои не се на агендата или да се заобиколат државните институции кои не сакаат да соработуваат. Во некои случаи, донаторите ангажираат ГО да обезбедат услуги „пилот-проекти“ кои потоа ѝ се нудат на владата.[129]

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) години наназад подготвува анализи и истражувања кои се однесуваат на граѓанското општество во Република Македонија. Имено во нивното истражување „Перцепцијата на граѓанските организации за вмрежувањето“ може да се увидат основните карактеристики на вмрежувањето како облик на здружување. Имено, мрежите се карактеризираат со доброволно здружување помеѓу граѓански организации (во вид на сојузи, платформи, алијанси, коалиции, федерации, алијанси) со цел адресирање заеднички потреби, како и остварување заеднички интереси за постигнување заеднички цели. Целта на здружување на граѓански организации во мрежа може да значи спроведување на активности за остварување на општествена промена како и меѓусебна размена на информации.[130] Мрежите може да бидат неформални или формални. Формалните мрежи најчесто се и регистрирани како посебни правни лица, каде се институционализирани нивните односи, процеси, структурата меѓу организациите во мрежите.[131] исто така може да биде на формален и неформален.

---

[129] М., Остојиќ, А., Фаган, (2017), *Донаторски стратегии и практики за поддршка на граѓанското општество на Западен Балка,* Скопје, МЦМС, стр. 80.
[130] Чаушоска, Ј., Стојанова, Д., (2016), Перцепцијата на граѓанските организации за вмрежувањето, МЦМС, Таксо, стр.15.
[131] Чаушоска, Ј., Стојанова, Д., (2016), Перцепцијата на граѓанските организации за вмрежувањето, МЦМС, Таксо , стр. 16.

Состојбата во Република Македонија од аспект на здружување односно вмрежување на граѓанските организации укажува на податокот дека НВО членуваат во вкупно 60 различни мрежи кои дејствуваат во Република Македонија.[132] Членството во мрежи во Македонија е скоро две третини од анкетираните граѓански организации и ги потврдува наодите од претходните истражувања на МЦМС за вмрежувањето, каде членството на организациите во мрежи е околу две третини.[133]

Графикон 1. Членство во мрежи во Р. Македонија




Повеќе од половина од мрежите се регистрирани и најголем дел од мрежите имаат воспоставено структура, начин на членување и одлучување, повелби и принципи. Правниот статус и степенот на формалноста на мрежите покажуваат дека институционализираноста на мрежите во Македонија е висока.[134]

[132] Прашалникот го одговориле вкупно 128 граѓански организации
[133] Чаушоска, Ј., Стојанова, Д., (2016), Перцепцијата на граѓанските организации за вмрежувањето, МЦМС, Таксо, стр. 28.
[134] Чаушоска, Ј., Стојанова, Д., (2016), Перцепцијата на граѓанските организации за вмрежувањето, МЦМС, Таксо, стр. 30.

Графикон 2. Регистрирани мрежи согласно ЗЗФ(%)




Графикон 3. Формалност на мрежите (%)




Генерално, може да се забележи дека преовладуваат позитивните ставови за ефективноста на мрежите, скоро две третини од организациите сметаат дека мрежите се ефективни. За повеќе од една четвртина од граѓанските организации кои одговориле дека се членки на мрежа, остварувањето на општествени промени е мотив да бидат дел од таа мрежа/и. Од друга страна, членките се мотивирани да бидат дел од мрежа и поради можноста за

промовирање на своите каузи и пораки (21,3 %), како и за размена на информации (20,7 %).[135]

Меѓутоа, околу една четвртина од организациите (22,7 %), кои во моментот не членуваат, во иднина би сакале и планираат да се зачленат во мрежа, а дел од нив се веќе во процес на преговори за приклучување.[136] Преовладуваат позитивните оценки за соработката меѓу членките и мрежите, средната оценка е 7,1, додека повеќе од половина (52,3 %) од организациите кои сè уште не се дел од мрежа во иднина сакаат да се вклучат и да преземаат чекори за вклучување.

Легислативата дава можности за активно партиципирање на граѓаните независно дали ќе учествуваат во неформална група, здружение или пак мрежа. Сепак во практика Македонија се соочи со уназадување на процесот на демократизација, особено преку обидот да се манипулира граѓанското општество. Тоа е нотирано и во Извештајот за Република Македонија во 2016 година, подготвен од страна на ЕК каде се наведени следниве проблеми во граѓанското општество:

- ✓ постоење на ограничена владина посветеност на дијалогот со ГО, особено во нивното вклучување во изготвувањето политики и изготвувањето на законодавството останува недоволно, иако некои други напори беа направени од страна на Секретаријатот за европски прашања.
- ✓ околу 89 ГО изразија сериозна загриженост во врска со процесот за формирање на Совет за соработка помеѓу владата и граѓанскиот сектор, особено поради недостатокот на соодветен консултативен процес и процесот на селекција на претставниците на граѓанското општество.
- ✓ локалната власт продолжи да нема капацитет за соработка со ГО.
- ✓ неадекватниот административен капацитет и недостатокот на средства во владината единица за соработка со НВО ја спречуваат спроведувањето на стратегијата за соработка со граѓанското општество 2012-2017 година.

---

[135] Чаушоска, Ј., Стојанова, Д., (2016), Перцепцијата на граѓанските организации за вмрежувањето, МЦМС, Таксо, стр. 32.
[136] Чаушоска, Ј., Стојанова, Д., (2016), Перцепцијата на граѓанските организации за вмрежувањето, МЦМС, Таксо, стр. 31.

Изготвувањето на акцискиот план за 2015-2017 година сеуште е во тек, и сè уште не е усвоена обврзувачка рамка за стандардизирани правила за државно финансирање на граѓанското општество и распределбата на државните фондови останува недоволна.

- ✓ потполна функционална правна рамка, базирана на законот за здруженија и фондации, сè уште не е воспоставена.[137]

Понатаму, како пример може да се спомене и Женската граѓанска иницијатива Антико, која е основана 1999 година како интеретничка граѓанска иницијатива од страна на лидерки и активистки од женското мировно и феминистичко движење на Р. Македонија. Визијата на оваа граѓанска иницијатива е одржлив мир и развој - граѓанско општество кој обезбедува еднакви можности и ги почитува човековите права на сите граѓани без разлика на нивната полова, етничка, верска и секаков друг вид на различност. Додека пак, мисијата е во формирањето на една динамична, стратешка и лобистичка женска мрежа која ја промовира културата на мирот и изградбата на заедницата преку анимирање, зајакнување и воспоставување на соработка со поединки/ци, граѓански организации и релевантни актери во областа на унапредувањето и заштитата на човековите/женските права, постигнувањето на родовата рамноправност и развојот на мултиетничкото граѓанско општество во локалните заедници на Р. Македонија и пошироко. Антико, нееднаквоста помеѓу мажите и жените и меѓуетничките тензии ги третира како една од главните пречки за развојот на демократијата, мирот и стабилноста во мултиетничките општества во локални и глобални рамки. Затоа, и нејзините цели и активности се насочени кон афирмација на вредностите базирани на родовата рамноправност, мултикултурализам, искоренување на родовото и домашното насилство и поддршка на развојот на граѓанскиот активизам во изградбата на заедницата. Таа, преку тимска работа дава активен придонес во надминувањето на патриајархалните вредности, владеење на правото. Јавно застапува и лобира за креирање и имплементација на политики кои создаваат услови за исти права, можности и одговорности за сите граѓани.[138]

---

137 *Извештај за Република Македонија 2016,* Европска комисија, Брисел.
138 http://www.antiko.org.mk/, посетено на 09.01.2019

Визијата на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија (Комитетот) е општество во кое сите луѓе ги уживаат и практикуваат нивните основни права и слободи и имаат заштита во случај на нивно прекршување или ограничување. Мисијата на Комитетот е заштита и унапредување на човековите права и слободи гарантирани со Уставот на РМ и меѓународните инструменти за граѓанските, политичките и за социјалните, економските и културните права, како и Завршниот документ од Хелсинки од 1975 година и градење на демократски услови во кои тие можат да се практикуваат врз основа на владеење на правото. Мисијата Комитетот ја исполнува преку дејствување во областите: 1. Човекови права 2. Демократија 3. Владеење на право 4. Еднаков третман.[139]

Состојбата на граѓанските организации во Република Македонија во практиката е сосема поинаква со оглед на широката употреба на тужби за клевета и навреда и со оглед на тенденцијата на провладините медиуми активни во етикетирање на критични ГО. Дел од нив се предмет на политички притисок, додека дел од нив се изложени на насилство и нетолеранција, па оние што биле критички настроени кон власта се жигосани како предавници.[140]

## 8. Улогата на невладиниот сектор во превенција на конфликти и градење на мирот

Невладините организации имаат изразито позитивна улога која ја играат во развојот на националната безбедност и за конкретната помош што ја даваат со независни експерти во креирање на безбедносната политика.[141]

Транзициската правда и помирувањето пристап кон систематски или масовни прекршувања на човековите права, кои и обезбедуваат надомест на жртвите и создаваат или ги зголемуваат можностите за трансформација на политичките системи, конфликти и други состојби кои можеби биле во основата на злоупотребите. Пристапот за транзициска правда признава дека постојат две

---

[139] http://www.mhc.org.mk, посетено на 09.01.2019

[140] С.,Тасева, (2016), *Национален систем за интегритет. Проценка за Македонија*, Транспаренси Интернешнл- Македонија, Скопје, стр. Стр. 42.

[141] Бакрески О., (2012), Контрола на безбедносниот сектор, Филозофски факултет, Скопје, стр. 232.

цели во справувањето со наследството од систематска или масовна злоупотреба. Првиот е да се стекне одредено ниво на правда за жртвите. Втората е да се зајакнат можностите за мир, демократија и помирување. За да се постигнат овие две цели, мерките за транзициска правда често комбинираат елементи на криминална, закрепнувачка и социјална правда.[142]

Транзициската правда не е посебна форма на правда, туку тоа правдата приспособена на често уникатните услови на општествата кои се подложени на трансформација од време кога злоупотребата на човековите права може да е нормална состојба. Во некои случаи, овие трансформации ќе се случат одеднаш и ќе имаат очигледни и длабоки последици. Во други, тие може да се случат во текот на многу децении.[143]

Оваа област најпрво се појави во доцните 80-ти и раните 90-ти години од минатиот век, главно како одговор на политичките транзиции што се случија во Латинска Америка и Источна Европа - и тврдењата за неправда направени во текот на овие транзиции. Во тоа време, активистите за човекови права и други беа загрижени за прашањето како ефикасно да се справат со систематските злоупотреби на поранешните режими, но сепак ги зајакнуваат, а не ги попречуваат, политичките трансформации кои се во тек. Со оглед на тоа што овие промени популарно се нарекуваа „транзиции кон демократија“, луѓето почнаа да ја нарекуваат оваа нова мултидисциплинарна област „транзициска правда“ или „правда во време на транзиција“. Преодните мерки за правда, кои беа усвоени, опфаќаа обвиненија, обично од лидери на режимот; иницијативи за кажување на вистината, како што се отворање државни архиви и формирање комисии за вистинска вистина; создавање програми за репарации за жртви; и проверка на јавните службеници, особено (но не исклучиво) припадници на безбедносните сили.[144]

Транзициска правда се развива и е единствен и најголем предизвик во услови во кои и општества се соочуваат со зголемено насилство, поларизирана политиката и слаби институции, каде што единствено со напор и посветеност

---

[142]http://www.un.org/en/peacebuilding/pdf/doc_wgll/justice_times_transition/26_02_2008_background_note.pdf, посетено на 11.12.2018
[143]http://www.un.org/en/peacebuilding/pdf/doc_wgll/justice_times_transition/26_02_2008_background_note.pdf, посетено на 11.12.2018
[144]http://www.un.org/en/peacebuilding/pdf/doc_wgll/justice_times_transition/26_02_2008_background_note.pdf, посетено на 11.12.2018

може да дојде кон надминување на конфликтите во заедници и враќање на довербата во областа на владеењето на правото.

Таков пример на дејствување на граѓанското општество во регионот е всушност РЕКОМ, како регионална комисија за утврдување на фактите за воените злосторства и другите тешки кршења на човековите права извршени во поранешна Југославија, од 1 јануари 1991 до 31 декември 2001 година за која основа ја поддржува иницијативата РЕКОМ. Иницијативата за регионална соработка започна во мај 2006 година, на регионалниот форум „Прво за транзициска правда“, која беше организирана од страна на Центарот за хуманитарно право (Србија), Истражување и документација (БиХ) и Документи (Хрватска). Учесниците, претставници на невладини организации и на здруженијата на семејствата на исчезнатите лица и жртви на пост-југословенските земји, се залагаа за регионален пристап за утврдување на фактите за воените злосторства, врз основа на тоа дека војната се водеше на територии на повеќе држави и дека жртвите и извршителите, во повеќето случаи, повеќе не живеат во иста земја.[145]

Коалицијата за основање на РЕКОМ беше формирана на Четвртиот регионален форум за транзициска правда, 28 октомври 2008 година во Приштина. Во текот на следните три години, коалицијата ги поттикна најобемна општествена дебата организирана досега во овој регион: процесот на консултации во врска со мандатот на РЕКОМ вклучени 6.700 претставници/граѓанското општество, вклучувајќи ги и организациите за човекови права, жртвите, семејствата на жртвите и исчезнатите лица, бегалци, ветерани/војници, затвореници, адвокати, уметници, писатели и писатели, новинари и други истакнати поединци. Преку меѓусебна дискусија учесниците ги изнесуваа нивни предлози и мислења на мандатот на оваа регионална, меѓу-државни органи за откривање и јавното откривање на фактите за воените злосторства и другите тешки кршења на човековите права на жртвите и на сторителите. Содржините од овие дискусии се транспонирани во Предлог-статутот на РЕКОМ, кој потоа бил анализиран од страна на експертска група, за да подоцна биде усвоен од страна на Собранието на Коалицијата, 14 ноември 2014 година.[146] Според Нацрт-

[145] http://recom.link/, посетено на 13.12.2018
[146] http://recom.link/ , посетено на 13.12.2018

статутот, РЕКОМ е меѓудржавна комисија формирана од државите формирани на територијата на поранешна СФРЈ. Ова вонсудско тело ќе ги испита наводите за сите воени злосторства и други тешки кршења на човековите права поврзани со војната; ќе ги наведат сите жртви на војната, како и жртвите на воените злосторства поврзани со војна; ќе собира податоци за кампови и други места на присилно притворање.

Регионалната комисија ќе биде независна од нејзиниот основач. Ќе се финансира од донации. Затоа, Коалицијата за РЕКОМ ги повикува сите земји, наследнички на некогашна СФРЈ, да ја иницираат постапката за основање на Регионална комисија за утврдување на фактите за воените злосторства и другите тешки кршења на човековите права, сторени во периодот од 1991 до 2001 година (РЕКОМ). Коалицијата за РЕКОМ смета дека единствено регионалниот пристап може да обезбеди сеопфатен историски запис за тоа што се случило во минатото, и на тој начин да помогнат во воспоставувањето на одржлив и долготраен мир на просторот на некогашна СФРЈ.[147] Иницијативата за формирање на РЕКОМ е поддржана од повеќе од 580.000 луѓе и 2.050 невладини организации за човекови права од цела поранешна Југославија. Дополнително Иницијативата на РЕКОМ, на Самитот на Западниот Балкан во Трст е ставена во декларацијата на Европската Унија, а со тоа стана и дел од Берлинскиот процес.

РЕКОМ има потенцијал да им помогне на владите во исполнувањето на тие обврски, а Македонија е членка на мрежата презема активности во таа насока. На последната средба со претставници на РЕКОМ и Премиерот на Република Македонија во септември 2017 година. Имено, Премиерот изрази уверување дека владата ќе ја поддржи оваа идеја, затоа што е во согласност со заложбите за градење пријателства, и добрососедски односи, заложби кои владата ги потврдила со повеќе иницијативи во регионот. Поздравувајќи ги напорите на РЕКОМ, и нивната истрајност во спроведувањето на идејата, која трае повеќе од 10 години, премиерот на државата нагласи дека ваквото помирување може да биде само од помош кон остварувањето на поголема соработка на земјите од регионот и отворање на вратите на заедничката иднина.[148]

[147] http://www.crpm.org.mk/?p=13344 , посетено на 13.12.2018
[148] http://vlada.mk/node/13403 , посетено на 13.12.2018

Состојбата во Република Македонија после воениот конфликт се движи во добра насока, меѓутоа постои потреба од точно прецизирање на тоа што всушност се случи во 2001 година – нешто што е основа за процесот на помирување и градење соживот помеѓу заедниците. Двете вистини сè уште постојат, претставуваат отежнувачки околности и заради тоа е потребен сестран пристап кон ова, особено од страна на политичките елити.[149] Од друга страна, освен точно утврдување на фактите околу настаните од 2001, потребна е и доследна примена на Охридскиот рамковен договор, како и повидлива одважност помеѓу сегашните политичари околу надминување на предрасудите поврзани со концептот на меѓуетнички соживот и градење инклузивно општество.[150]

Воедно според други аналитичари трајно помирување и соживот, потребно е да се вклучи граѓанскиот концепт во преамбулата на Уставот, што било предлог за време на преговорите во Охрид во 2001 година. На овој начин, според Рубин Земон ќе се премости етничкиот концепт, со што сите граѓани ќе се чувствуваат еднакви пред законот и системот. Дополнително, за него е важно и да се вложат напори за целосна секуларизација на државата и истиснување на верата во личната сфера на живеењето на граѓаните, а не и нејзино промовирање од страна на државата.[151] Најголем дел од прашањата коишто се отворени за дискусија се однесуваат на влијанието на политиката врз напорите за помирување, потребата од спроведување проценка за потребите, психолошка поткрепа и ресоцијализација на посредните и непосредните жртви од конфликтот, како и околу научното дефинирање и гледиштето на науката околу настаните пред 15 години, како и одржливоста и целисходноста од воведувањето на граѓанскиот концепт во Уставот на РМ.[152]

[149] http://www.crpm.org.mk/?p=14768, Изјава на Благоја Марковски, во рамки на тркалезна маса организирана на 16.12.2015 година во х. Порта (Скопје), од страна на Центарот за истражување и креирање политики во рамки на проектот „Зајакнување и поддршка на РЕКОМ процесот“.
[150] http://www.crpm.org.mk/?p=14768, Изјава на Абедин Зимбери, поранешен пратеник во Собранието на РМ, во рамки на тркалезна маса организирана на 16.12.2015 година во х. Порта (Скопје), од страна на Центарот за истражување и креирање политики во рамки на проектот „Зајакнување и поддршка на РЕКОМ процесот“.
[151] http://www.crpm.org.mk/?p=14768, Изјава на Рубин Земон, во рамки на тркалезна маса организирана на 16.12.2015 година во х. Порта (Скопје), од страна на Центарот за истражување и креирање политики во рамки на проектот „Зајакнување и поддршка на РЕКОМ процесот“.
[152] http://www.crpm.org.mk/?p=14768, посетено на 13.12.2018

Невладиниот сектор, како алтернативен избор на експертиза надвор од безбедносниот сектор е широко прифатен како придонес на ефективната демократска контрола на безбедносниот сектор.[153]

## 9. Контрола на влијанието на невладиниот сектор

Во современи услови дискусијата за влијанието на невладиниот сектор се движи во различни насоки. Од една страна, невладините организации се вклучуваат во таква мрежа на глобални односи вклучително и учество во дипломатија, што владите целосно ја губат својата политичка независност, така што настаните во која и да е област на глобално креирање на политиката можат да се сфатат како сложени системи кои содржат влади, компании и НВО кои дејствуваат во низа меѓународни организации.[154]

Но од друга страна, состојбите во државите со кревки демократии, држави во транзиции состојбата е многу поразлична, влијанието на власта врз невладините организации може да предизвика задушување на системот и пасивно граѓанство кое само ги поддржува владејачките елити. Состојба во која контролата на влијание на извршната власт врз граѓанскиот сектор како состојба се воочи во Македонија во текот на 2015-2017 година.[155]

Развојот на граѓанското општество по осамостојувањето на Република Македонија беше високо на списокот на приоритети на меѓународните донатори. Во тој период граѓанското општество се сметаше како клучен фактор во придвижување на процесот на демократизација преку граѓански активизам. При тоа, до усвојувањето на новиот закон во 2010 година, бројот на граѓански организации изнесуваше 11.350.[156] Анализа објавена во 2011 година од страна на Цивикус го опишува граѓанското општество како „умерено развиено“ во смисла на неговите институции и вредности. Според податоците објавени од

---

[153] Бакрески О., (2012), Контрола на безбедносниот сектор, Филозофски факултет, Скопје, стр. 232.

[154] Џ. Бејлис., С.Смит., П.Овенс., (2009), *Глобализација на светската политика. Вовед во меѓународни односи*, Скопје, Табарнакул, стр. 115,

[155] Џ. Бејлис., С.Смит., П.Овенс., (2009), *Глобализација на светската политика. Вовед во меѓународни односи*, Скопје, Табарнакул, стр. 115.

[156] Стратегија за соработка со НВО (2012-2017). http://www.nvosorabotka.gov.mk/index.php?option=com_docman&task=cat_view&gid=22&Itemid=37

страна на Управата за финансиско разузнавање во врска со 11.350 граѓански организации, нивните буџети се многу мали, а само 5 граѓански организации имаат годишен буџет што надминува 100.000.000 денари (1,6 милиони ЕУР).[157]

Во новиот Извештај подготвен од страна на Прибе во 2017 ги потврдува и сумира, анализите, заклучоците и препораките кои од 2009 многу експери говореа дека станува збор за влошената клима на делување на граѓанското општество.

Ниедна од јавните институции или НВО не треба да биде под притисок додека ги спроведува мандатот или задачите за целосно извршување на нивните обврски. Поради тоа постои значителна потреба од создавање овозможувачка средина за граѓанското општество и подобрување на голем дел од постојните механизми и практики за консултирање на граѓанското општество и за суштинско граѓанско учество, како на основно, така и на ниво на политиките, со што би се зголемило влијанието на институциите и би се унапределе процесите за креирање на политиките.[158]

Доколку го имаме предвид финансирањето на НВО, се отвора простор за сомнежи од аспект на целите и активностите кои ги спроведуваат мора да се земат предвид начините врз основа на кои граѓанските организации ќе бидат финансирани, а при тоа да не бидат профитни. Начинот на распределба на поддршката за граѓанското општество го одредува степенот на влијание кое локалните актери го имаат во развојот и спроведувањето проекти, како и модус операнди на најголем дел од граѓанските организации.[159]

Начините на поддршка на НВО можат да бидат следни:

- ✓ Проектна поддршка - Овој метод на донаторска поддршка е најраспространет, но и најкористен од модалитетите за поддршка на граѓанското општество. Истиот се состои од објавување повици за доделување грантови во одреден износ, наменети за граѓанските организации, на среден (најчесто до 2 години) рок за спроведување

[157] С.,Тасева, (2016), *Национален систем за интегритет. Проценка за Македонија,* Транспаренси Интернешнл- Македонија, Скопје стр. 200.
[158] *"Blueprint – Предлог за итни демократски реформи"*
[159] М., Остојиќ, А., Фаган, (2017), *Донаторски стратегии и практики за поддршка на граѓанското општество на Западен Балка,* Скопје, МЦМС, стр .53.

проекти. Овие грантови најчесто се доделуваат преку повик за доставување предлог-проекти, во кој донаторите идентификуваат одредени приоритети и цели коишто сакаат да бидат постигнати и за кои ГО можат да аплицираат со проекти кои ќе придонесат кон остварување на предвидените цели.

- ✓ Институционална поддршка - Институционалната поддршка се состои од обезбедување повеќегодишна буџетска поддршка на граѓанските организации со цел за спроведување на долгорочните стратешки планови и цели. Наместо аплицирање за финансирање со проекти кои треба да се вклопат во приоритетите одредени од донаторите, ГО добиваат финансиска поддршка врз основа на нивните годишни планови. Во суштина, донаторите ги избираат корисниците врз база на донаторската стратегија и практиките за поддршка на граѓанското општество во Македонија. Оттука, ГО имаат целосна контрола во идентификацијата на приоритетите и спроведувањето на проектите.

- ✓ Поддршка за граѓанското општество преку долгорочни партнерства со локални граѓански организации - Овој модалитет на поддршка, кој прогресивно е исфрлен во регионот, ги вклучува донаторите кои нудат поддршка за ГО, спроведена преку организација во домашната земја, меѓународна организација или приватна консултантска куќа. Овие партнери најчесто имаат долгорочни соработки со локалните граѓански организации. Вообичаената процедура за распределување на средствата се состои во тоа што партнерите заеднички развиваат проекти во соработка со локалните ГО пред да поднесат апликации до донаторите. На пр. СИДА ги спроведе сите свои програми наменети за земјите од Западен Балкан преку своите партнерски организации од Шведска и другите земји. Истото се однесува и на УСАИД и Таксо.

- ✓ Граѓанските организации како партнери во спроведувањето специфични активности – е индиректна поддршка кој е доста распространет и често применуван. Тој подразбира ангажман на граѓанските организации преку нивна вклученост во дизајнирањето или спроведувањето специфични активности кои вклучуваат различни засегнати страни. Имено, или ГО имаат овластувања да спроведат специфични задачи

(истражување, обука, надзор, социјални услуги, координација и сл.), или да советуваат други организации во спроведувањето на проектите со други партнери.[160]

Во Република Македонија граѓанските организации главно работат на проекти и како непрофитни организации, а недостигот на одржливи финансиски ресурси е еден од најголемите проблеми на граѓанските организации во Република Македонија.[161]

Речиси 60% од граѓанските организации за финансиски средства се потпираат на странски организации, на пример, ЕУ е еден од најголемите донатори на граѓанските организации.[162]

Повеќето граѓански организации немаат платен персонал или имаат недостиг на персонал. Во 2012 година имало 1.839 вработени во граѓанските организации, што е намалување во однос на 2006 година, а 88% од граѓанските организации се потпираа на волонтерска поддршка.[163]

Според повеќе анализи во Република Македонија, најголемиот дел од странската помош е насочен кон зголемување на капацитетите на државната администрација и градење „демократско владеење" во кое граѓанските организации играат клучна улога во следењето на активностите на државата, придонесуваат кон креирањето политики и вршат притисок на владата за спроведување на реформите. Како резултат на тоа, развојот на граѓанското општество стана „подредена цел во контекст на градењето на политичкиот и институционалниот капацитет на државите, наместо специфична цел во услови на демократската консолидација."[164]

Постојат случаи на манипулација со граѓанските организации од страна на Владата во корист на нејзините интереси. Исто така, постојат организации што се „продолжена рака на Владата". На пример, неодамна регистрираното

[160] М., Остојиќ, А., Фаган, (2017), *Донаторски стратегии и практики за поддршка на граѓанското општество на Западен Балка,* Скопје, МЦМС, стр. 49.
[161] С.,Тасева, (2016), *Национален систем за интегритет. Проценка за Македонија*, Транспаренси Интернешнл- Македонија, Скопје, стр. 98.
[162] С.,Тасева, (2016), *Национален систем за интегритет. Проценка за Македонија*, Транспаренси Интернешнл- Македонија, Скопје. Стр. 98.
[163] С.,Тасева, (2016), *Национален систем за интегритет. Проценка за Македонија*, Транспаренси Интернешнл- Македонија, Скопје, стр. 98.
[164] М., Остојиќ, А., Фаган, (2017) *Донаторски стратегии и практики за поддршка на граѓанското општество на Западен Балка,* Скопје, МЦМС, стр. 53.

Здружение за духовно обединување на Сетинци, Крушодари и Попадинци од Лерин во Македонија нема вработени, нема средства, ниту интернет-страница, но донира споменици во вредност од милиони ЕУР. Провладините медиуми ги критикуваат граѓанските организации. Граѓанските организации што се финансирани од фондацијата Џорџ Сорос ја критикуваат Владата и тие се вознемирувани од страна на водечката политичка партија и често се напаѓани од медиумите како предавници и државни непријатели. Се случуваат напади на активистите на граѓанското општество и, во такви случаи, вообичаено е државните институции да ја одолжуваат постапката или да не извршат правилна и непристрасна истрага. Активистите од НВО Паркобрани (бранители на паркот) беа притворени. Тие се спротивставија на владините планови за изградба на административна зграда на зелена површина во центарот на градот. Активистите од НВО Плоштад Слобода беа нападнати додека протестираа против изградбата на црква и други објекти на главниот плоштад во центарот на градот. ЛГБТ-центарот беше нападнат, а во медиумите беа објавени хомофобични написи.[165]

Доколку ги земеме предвид двете гледишта, оние кои им забележуваат на граѓанските организации во нивното работење и граѓанските организации кои забележуваат дека имаат ограничен не-демократски простор на делување. Оттука, несомнено потребно е да се вложат дополнителни напори од двете страни (власта и граѓанските организации) за да граѓаните ги воочат бенефитите кои би можеле да ги имаат доколку му дадат поддршка на граѓанскиот сектор.

Критиката кон граѓанското општество во Република Македонија се упатува бидејќи:

- ✓ организациите не секогаш го претставуваат граѓанското општество бидејќи не се насочени кон разрешување на социјалните проблеми и не ги земаат предвид потребите на своите заедници. Голем дел од овие организации се опортунистички основани со цел да спроведат специфични странски проекти и многу често исчезнуваат откако проектите ќе завршат.

[165] С.,Тасева, (2016), *Национален систем за интегритет. Проценка за Македонија*, Транспаренси Интернешнл- Македонија, Скопје, стр. 160.

- ✓ немаат легитимитет, појава на оддалеченост од локалното население и репрезентативност е голем предизвик за граѓанското општество. Раздвоеноста на граѓанското општество од локалната заедница се смета дека е последица на професионализацијата и институционализацијата на многу организации.

- ✓ постои недостатокот од експертиза во специфични области, што претставува важно прашање за граѓанското општество од регионот.[166]

Дополнително, во документот подготвен од страна на НВО т.н. „*Blueprint – Предлог за итни демократски реформи*" се наведуваат неколку препораки за граѓанското учество во процесот на креирање на политиките и во политичкиот процес кои треба да биде подобрено преку:

- ✓ расветлување на институционалниот прогон на претставниците на граѓанскиот сектор;

- ✓ воспоставување независен и репрезентативен совет за соработка со граѓанските организации;

- ✓ воспоставување релевантно (засновано на потребите), транспарентно и одговорно јавно финансирање на граѓанското општество и неговиот развој;

- ✓ донесување Стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка со граѓанскиот сектор во периодот 2018-2021, како и годишни акциски планови, преку процес во кој активно ќе учествува граѓанското општество;

- ✓ зголемување на надлежностите на Одделението за соработка со невладините организации во Генералниот секретаријат и градење на капацитетите во насока на создавање овозможувачка средина за граѓанското општество;

- ✓ гарантирање на учеството на граѓаните во консултативните процеси;

---

[166] М., Остојиќ, А., Фаган, (2017), *Донаторски стратегии и практики за поддршка на граѓанското општество на Западен Балка,* Скопје, МЦМС, стр. 50.

- ✓ измени на соодветните закони, со цел значително да се намалат праговите за референдум, законодавна иницијатива и петиција; да се промени регулативата за независно функционирање на ГО и еднакви можности на ГО;
- ✓ ревидирање на законската регулатива за даночни оптоварувања на здруженијата и организациите (допрецизирање на статусот);
- ✓ овозможување на подобри услови за ангажман во ГО, практика, волонтерство и младинска работа, како и обезбедување правна рамка за правото на мирно собирање, во согласност со меѓународните стандарди, и обезбедување на нејзината ефективна имплементација.[167]

## 10. Доверба на граѓаните во невладиниот сектор

Довербата на граѓаните кон невладините организации во Република Македонија години наназад ја следи граѓанската организација „Македонски центар за меѓународна соработка" (МЦМС). Имено, истражувањето кое го спроведоа во 2013 година укажува дека постои „тренд на умерено зголемување на довербата во граѓанското општество којшто беше евидентиран во 2010 и изнесувало 48,1% споредбено со 2008 (41,7%), продолжува и во 2013 година, каде општо довербата во граѓанскиот сектор за прв пат е мнозинска и изнесува 54,2%."[168]

На поставениот избор на прашањата дали граѓанските организации се изворни иницијативи на граѓаните со цел да се остварат нивните интереси или се финансирани од странски држави и фондации за да ги пренесуваат интересите на тие држави, мнозинството граѓани се определиле за првиот став. Ваквиот избор на граѓаните е значително поместување споредбено со истражувањето од 2010 година. Така, покрај тоа што мнозинство од граѓаните (50,5%) имаат позитивно мислење за мотивите за основање и дејствување на граѓанските

[167] *"Blueprint – Предлог за итни демократски реформи"*, Скопје.
[168] Е., Нурадиновска, А., Кржаловски, Д., Стојанова, (2013), Довербата во граѓанското општество, МЦМС, Скопје, стр. 30.

организации, за овој став во 2010 се определиле значително помал број испитаници, односно 34,3%.[169]

Испитаниците биле запрашани дали сметаат дека граѓанските организации делуваат транспарентно и даваат јавен отчет за својата работа или не го прават тоа. Доминира определбата на испитаниците дека граѓанските организации не делуваат транспарентно и не се отчетни, бидејќи за овој став се изјасниле 44,2%, додека спротивно, дека организациите се транспарентни и отчетни се изјасниле 33,3%. [170]

Довербата на граѓаните во граѓанските организации според потсекторите на дејствување останал непроменет, каде и понатаму организациите коишто се занимаваат со прашањата од областа на децата, младите и студентите, потоа организациите за/на лица со посебни потреби и организациите со фокус на родовите прашања се водечките три потсектори.

Институтот ИРИ во истражувањето спроведено во октомври 2017 година на прашањето кои се мотивите, причините за граѓаните да бидат дел од граѓански организации, 32% сметаат дека тоа поради лични причини, 15% со цел да решат некој конкретен проблем или потреба, 9% со цел да помогнат на други луѓе, 6% со цел да ги остварат целите на организацијата, 5% со цел да влијаат на национални и локални политики, 4% бидејќи имаат време, 4% за да бидат социјално активни, 24% не знаат зошто.[171]

Од друга страна, 50% од испитаниците одговориле дека не се мотивирани да бидат ангажирани во активностите на граѓанските организации, наспроти податокот дека само 4% се мотивирани.

Висок процент, односно 89% од испитаниците одговориле дека не биле ангажирани со одредени активности за да решат социјален проблем во последниве 12 месеци (учество на протест, поднесување на претставка, иницирање или поддржување на електронска претставка итн.).[172] Овој податок

[169] С.,Огненовска, (2015), Извештај за овозможувачката околина за развој на граѓанското општество во Македонија, МЦМС, Скопје, стр. 76.
[170] С.,Огненовска, (2015), Извештај за овозможувачката околина за развој на граѓанското општество во Македонија, МЦМС, Скопје, стр. 76.
[171] Истражување на Ирскиот Републикански Институт, Скопје, слајд 65.
[172] Истражување на Ирскиот Републикански Институт, Скопје, слајд 65.

укажува дека граѓанскиот активизам е на многу ниско ниво, граѓаните не се мотивирани да учествуваат во работата на НВО во Република Македонија.

На прашањето колку граѓаните се запознаени со работата на НВО или граѓански асоцијации во нивните заедници, 41% од испитаниците се изјасниле дека не се запознаени со работата на НВО или слични групи во нивните заедници, 29% не се запознаени со тоа што го работат НВО и кои сервиси ги нудат, 22% се информирани, додека само 8% од испитаниците се изјасниле дека се многу информирани за тоа што работат НВО и кои услуги и сервиси ги нудат.[173] Овој податок укажува дека граѓаните не се запознаени со работата на граѓанските организации и сервисите кои ги нудат.

Од друга страна, постои пропорционалност во зголемената доверба во граѓанските организации и промена во дел од ставовите за граѓанските организации: организациите не се повеќе перципирани како странски „шпиони". За прв пат во 2013 година забележана е дека мнозинство граѓани (50,5%) сметаат дека организациите се основани од граѓаните со цел да ги остварат нивните домашни интереси. Иако во намален процент, сѐ уште ставот дека организациите се средство за остварување на личните интереси на поединци доминира над ставот дека тие се основаат за да остварат општ/ јавен интерес.

Меѓу граѓаните доминира ставот дека политичките партии ги злоупотребуваат граѓанските организации, пред сѐ во форма на присвојување на ставови (43,5%) или се затскриваат зад нив и ги користат како гласноговорници (20,6 %). Малцинство граѓани (17,8%) веруваат дека политичките партии ги почитуваат организациите и ги вклучуваат во донесувањето на одлуките. Зголемување на довербата од општо кон посебно.[174]

Оваа констатација е потврдена и од страна истражувањето спроведено од страна од Транспаренси Интернешнл – Македонија во 2013 година, каде најголем број од граѓаните се согласуваат со тоа дека невладините организации во земјата се основаат за остварување на партиско политички цели или со дека политичките партии дел од своите политики ги остваруваат преку ставање на

[173] Истражување на Ирскиот Републикански Институт, Скопје, слајд 64.
[174] Истражување на Ирскиот Републикански Институт, Скопје, слајд 65.

своите политики во форма на граѓански активизам. Со тоа тие делумно ги остваруваат своите политички агенди, но го политизираат и граѓанскиот сектор и влијаат врз зголемувањето на недовербата кон автентичните интереси на граѓанските здруженија. Со тоа и се зголемува перцепцијата дека некои од граѓанските здруженија се изложени на директна корупција од страна на политичките партии.[175]

Перцепцијата на граѓаните за корупцијата во здруженијата на граѓани е нешто пониска според истражувањето на Транспаренси Интернешнл – Македонија. Како што може да се види од одговорите на прашањето „Општо земено, колку е распространета корупцијата во невладините организации и здруженија на граѓани, дури 50,7% од граѓаните сметаат дека корупцијата е распространета[176] Истовремено, двајца од тројца граѓани веруваат дека постои корупција во невладините организации при доделувањето на средства од централниот буџет или од локалните буџети на општините. Тоа укажува на широко распространетата свест дека со пари од централниот буџет и од буџетите на локалните заедници се финансираат активности за невладини организации според принципот на политичка лојалност или селективност која всушност не е толку во функција на давањето помош за развој на граѓанското општество колку во функција на обезбедување политичка поддршка од тој сектор.[177]

Клучните причини поради кои граѓаните немаат доверба во граѓанските организации и фондации доколку се анализираат спроведените истражувања години station наназад може да се констатира дека е најмногу поради постоење на сомнежи во однос на начините на финансирање особено доколку се финансирани од странски држави и фондации, како и транспарентното и отчетното работење на организациите.

Негативниот тренд и осуда на работата на невладините организации во Република Македонија беше во голема мера актуализира кампањата т.н. „де-соросоизација“ која ги етикетираше оние организации кои примаат

[175] С., Тасева, (2010), *Промовирање на транспарентност и отчетност, Транспаренси Интернешнл- Македонија,* Скопје, стр. 100.
[176] 28,8% од граѓаните сметаат дека има многу корупција, 21,9% од граѓаните или секој петти смета дека таму корупцијата е средно распространета, 17,1% дека корупцијата е мала, додека 13,4% изјавиле дека не знаат дали таму има корупција.
[177] С., Тасева, (2010), *Промовирање на транспарентност и отчетност, Транспаренси Интернешнл- Македонија,* Скопје, стр. 101.

финансиска поддршка преку филантропската организација на Џорџ Сорос дополнително влијаеше за намалување на довербата во НВО. Претходната власт ги обвинуваше невладините организации дека со помош на финансиски средства од странство спроведуваат активности со кој ја рушат стабилноста на државата и се мешаат во нејзиното внатрешно уредување. Исто така, за поголемиот број граѓани сметаат, организациите не работат доволно транспарентно и јавно. Граѓанските организации сè уште „злоупотребувани“ од политичките партии. Ова значи надминување на некои од тврдењата дека организациите се „диригирани“ од странските држави и донатори и дека им служат само на нивните интереси.

Во извештајот на Прибе во 2017 година, се препорачува властите да ги вклучат НВО и нивните претставници во работни групи за развој на политики и да ги поддржат единиците за стратешко планирање во релевантните министерства и други државни органи.[178]

[178] Извештај на експертската група на Рајнхард Прибе во однос на владеењето на правото во Македонија, (2017), Европска комисија, Брисел, стр. 26. (достапно на: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/2017.09.14_seg_report_on_systemic_rol_issues_for_publication.pdf)

# ГЛАВА III. МЕДИУМИ

## 1. Поим и дефинирање

Медиумите се организирани, официјални институции, кои со помош на технички средства (печатени содржини, радио и ТВ-бранови) ги пренесуваат пораките низ времето и просторот и на тој начин, го овозможуваат нивното живеење, односно ја остваруваат нивната цел. Тие, практично се средство преку кое јавноста е присутна насекаде и дознава што е актуелно, но исто така, ја оформува својата перцепција за важни прашања или се обидува да дознае за моменталните политички и општествени проблеми.[179]

Со појавата на националните радио мрежи, весниците и списанијата во дваесеттиот век се создал и терминот масовни медиуми односно медиуми за масовно комуницирање. Главна цел на масовните медиуми е да допрат до огромна маса на публика (милионска) на која, речиси истовремено, ќе можат да им пренесат голем број на пораки. Под поимот масовни медиуми во денешно време се подразбираат: печатени – книгите, весниците, магазините, електронски – радио, аудио и видео снимки, и новите електронски медиуми – мобилните телефони, интернетот и компјутерите.[180]

Иако сите овие медиуми се разликуваат еден од друг по многу параметри, сепак сите ги имаат потребните карактеристиките за да се наречат масовни медиуми. Мас-медиумите можат да се употребуваат за многу различни цели, како на пример за посредување (за бизнис и социјални цели), за забава (традиционално преку изведби на глума и музика, спортски настани, читање на забавни тематики, а со развојот на технологијата при крајот на дваесеттиот век и преку видео и компјутерски игри) или пак за изнесување на јавни соопштенија. Во социологијата, комуникациските теории и психологијата влијанието на мас-медиумите се однесува на, тоа на, кој начин тие влијаат на

[179] Бакрески О., (2012), Контрола на безбедносниот сектор, Филозофски факултет, Скопје стр. 233.
[180] Хаг, Р., Хароп, М., (2009), *Компаративна анализа на власта и полиикатa,* Академски печат, Скопје, стр. 87.

однесувањето и размислувањето на публиката. Тие (мас-медиумите) играат главна улога во формирањето и одразувањето на мислењето на јавноста, поврзувајќи го светот на индивидуалистите.[181]

Во оваа ера на масовните медиуми, доброто познавање на сето тоа што тие ни го овозможуваат често може да претставува клуч за успех и напредок. Голем дел од она што се случува во светот на политиката, економијата, музиката, уметноста, спортот и каде ли уште не, може лесно и детално да го дознаеме во секое време.

Подоцна, ќе се потврди дека медиумските пораки не дејствуваат ни директно, ни самостојно врз мислењата, ставовите и сфаќањата на публиката, туку посредно и во комбинација на бројни фактори. Дезинтеграцијата на масовното општество не создаде маса на осамени поединци без можност со некого да расправаат, туку голем број на нови мали интегрирани, неформални групи, но со влијание врз однесувањето на поединците.[182] Во тие групи, пресудна улога имаат лидерите на јавното мислење кои пораките ги примаат, пренесуваат и толкуваат на другите. Со нивно посредство медиумското комуницирање добива таканаречен двостепен тек (two-step-flow of communication) од медиумите до лидерите на мислењето, а потоа од лидерите до останатите припадници на групата. Токму лидерите имаат поголемо посредно влијание во групата отколку што е непосредното влијание на медиумите.[183]

Општеството, а со него и политиката, се создадени, одржувани и менувани преку процесот на комуникација. Без постојано разменување на информации, ставови и вредности, не би било возможно постоењето на општеството.[184]

Масовните медиуми се методи на комуникација кои може истовремено да пренесуваат информации на голем или потенцијално дури и на неограничен број луѓе и тоа истовремено. Под терминот медиумски канали денес го

---

[181] Михаел Кунчик и Астрид Ципфел, (1998), Вовед во науката за комуникации, Скопје, 1998, стр. 109.
[182] Д-р Весна Шопар, (2011) Јавност и јавно мислење, Универзитет за туризам и менаџмент, Скопје, стр. 19.
[183] Михаел Кунчик и Астрид Ципфел, (1998), Вовед во науката за комуникации, Скопје, стр. 54.
[184] Хаг, Р., Хароп, М., (2009), *Компаративна анализа на власта и полиикатa,* Академски печат, Скопје, стр. 115.

вклучуваме и интернетот, блоговите, книгите, киното, списанијата, весниците, постерите, радиото, телевизијата и веб-сајтовите на интернет.[185]

Проценката на квалитетот на политичката комуникација влезе во групата на основните квалитети на класифицирање на владите. Слободниот тек на информации е еден од неколкуте тестови за одредба и поделба помеѓу либералните демократи, нелибералните демократи и авторитарните режими.[186] Во оваа насока, слободата на изразување е меѓудругото и клучен сегмент со кој медиумската сфера се карактеризира како слободна, ограничена или пак целосно заробена. Доминацијата на медиумите од страна на власта практично укажува на сериозен проблем во објективниот пристап на информирање на граѓаните што е карактеристично за нелибералните демократии. Додека, пак авторитарните режими можеби и воопшто не би дозволиле јавно несогласување во начинот на управување на државата. Оттука, слободата на медиумите е од огромно значење бидејќи доколку се контролирани од страна на поединци тие практично стануваат алатка за одржување на надмоќта и доминацијата на одредени структури на власт независно дали станува збор за нелиберални или авторитарни режими.

На прашањето какво е медиумското влијание на оние кои се изложени на него? Медиумските ефекти во Хаг и Хароп го објаснуваат на следниов начин:

- ✓ Засилување – *кога медиумите ги засилуваат постоечките мненија и убедувања*. Луѓето кои читаат весници го зацврстуваат нивниот веќе постоечки и зацврстени мненија и убедувања (селективна изложеност), ги памтат податоците кои делуваат како поддршка на нивните претходни мненија (селективна интерпретација), додека истовремено ги забораваат информациите кои се во спротивност со нивните постоечки убедувања и верувања (селективни сеќавања).

- ✓ Поставување на агенда – *медиумите влијаат врз тоа што мислиме и за што зборуваме*. Вестите, особено телевизиските, по своја природа имаат збиен карактер, што значи дека мора да постои висока

[185] Хаг, Р., Хароп, М., (2009), *Компаративна анализа на власта и полиикатa*, Академски печат, Скопје, стр. 125.
[186] Хаг, Р., Хароп, М., (2009), *Компаративна анализа на власта и полиикатa*, Академски печат, Скопје, стр.126.

селективност во однос на тоа кои настани ќе бидат медиумски покриени. Медиумската публика нашироко дискутира за настаните кои се објавени додека оние настани кои немаат медиумско соопштение се губат од видното поле на медиумската публика.

- ✓ Врамување - *зависно од начинот на кој од настанот ќе се создаде конкретна медиумска сторија, така ќе бидат истакнати конкретни особени и карактеристично од медиумскиот настан.* Медиумското врамување на одреден настан значи истакнување на одредени аспекти на проблемот и проценување на одреден аспект. На тој начин медиумската публика се охрабрува да ги интерпретира медиумските настани на истиот начин.

- ✓ Поттикнување – медиумската покриеност на одреден настан влијае на кој начин ќе ги интерпретираме и оние настани кој не се директно опфатени. Поттикнувањето значи проширување на влијанието на медиумот и „зад“ конкретен настан. На пример, соопштенијата што се објавуваат на националните медиуми за стапките на криминалот можат да ги охрабрат граѓаните да ги пријавуваат криминалците на локално ниво.[187]

Поимот медиум го подразбира секое средство за комуницирање преку кое може да се пренесува порака или информација од комуникаторот до реципиентот. Медиумот обезбедува пренесување на пораката низ просторот и времето од изворот до примачите. „Масовно комуницирање е процес на пренесување на пораки со посредство со масовни медиуми од изворот до неброената маса реципиенти“.[188]

За да може да се оствари масовно комуницирање потребно е да постои и масовен медиум кој ќе изврши дифузија на пораката, односно информацијата од изворот до масовната публика. Во масовните медиуми, како канал за пренос на пораките, спаѓаат: печатот, радиото, телевизијата и интернетот. Сите овие медиуми имаат специфични техничко-технолошки својства со кои ги дифузираат приспособените пораки.

[187] Есер, Ф. Феч, Б: (2009), Споредување на политичката комуникација: теории, случаи и предизвици, Академски печат, Скопје, стр. 99.
[188] Груевски, Т, (2007), Односи со јавноста, Студиорум, Скопје, стр.51.

Улогата на масовните медиуми во создавањето и јакнењето на јавното мислење е голема. Уште поголема е улогата на слободниот и независниот медиум во процесот на демократизацијата бидејќи придонесува да се зголеми правото на слобода на изразување и мислење. „Во современите општества, достапноста до информации е критична за квалитетот на донесувањето  одлуки од страна на граѓаните и законодавците“[189]

Со порастот на масовните медиуми и нивната способност да пренесуваат информации и пораки на цели популации истовремено суштински се менува и самата комуникација. „Сè поголемиот дострел на електронските медиуми, комбиниран со зголемената уверливост на новинарите и со комерцијализацијата ги направиле медиумите сè повеќе основна општествена институција, до значителен степен поместувајќи ги традиционалните организации на граѓанското општество како основно средство со кое поединците се поврзани со поширокиот општествен  и  политички  свет“.[190]

## 2. Современите трендови кај медиумите

Очекувањата дека медиумите ќе имаат водечка улога во креирањето на демократската инфраструктура во посткомунистичките општества, од почетокот се покажаа како доста нереални. Неопходна потреба за таква позиција на медиумите е „раскинување“ на односите на медиумите со државните структури и ослободување на медиумот од статусот на механизам во служба на партиите, класите и други групи, кој самиот по себе претставува долг и бавен процес. Во повеќето посткомунистички земји, најконзервативниот фактор на масовната комуникација кој го опструира овој процес се покажа дека е политичката моќ. Сепак, во повеќето земји, реконструкцијата на системот на медиумите ја надмина фазата на воспоставување на правни гаранции за автономијата на медиумите.[191]

[189] Есер, Ф. Феч, Б: (2009), Споредување на политичката комуникација: теории, случаи и предизвици, Академски печат, Скопје, стр. 112.
[190] Есер, Ф. Феч, Б., (2009), Споредување на политичката комуникација: теории, случаи и предизвици, Академски печат, Скопје, стр. 114.
[191] Бакрески О., (2012), Контрола на безбедносниот сектор, Филозофски факултет, Скопје, стр. 233.

Повеќето организации имаат различно искуство со новинарите и медиумите. Често пати, разни активности, проекти на некои организации или субјекти се лошо разбрани или погрешно презентирани. Денес живееме во време на масовни медиуми. За се она што се случува околу нас, во светот кој не опкружува дознаваме од медиумите. Секоја организација е тесно поврзана со медиумите, преку специфични меѓузависни односи. Сето она што се пишува во медиумите е значаен извор на информации за секоја организација, за секој субјект. Медиумте се клучно средство за презентирање на гласот на секоја организација т.е. субјект. Преку медиумите тие градат мостови до целната група, поддржувачите, клиентите, спонзорите итн. Медиумите имаат силно влијание. Претставниците на медиумите, новинарите, колумнистите, нивните уредници влијаат на секој оној кој го консумира соодветниот медиум и на тој начин влијаат и на создавање на мислење. Познато е тоа дека медиумите можат да бидат нечиј најголем непријател или пак најголем сојузник при постигнување на сопствената цел.

Масовните медиуми се најважниот елемент во работата на PR бидејќи со нив ги остваруваат односите со јавноста. Средствата за масовно комуницирање остваруваат повеќе функции: информативна, рекреативно – забавна, културна итн.[192]

Односите со медиумите се состојат од безброј активности преку кои организациите и нивните претставници комуницираат со медиумите, информираат, убедуваат, разговараат и преговараат со новинарите и уредниците; даваат повратна информација од извештаите, прашањата и иницијативите на медиумите, на индиректен начин ги адресираат специфичните читатели и гледачи на медиумите, обезбедуваат притисок од јавноста врз одредени личности и институции.

Примери на еднонасочна комуникација со медиумите, преку испраќање на соопштение за јавноста или одбивање комуникација при случај на непријатни прашања од страна на медиумите, не спаѓаат во дефиницијата за односи со медиумите. Исто така секоја дружба со новинарот не значи дека постои изграден однос со медиумите. Односите со медиумите поминуваат низ долгорочен процес на размена на информации и пораки, постојана

[192] Михаел Кунчик и Астрид Ципфел, (1998), Вовед во науката за комуникации, Скопје, стр. 76.

професионална соработка, почитување и следење на заедничките цели и интереси. Од ова може да се заклучи дека станува збор за односи со медиумите доколку постои двонасочна комуникација; стратешка, систематска, ефикасна и одговорна комуникација проследена со долгорочна соработка.[193]

Едноставна дефиниција која е изнесена во книгата на авторот Груевски е „односите со медиумите се занимаваат со тоа што луѓето мислат за нас или би можеле да мислат, врз основа на информациите што им ги нудат мас – медиумите“.[194]

Медиумите се компании кои покрај останатото произведуваат вести и стории. Една од најважните активности на медиумите е новинарството кое како професионална активност се состои од собирање, избор, проверка, анализа, пишување, дистрибуција на вести итн. Главна задача на новинарството е да обезбеди вистинито и објективно информирање во интерес на јавноста, обезбедувајќи мислење од сите вклучени страни и презентирајќи различни ставови за некое прашање. Новинарството не е маркетинг. Маркетингот за разлика од новинарството подразбира платена информација, платен медиумски простор и време во корист на одредени клиенти кои плаќаат за нивните медиумски пораки. Целта на новинарите не е да им отежнуваат на луѓето и да пишуваат лоши вести за нив, туку да собираат, проверуваат, анализираат и толкуваат информации од разни извори. Медиумите и новинарите покрај функција на информирање имаат и други функции како на пример: да ја развиваат свесноста, да влијаат на јавното мислење, да вршат едукација, да обезбедуваат забава за своите консументи.

Иако медиумите имаат заеднички карактеристики тие сепак се разликуваат меѓу себе. Известуваат за настаните и подготвуваат вести на различни начини во однос на временскиот интервал, темите, областа на информирање, во однос на различните ефекти од публикуваните или објавените вести.

Комуникација со медиумите секогаш треба да се базира на професионалност, соработка и љубезност кон медиумите и нивните новинари.

---

[193] Клајд Вилкокс и Барбара Норандер, (2002), Разбирање на јавното мислење, Вашингтон, стр. 200.

[194] Груевски, Т., (2007), Односи со јавноста; “Студориум“, НИП “Студентки збор“; Скопје, 154.

Конференцијата за печат уште се нарекува и прес – конференција. Претставува современ облик на контакт меѓу новинарите од печатот, радиото и телевизијата и агенциите и службените лица претставници на угледни личности во општеството преку што јавноста се известува за некој настан, појава, процес, проблем. Таа претставува медиумски настан на кој говорникот официјално ја пренесува својата порака и одговара на прашањата на медиумите.[195]

Постојат две причини зошто се свикува конференција за печат. Едната е практична – собирањето на различни новинари и медиуми на едно место штеди време и ресурси со оглед на тоа дека не мора да се одговара на многу телефонски повици и да се даваат различни изјави. Втората причина е тоа што самото закажување на прес – конференцијата често дава значење на случувањата кои претходно не привлекувале внимание на новинарите.[196]

Еден од највообичаените начини за промоција на вестите и активностите е организирање и одржување конференција за печат. Таа се свикува само доколку оној што сака да соопшти или информира, има да соопштите нешто уникатно и важно, да каже нешто ново, или за да се одговори (реагира) бргу на некоја голема вест, а не постои можност ниту време за да се реализира обраќање на секој медиум одделно. Користењето на конференција за печат како комуникациска врска со јавноста е едноставно, евтино и многу ефикасно. Таа овозможува одговарање на прашањата на новинарите и можност за отворено да се проговорите за некои клучни теми и настани.

Од голема важност е и тоа дека е потребно, вестите коишто треба да бидат пренесени до јавноста, да бидат артикулирани прецизно и на интересен начин. Според ова, важно е да се одбере соодветен момент за да се организира конференција за печат (на пример, на почетокот или на крајот на важен проект, наведување на значителни постигнувања, резултати, кризни ситуации итн.) како и добро одбрана локација за конференцијата за печат со цел да се поттикне интересот на медиумите. [197]

[195] Клајд Вилкокс и Барбара Норандер, (2002), Разбирање на јавното мислење, Вашингтон, стр. 154.
[196] http://sh.wikipedia.org/wiki/Pres-konferencija, посетено на 11.01.2019
[197] Клајд Вилкокс и Барбара Норандер, (2002), Разбирање на јавното мислење, Вашингтон, стр. 154.

Целта на конференцијата за печат е да се запознаат медиумите со како што беше погоре кажано со одредени проблеми, активности, акции кои ги преземале или имаат намера да ги преземат пример, политичките партии, некоја институција, владата, некој поединец и т.н. Нив најчесто ги водат портпаролите на владата, на политичките партии итн.

Пред да се организира конференција за печат, потребно е да се размисли дали е навистина неопходно да се закаже или пак е подобро да се информира со изјава преку соопштение за печат, проследено со телефонски повици. Исто така пред да се донесе одлука за свикување на конференција за печат, треба не само да се размисли за содржината (кој ќе зборува, што ќе каже и колку ќе трае) туку и да се земе и предвид дека е важен форматот (каде ќе се одржи конференцијата и како ќе биде организирана, колку медиуми ќе поканите).[198]

Конференцијата за печат не треба да наликува на предавање. Во зависност од бројот на говорниците, треба да се ограничат нивните презентации на разумен временски интервал, оставајќи доволно време за одговарање на прашањата на новинарите. Ако е потребно, треба да се обезбеди и превод, а соопштените за печат и другите материјали да бидат напишани на повеќе од еден јазици во зависност од публиката (локални јазици или странски јазици доколку има странски гости или новинари).[199]

## 3. Политичката комуникација

Политиката во модерната држава и мас-општествата е повеќе невозможна без мас-медиумите. Поинаку отколку во античка Атина, луѓето повеќе не можат да се соберат на *Агора*, за да дискутираат за претстојните одлуки.[200]

Политиката се пренесува преку мас-медиумите. Она што го знаеме за политиката на нашата земја, во основа го дознаваме преку радио, телевизија и

[198] Gruning James, et al. (1984) Managing public relations, Holt, Chicago, p.390.
[199] Клајд Вилкокс и Барбара Норандер, (2002), Разбирање на јавното мислење, Вашингтон, стр. 161.
[200] Клајд Вилкокс и Барбара Норандер, (2002), Разбирање на јавното мислење, Вашингтон, стр. 162

весник. Од таа гледна точка на медиумите им се припишува централна улога во интермедијарниот систем.[201]

Здруженијата и партиите се занимаваат со работа со јавноста, тоа значи, тие се обидуваат да ги употребуваат медиумите во одредена насока. Тука уште еднаш се покажува колку деловите од интермедијарниот систем се тесно испреплетени и насочени едни кон други.

Демократијата живее од борбата на мислењата. Таа има потреба од социјална клима, во основа земено, во сите општествени области, во семејството и училиштето исто како и во сојузите и претпријатијата, клима што дава поволни услови за дискутирање на различности во размислувањата. Претставувањето на сопствени мислења треба да се трпи и поттикнува исто како и прашањата „Зошто“ и „Како“. Не упатства дадени без претходна дискусија или образложение, туку разумни аргументи треба да го определат дејствувањето, кое никогаш не смее да биде лишено од општа критика.[202]

Непосредно е расветлено дека едно такво духовно соочување треба јавно да се изврши. Малку ќе и послужи на опозицијата ако ја помести својата критика на владата зад затворени врати. Нејзините аргументи остануваат без никакво влијание, бидејќи опозицијата може да изврши притисок само ако преку јавна критика на владејачите влијае врз избирачот. Дури кога се заканува опасна изборна одлука за позицијата на владата, таа сериозно ќе ги сфати приговорите на опозицијата, а избирачот и фактички ќе може да ја исполнува својата функција на судија меѓу владата и опозицијата. Бидејќи избирачот е вистинскиот адресат во борбата меѓу партиите, сите партии мораат да можат да стигнат до него. Претпоставка за една разумна опозиција е оттаму шансата за слободно јавно претставување на сопственото убедување. Во спротивно и владата и владината партија се притиснати во својата позиција, преку дела да дејствуваат на формирањето на јавно мислење во насока на нивните сопствени претстави и убедувања.

[201] Хаг, Р., Хароп, М., (2009), Компаративна анализа на власта и политиката, Академски печат, Скопје, стр. 98.
[202] Клајд Вилкокс и Барбара Норандер, (2002), Разбирање на јавното мислење, Вашингтон, стр. 170.

Функцијата на контролата, критиката и поттикот не е пренесено само на парламентарната опозиција, туку во основа е предадена на целата јавност, каде се формира јавното мислење. Јавно, притоа, најпрво значи дека секој може да учествува во формирањето на такво мислење и дека не се спроведува во тајни конвенти. Секој мора да има можност да собира информации и да го даде својот придонес во формирањето на јавното мислење. Од друга страна поимот јавно мислење го содржи и тоа дека негов предмет се јавните, а не приватните работи. Таа, значи, се занимава со »res publica« во најширока смисла. Затоа во јавноста спаѓаат сите граѓани или здруженија на граѓани, кои размислуваат за заедницата и кои ги изразуваат и претставуваат мислењата во вид на критика и одбивање, предлог и согласност и со тоа се обидуваат да влијаат врз формирањето на политичката волја. Со тоа го формираат јавното мислење. Но, бидејќи во плуралистичкото општество по правило постојат различни мислења за различни работи, всушност никогаш не постои јавно мислење, туку само јавни мислења.[203]

Токму во самостојното спротивставување на државниот апарат се покажува демократската структура на таквата јавност, која е отворена за секого. Сите во демократијата имаат право на слободно формирано јавно мислење во доменот на политиката. Со ова само се мисли, и со ова уште еднаш би се нагласило, дека поединецот може да има свое мислење. Сопственото мислење е многу повеќе основата за активно учество во јавниот живот.

Тука правото на слободно формирање и искажување на мислење е во најтесна врска со слободата за собирање и здружување како и слободата на печатот и радиото. Овие права го добиваат своето политичко значење со тоа што без нив не би се реализирало правото за влијаење врз формирањето на јавно мислење, бидејќи поединецот како таков, тукуречи преку усна пропаганда, не може на своето мислење да му придаде израз и тежина во процесот на формирање мислење. Неговото мислење станува политичко само кога внесува летоци и весници, радио и телевизија како засилувач. Во модерните големи држави без

[203] Валдемар Бесон/Готхард Јаспер, Das Leitbild der modernen Demokratie. Bauelemente einer freiheitlichen Staatsordnung, BpB Bonn 1990 (Водечката слика на модерната демократија. Компоненти на слободно државно уредување), стр. 88.

овој инструментариум од средства за масовна комуникација не може да се води јавната расправа.[204]

Така, по индивидуалното право за учество во јавното мислење, следи барањето дека средствата за масовна комуникација мораат да бидат ослободени од државен притисок. Владата не смее да има можност да се меша во слободното креирање на весниците или радио и телевизиските програми. На владата не може да и се забрани да ја појаснува својата политика на граѓаните преку средствата за масовна комуникација, но тоа смее да го прави само како партнер покрај другите во рамките на процесот на формирање на мислење и без притоа да бара да има предност. Ако владата се искаже, тогаш и опозицијата мора да е во состојба, да може да дојде до збор.[205]

Плуралистичкото општество затоа познава само мноштво на јавни мислења, кои вообичаено се контроверзни. Оној што истапува со барањето дека го презентира јавното мислење и со ова барање сака да пропише сосем одредени директиви, потпаѓа во сомнеж дека говорејќи за јавното мислење им придава несоодветна тежина на сопствените интереси. Дури во вистински дијалог меѓу контроверзните мислења може да се формира нешто како еднозначно јавно мислење.

## 4. Комерцијализација, фрагментација глобализација и интеракција

Контролата на мислата е контроверзна тема, посебно ако се истражува во демократските општества. Контроверзноста произлегува од тоа што социјалната контрола може да биде поизразена во отворените општества отколку во затворените и тоталитарни системи. Во тоталитарните општества, официјалната идеологија лесно се препознава како пропаганда па луѓето можат да бидат повнимателни. Во таква ситуација тие само мораат да се покоруваат, она што го мислат е секундарна грижа. Во демократските општества пак, мислата може лесно може да премине во акција, па затоа мора

---

[204] Клајд Вилкокс и Барбара Норандер, Разбирање на јавното мислење, Вашингтон, 2002, стр. 100.
[205] Валдемар Бесон/Готхард Јаспер, Das Leitbild der modernen Demokratie. Bauelemente einer freiheitlichen Staatsordnung, BpB Bonn 1990 (Водечката слика на модерната демократија. Компоненти на слободно државно уредување), стр.523.

да биде контролирана со најразлични, суптилни средства кои нема да бидат забележливи.[206]

Со процесот на глобализација и проширување на медиумите и надвор од една држава, тие станаа: конгломерати, профитот вртоглаво им се зголемуваа, и имаат се поголема моќ. Меѓутоа напоредно со зголемување на публиката им се зголемува и конкуренцијата, така се создава се поголем притисок за профит. Така, медиумите ориентирани кон профит, се екстремно толерантни кон оние што се рекламираат, бидејќи тој им е еден од главните извори за средства. Во нашиот случај Владата на РМ како најголем финансиер на реклами. Така, како што вели Овен Фис - „Богатите, на пример, би можеле толку многу да доминираат на рекламниот простор во медиумите и во дерогате јавни домени, што јавноста ќе ја чуе само нивната порака“ и гласот на помалку моќните ќе биде задушен.[207]

Со таква достапност до информации јавноста секогаш може да биде погрешно наведена. Не е сеедно како јавноста ќе донесе одлука за определено прашање, бидејќи, секое регулирање на дебатата може да влијае врз резултатот. Да се слушнат и двете страни на дебатата, може да произведе одлука различна од онаа која би била донесена врз основа на сослушување само на едната страна. Иако Херман иронично вели „ние сме сите слободни да оформиме свој весник, доколку не ни се допаѓа тој што ни е достапен“, посиромашните/помалку моќните не дека немаат можност да оформат свој медиум, на пример некој ниско буџетен весник, телевизија или некој аматерски театар, меѓутоа факт е дека постојат одредени „водечки“ сили кои се носители на оформување на јавното мислење, располагаат со огромни средства, и ги поставуваат критериумите во кои другите медиуми треба да дејствуваат.[208]

Медиумите никогаш не треба да се гледаат ни како непријатели но ни како пријатели. Кај нас најчесто конференција за печат имаат политичките партии

---

[206] Есер, Ф. Феч, Б: Споредување на политичката комуникација: теории, случаи и предизвици, Академски печат, Скопје, 2009, стр. 97.
[207] Клајд Вилкокс и Барбара Норандер, Разбирање на јавното мислење, Вашингтон, 2002, стр. 120.
[208] Есер, Ф. Феч, Б: Споредување на политичката комуникација: теории, случаи и предизвици, Академски печат, Скопје, 2009, стр. 100.

или владата доколку сакаат да соопштат нешто (нов проект, резултати од работење итн. но најчесто и за „ниски удари“ на спротивните партии).[209]

Во демократско општество, медиумите треба да служат за разглобување на прашања кои се од витална важност за заедницата, да го образуваат електоратот за проблемите во општеството и владеењето. Такви медиуми, можат да настанат само под услов да: образованието, библиотеките, уметноста, јавните дебати и слично, бидат ослободени од строгата поврзаност со пазарот и приватното богатство. Со тоа ќе се избегне каква била можност за комерцијализација на медиумите, и концентрација во рацете на малкуте богати, што би било од суштинска важност за остварување на демократијата.[210]

Остварување на ваквите цели ќе создаде можност за медиуми, на демократско комуникациска политика, и ќе се вреднува правото јавноста сама да учествува во дебати на прашања кои се од витална важност за нивната заедница.

## 5. Развој на медиумите во Република Македонија

Социјалистичка Република Македонија во 1990 година беше една од шесте републики на земјата во распаѓање, Социјалистичка Федеративна Република Југославија (СФРЈ). Турбулентниот период на крајот за СФРЈ, Р. Македонија го дочека релативно неподготвено. Другите републики реалноста за крајот на СФРЈ изгледа порано ја сфатија, па медиумски поорганизирано настапија во пласирањето на медиумската промоција на нивните држави. Можеби кај нив влијаела далеку помоќната емиграција која со свои средства многу брзо им обезбеди медиумски простор на своите политички фаворити.[211]

Проблемот со слободата на печатот е присутен, и тоа многу повеќе во социјалистичкото општество каде за разлика од труст-медиумите постои неконкурентност и монолитност, директно инструирана, сега не од желбата на капиталот, туку од вољата на единствената партија. Ленин во 1917 година во делото Проект-револуција вели дека: Под слобода на печатот ја подразбираме

[209] Д-р Весна Шопар, (2011) Јавност и јавно мислење, Универзитет за туризам и менаџмент, Скопје, стр. 113.
[210] Михаел Кунчик и Астрид Ципфел, Вовед во науката за комуникации, Скопје, 1998, стр. 96.
[211] Д-р Весна Шопар, (2011) Јавност и јавно мислење, Универзитет за туризам и менаџмент, Скопје, стр. 114.

слободата на богаташите да издаваат весници, што доведува до поткупливост на печатот?[212]

Филип Мејер (1991) новинарството го разбира како научно новинарство и пишува: „Новинарството да се третира како наука, приспособувајќи ги научните методи, научната објективност и научните идеи кон целокупниот процес на комуникацијата." Тој исто така смета дека новинарството треба брзо да се претвори во општествена наука. Додека Мек Компс (1981) меѓу другото ја дава и следнава дефиниција: „Ако треба прецизно да се определи, новинарството е, накусо, адаптација на техниките на набљудување на општествените науки - анкетата, анализата на содржината, набљудувањето преку учествување, теренските експерименти - се до прибирањето на информациите." Друга дефиниција за новинарство е: „Дејност на лицата чие главно занимање е, преку мас-медиумите да учествуваат во собирањето, проверувањето, одбирањето, преработувањето и ширењето на вести, коментари и материјали за забава."[213]

На новинарот се гледа и како на еден вид извидник за нови идеи и теми. Задачата на новинарот е пренесување на постоечкото, признатото, реалното.

Ова е карактеристично за тоталитарните држави во кои според Ноел Нојман, населението се оспособува за донесување заклучоци и за прифаќање нови нешта така како што му е наметнато.[214]

Според Волфганг Лангенбухер, главна задача на новинарите во едно демократско општество е да служат како медијатори, односно да ја овозможуваат комуникацијата меѓу различните општествени групи.[215]

Ваквиот тип на новинар не смее во никој случај да биде определен кон сопственото самопретставување, туку објективно да презентира од позиција на неутралност, објективност и одмереност. Овој вид на новинар треба да овозможува разговор издигнат над различните мислења, слоеви или табори, да пишува за широката маса, а не за него претпоставените. Ваквиот концепт е

[212] Михаел Кунчик и Астрид Ципфел, Вовед во науката за комуникации, Скопје, 1998, стр. 99.
[213] Михаел Кунчик и Астрид Ципфел, Вовед во науката за комуникации, Скопје, 1998 стр. 99.
[214] Михаел Кунчик и Астрид Ципфел, Вовед во науката за комуникации, Скопје, 1998, стр.111.
[215] Е., Нурадиновска, А., Кржаловски, Д., Стојанова, (2013), Довербата во граѓанското општество, МЦМС, Скопје, стр. 25.

најприфатен и според Филип Мејер: „Постојат сите услови новинарството да се претвори во општествена наука“.[216]

Во поглед на тоа според кои норми треба да се раководи еден новина односно т.н. новинарски канони, истото е прецизирано во преамбулата за новинарското работење и професионалност донесени во 1954 година, во Бордо, Франција, од страна на Меѓународната Новинарска Федерација.[217]

Политичкиот субјект кој претендира да биде релевантен, мора да најде начин за медиумско претставување, како единствен начин на доближување на своите програми до граѓаните. Може да има некоја приоритетност во поглед на тоа што е поважно, да се застапува електронското или пишаното презентирање од причини што и двете се подеднакво важни. Посилен е моментот на присуство на политичките субјекти на т.н. локални телевизии кои се со локален карактер, пред сѐ заради тангирањето на проблемите и збиднувањата од локален интензитет.

Но во локалните телевизии беше честа и појавата на зголемена доза на пропаганда од причини што ретко кој ја контролираше нивната исправност.

За споредба со националните медиуми, локалните нудат евтин простор за маркетинг што од политичките субјекти и се употребува и се злоупотребува.

Може да се констатира дека XXI век, е век на нов начин на политичко презентирање и развој на медиумите посебно преку Интернетот. Ваквиот начин на медиумска кампања го користат не само законските политички субјекти, туку тој сѐ повеќе претставува неограничен пристап и дострел, како силно оружје до рацете на терористички и други недозволени паравоени формации.

Од овој аспект се наметнува прашањето каква ќе биде медиумската кампања во иднина, какви начини ќе се користат, какви ефекти истата ќе предизвика и каков ќе биде крајниот резултат, а тоа значи дали достапноста на ваквите медиумски настани ќе бидат доволно застапени.

---

[216] Е., Нурадиновска, А., Кржаловски, Д., Стојанова, (2013), Довербата во граѓанското општество, МЦМС, Скопје, стр. 30.
[217] Михаел Кунчик и Астрид Ципфел, Вовед во науката за комуникации, Скопје, 1998, стр. 100.

Со развојот на медиумите, податоците, информациите и пропагандите кои ќе се пренесат до обичниот граѓанин, но и до некои други целни групи, се одвива на неспоредливо побрз, поедноставен и поевтин начин, но и со опфат несразмерно поголем отколку што медиумот само пред две децении можеше да стори.

Почетното медиумско етаблирање со т.н. пишани медиуми било ограничено, како просторно, така и временски (исклучително бавно). Радиото било најсилниот медиум во 30-те и 40-те години од изминатиот век, но телевизијата е неприкосновен медиумски лидер, кој и покрај напредокот на технологијата останува главен извор на информации, глобално гледано.

Новиот начин на медиумска презентација не претставува само средство на политичките групи, туку тоа претставува пред сѐ секундарен пристап преку сателити, дигитална телевизија на софистициран медиумски достапен простор со неограничени можности. Со новиот современ начин на медиумско презентирање се отвора простор за презентација на различни мислења, различни ставови на различни интересни групи за ист настан. Крајниот ефект е етаблирање на мислење кое не мора да е производ на т.н. јавно мислење, туку достапноста на разни информации, од различни места, со исти толку различни ставови, до создавање на можности за сопствено поединечно мислење или став спрема медиумскиот проект, презентиран преку различниот медиумски етер.[218]

## 6. Придонес во создавање на законска регулатива на медиумите во државата

Слободата на изразување во Македонија е регулирана со членот 16 од Уставот, со кој се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање институции за јавно информирање. Слободата на изразување е гарантирана и во Законот за радиодифузна дејност (Службен весник бр. 100/2005) чија цел е да обезбеди „слобода на изразувањето во радиодифузната дејност во согласност со Уставот на Република Македонија и со меѓународните договори што ги ратификувала и

[218] Хаг, Р., Хароп, М., (2009), Компаративна анализа на власта и политиката, Академски печат, Скопје, стр. 113.

кон кои пристапила Република Македонија“ (чл. 2). Според Законот, „радио и телевизиските програми се темелат врз правото на слободен прием и пренесување информации и правото на слобода на изразување“ (чл. 68).[219]

Во однос на ограничувањето на слободата на изразување, Законот за радиодифузна дејност во согласност со членот 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права, не дозволува емитување програми што се насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија или кон поттикнување или повикување на воена агресија или на разгорување национална, расна, полова или верска омраза и нетрпеливост (чл. 69), како и програми кои можат сериозно да го загрозат физичкиот, психичкиот и моралниот развој на децата и младите (чл. 70). Правните гаранции за слободата на новинарите и медиумите се зајакнаа со делумното укинување на затворската казна за клевета во 2006 година, меѓутоа во Кривичниот законик сè уште се задржани одредбите за клеветата и навредата како кривични дела против честа и угледот.

Слободата на информираност, изразување и слободата на медиумите се докажаа како особено значајни во текот на Студената војна, кога луѓето во социјалистичките земји на Источна Европа немаа пристап до странски или независни весници или списанија. Подоцна, владата на Кина се обиде да ја ограничи употребата на сателитски приемници, со цел да ги спречи своите луѓе да ги следат западните телевизиски канали и денес, одредени земји го ограничуваат пристапот до интернет за да ги спречат нивните граѓани да добијат пристап до одредени интернет страници за коишто сметаат дека се непожелни од политички или верски аспект.[220]

Медиумите можат да имаат двојна улога: како корисници и како прекршители на слободата на изразување. Нивната улога може да се состои од информирање во врска со глобалните проблеми, јакнење на глобалната солидарност, но исто така можат да бидат и инструмент на пропаганда на државата или на определени економски и други интереси. Според Комисијата на УНЕСКО за култура и развој, современите комуникациски технологии ја направија

---

[219] Устав на Република Македонија

[220] Хаг, Р., Хароп, М., (2009), Компаративна анализа на власта и политиката, Академски печат, Скопје, стр, 120.

потешка контролата врз протокот на информации, при тоа создавајќи нови можности но исто така и нови закани, особено ако медиумите станат цел на напад или на политичка контрола. Разновидноста и квалитетот на програмите може да се намали како резултат на комерцијализацијата, којашто секогаш е желна да придобие сё поширока публика или да се натпреварува за поголем број читатели и гледачи, концентрирајќи се на секс и криминални приказни.

Слободата на изразување е рамковно право коешто содржи неколку елементи, вклучувајќи ја слободата на информирање и слободата на печатот, и општо слободата на медиумите. Таа се темели врз слободата на мислење и е неразделно поврзана со неа. Нејзините појавни облици се движат од индивидуалното изразување на мислења до институционалната слобода на медиумите. Слободата на мислење е апсолутно граѓанско право, додека слободата на изразување е политичко право коешто може да биде предмет на одредени ограничувања.

Слободата на изразување е двојно право, во смисла на слобода на пренесување, односно изразување мислења и идеи од секаков вид, и слобода на барање и примање информации, при што и двете слободи се изразуваат во каква било форма – усна, писмена или печатена форма, во уметничка форма, или преку каков било друг медиум, вклучително и новите технологии. Не смеат да се користат граници заради мешање во ова право. Следствено на тоа, слободата на изразување исто така би била и составен дел од предложеното „право на комуникација". Меѓутоа, една нацрт верзија на декларацијата за ова право, приватно изработена, до сега не наиде на поддршка од државите.[221]

## 7. Медиумски плурализам и слобода на изразување

Република Македонија ги има ратификувано релевантните европски и меѓународни правни документи кои ја гарантираат и регулираат заштитата на слободата на изразување. Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи е ратификувана во 1997 година, со што членот 10 кој ја регулира слободата на изразување, односно правото на секој човек на

[221] Е., Нурадиновска, А., Кржаловски, Д., Стојанова, (2013), Довербата во граѓанското општество, МЦМС, Скопје, стр.31.

слобода на мислење, примање и пренесување информации или идеи, без мешање на јавните власти и без оглед на границите, нормативно стана дел од нејзиниот правен поредок и практично применлив и во судската практика. Македонија, исто така, ја има прифатено и Европската конвенција „Телевизија без граници“, која е ратификувана во 2003 година, и учествува во подготовките за нејзино хармонизирање со најновата Директива за аудиовизуелните медиумски услуги на Европската унија. Македонија е меѓу малиот број земји во Југоисточна Европа која ја прифати и Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, ратификувана во 1997 година, која се однесува на овозможување еднаков пристап на националните малцинства до медиумите и можноста за формирање медиуми на малцинствата со цел да се промовира толеранција и да се овозможи културен плурализам.[222]

Според нивото на демократија во 2010 година, Република Македонија е на истото ниво како и во годината пред тоа (2009), во групата на делумно слободни земји, се наведува во извештајот „Слободата во светот 2011 – Авторитарни предизвици за демократијата“ на „Фридом хаус“, кој се однесува на периодот од 1. јануари до 31. декември 2010. година. Таа е во групата земји со статус – делумно слободни, со оценка 3, на скалата помеѓу 1 и 7. Од балканските држави, на Македонија „и прават друштво“ Косово, Албанија и БиХ, а слободни се Грција, Бугарија, Србија, Црна Гора, Хрватска, Романија, Словенија и Унгарија. Подобрувања во политичките и граѓанските слободи се забележани на Косово, кое сега се наоѓа во категоријата делумно слободни држави, а по неодамнешните избори Црна Гора е влезена во категоријата слободни држави.[223]

Позицијата на нашава земја главно се должи на неколкуте поминати избори, кои се оквалификувани како фер и компетитивни, како и на имплементацијата на реформите препорачани по парламентарните избори во 2008. година. Во изминатата година е постигнат одреден напредок во однос на реформите поврзани со кандидатурата за членство во ЕУ, но како главна пречка се

[222] Е., Нурадиновска, А., Кржаловски, Д., Стојанова, (2013), Довербата во граѓанското општество, МЦМС, Скопје, стр. 32.
[223] Е., Нурадиновска, А., Кржаловски, Д., Стојанова, (2013), Довербата во граѓанското општество, МЦМС, Скопје, стр. 35.

наведува долгогодишниот спор со Грција околу името и нерешените прашања за нивото на автономија доделена на етничкото албанско население во земјата.

Генерално, според извештајот, слободата во светот во изминатата година опаднала поради зголемената моќ на авторитарните режими и недоволниот отпор на светските демократии. Веќе петта година на ред се регистрира опаѓање на политичките и човековите права во светот. Во слободни држави живеат 43% или околу три милијарди лица од светското население, 22% или 1,5 милијарди во делумно слободни држави, а 35% или 2,4 милијарди жители на планетава се во земји во коишто нема слобода. Од194 држави и 14 територии во светот, опфатени со извештајот, 87 земји или 45% се оценети слободни, 60 или 31% се рангирани како делумно слободни, а 47 држави односно 24% се сметаат за неслободни.[224]

Во последните неколку години новинарите во Република Македонија се жалат на чести напади на слободата на говор и јавното информирање. Многу често овие напади на новинарите завршуваат во судница со кривична пријава против нив за клевета и навреда.

Извештајот на Европската комисија од 2009 година за напредокот на Република Македонија, состојбата на полето на слободата на медиумите ја опишува како: „Политичкото влијание во медиумите е особено загрижувачко бидејќи води кон самоцензура на новинарите и ограничување на слободата на говор".[225]

Во 2009 година Здружението на новинари на Република Македонија организираше тркалезна маса насловена „Медиумите и судовите" на која новинарите отворено прозбореа за начинот на кој се третирани кога ќе се појават во судница. Новинарите постапката против нив во суд ја окарактеризираа како „инквизиторска и одмазничка".[226]

Центарот за развој на медиумите не е загрижен за бројот на судските постапки против новинарите туку за тоа како самата постапката се води и како

[224] Е., Нурадиновска, А., Кржаловски, Д., Стојанова, (2013), Довербата во граѓанското општество, МЦМС, Скопје, стр. 36.
[225] Извештај за Република Македонија 2009, Европска комисија, Брисел
[226] Е., Нурадиновска, А., Кржаловски, Д., Стојанова, (2013), Довербата во граѓанското општество, МЦМС, Скопје, стр. 36.

завршуваат судските случаи. Високите казни против новинарите може да доведат до самоцензура и демотивирање кога новинарите известуваат за сензитивни прашања или јавни личности.

Преку овој проект, Коалицијата „Сите за правично судење" ќе направи сериозен напор да се обезбедат проверени сознанија за гонењето и санкционирањето на лицата обвинети за клевета и навреда кои ќе бидат во функција на основната цел на проектот – следење на судските постапки против новинарите обвинети за клевета и навреда и нивото на почитување на меѓународните стандарди за фер судење, посебно членот 6 и членот 10 на Европската конвенција за човекови права. Проектот исто така ќе направи компаративна анализа на ситуацијата во 2006 година и денес.[227]

Македонија беше оценета лошо во однос на слободата на медиумите во најновиот извештај на Фридом Хаус. Извештајот нотира благо подобрување на степенот на демократијата во земјата во 2009 година во споредба со претходната година. Степенот на демократија во Македонија во 2009 година е благо подобрен во однос на 2008 година, оценува Фридом хаус во последниот извештај за земјите во транзиција. Подобрувања се забележени во категориите борба против корупција и изборен процес, додека оценките во останатите области, граѓанско општество, независност на медиуми, демократско управување - и на државно и на локално ниво, како и за независност на судството, се исти како во претходниот извештај.[228]

Проблемите со независност на медиумите се провлекуваат со години и веќе повеќе години по ред, Република Македонија ја добива истата лоша оценка 4,25. Оценките се од 1 до 7, при што 1 е најдобра оценка. Најголемите забелешки во оваа категорија се однесуваат на финансиската зависност на МРТВ од државата. Приватните телевизии, пак, се најголемите финансиери на кампањата за изборите во 2009 година. Политичкиот притисок врз медиумите беше значителен за време на изборната кампања. Тоа пред се сѐ должи на тоа што сопствениците на дел од телевизиите се политички активни. Професор Живко Андревски вели дека МРТВ мора да биде професионален

[227] Е., Нурадиновска, А., Кржаловски, Д., Стојанова, (2013), Довербата во граѓанското општество, МЦМС, Скопје, стр. 38.
[228] Извештај за Република Македонија 2010

сервис во сите сфери на медиумското работење. „Политичката волја ќе биде само еден од предусловите за поставување на висок професионализам во сите делови на јавниот сервис што ќе овозможи издигнување на потребите на европска форма на негово функционирање. Тоа досега не е постигнато.“[229]

Меѓутоа, борбата против каков било криминал во сите области, па и во медиумите (има мал и голем, ситен и крупен, помалку и повеќе валкан, лесен и тежок?) не смее да се опструира, забавува и оценува како закана на демократијата, да се прогласува за тоталитаризам итн. На многумина од политиката, бизнисот и медиумите очигледно им фали елементарно познавање и знаење.

Инаку, во авторитетноста на „Фридом хаус“ и валидноста на нејзините оценки не треба да се има никаков сомнеж. Оваа меѓународна невладина организација, со седиште во Вашингтон, спроведува истражувања на состојбата во светот со демократијата, политичките слободи и човековите права, а тие се користат и во политичките науки. 80% од нејзиниот буџет го обезбедува американската влада, но прима и средства од разни други извори- влади и фондации.[230]

## 8. Медиумите и слободата на изразување во контекст на заштита на националната безбедност

Улогата на медиумите во контролата на безбедносниот сектор претставува многу важно прашање и најчесто се смета дека тоа претставува основа на којашто се мери демократскиот капацитет на едно општество.[231]

Според членот 1 кој се однесува на слободата за изразување, од Европската конвенција за човекови права и слободи, секој човек има право на слобода на изразување. Ова право ги опфаќа слободата на мислење и слободата на примање и пренесување информации или идеи, без мешање на јавната власт и без оглед на границите. Овој член не ги спречува државите, на претпријатијата за радио, филм и телевизија да им наметнуваат режим на дозволи за работа.

[229] Извештај за Република Македонија 2016
[230] Извештај за Република Македонија 2016
[231] Бакрески О., (2012), Контрола на безбедносниот сектор, Филозофски факултет, Скопје, стр. 235.

Остварувањето на овие слободи, коешто вклучува обврски и одговорности, може да биде под одредени формалности, услови, ограничувања и санкции предвидено со закон, кои во едно демократско општество претставуваат мерки неопходни за државната безбедност, територијалниот интегритет и јавната безбедност, заштитата на редот и спречувањето на нереди и злосторства, заштитата на здравјето или моралот, угледот или правата на другите, за спречување на ширењето на доверливи информации или за зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството.[232]

Членот 1 од Европската Конвенција ја гарантира слободата на изразување. Историското значење на ова право е само-објасниво, и има одредена историска важност. По двете светски војни и холокаустот, од страна на изготвувачите на Конвенцијата, слободата на изразување беше реафирмирана како една од основните вредности на Советот на Европа. Барањето за посебна заштита во оваа смисла е поврзано со политичките процеси во демократијата, како и улогата на слободата на изразувањето како незаменливо средство за малцинствата, политичките опоненти како и граѓанското општество во целина, во процесот на јавна дебата. Вмешувањето во ова право, оттука, може да биде оправдано само во случаи на „императивна неопходност", додека исклучоците од истото мора да бидат рестриктивно толкувани. Според Судот: „Надзорната функција на Судот го обврзува да обрнува крајно внимание на принципите кои се карактеристични за демократското општество". Слободата на изразување ја формира една од суштинските основи на таквото општество, еден од основните услови за неговиот напредок и за развојот на секој човек. Предмет на ставот 2 од членот 10, тој е применлив не само на информациите или идеите кои поволно се восприемаат или се сметаат за ненавредливи, или не се предмет на интерес, туку исто така и на оние кои ја навредуваат, шокираат или вознемируваат, државата или билокој дел од населението. Такви се барањата на плурализмот, толеранцијата и отворениот ум, без кои не постои „демократско општество". Ова значи, помеѓу останатото, дека секоја „формалност", „условеност", „рестрикција" или „казна" која ќе се наметне во

[232] Е., Нурадиновска, А., Кржаловски, Д., Стојанова, (2013), Довербата во граѓанското општество, МЦМС, Скопје
http://www.gragjanskisvet.org.mk/default5f45.html?ItemID=64B6ED1F31EE674C8998C932F1F7A6CA

оваа сфера, мора да биде пропорционална со легитимната цел која се сака да се постигне. [233]

Овој пристап доведе до одредени интерпретативни методи во судската пракса. Генерално, Судот испитува дали постои попречување во слободата на изразувањето според ставот 1 на членот 10, и доколку го има, дали истото може да биде оправдано според ставот 2 од истиот член, преку следење на три стандарди:

1) дали оспорената мерка е пропишана со закон,

2) дали е насочена кон постигнување на легитимна цел и

3) дали истата е неопходна во едно демократско општество.

Првиот стандард е во суштина тест за правната основа на мерката која била преземена, кој побарува од националните власти да го идентификуваат прописот кој дава основа за попречување на правото според членот 10. Терминот „закон" во оваа смисла го опфаќа исто така и непишаното право, со цел да се опфати и правната култура на државите со прецедентни правни системи. Опфатени се и прописите на различни административни и професионални тела. За одредена норма да може да се квалификува како закон, се испитува нејзината достапност и предвидливост (или јасност)[234].

Барањето за постоење на легитимна цел, поради кои може да се оправда рестрикцијата на слободата на изразувањето, всушност се однесува на причините наведени во членот 10 став 2. Тие се:

- ✓ заштита на националната безбедност,
- ✓ заштита на територијалниот интегритет,
- ✓ заштита на јавната безбедност,
- ✓ превенција од јавен неред или криминал,
- ✓ заштитата на здравјето,
- ✓ заштитата на моралот,

[233] Handyside v UK, посетено на 11.12.2018
[234] Sunday Times v UK, посетено на 11.12.2018

- ✓ заштитата на угледот или правата на другите,
- ✓ спречување на објава на доверливи информации,
- ✓ одржување на авторитетот и непристрасноста на судството.

Пренесувањето и објавувањето информации коишто можат да ја загрозат националната безбедност не потпаѓаат под остварување на правото на слобода на изразување. Притоа треба да се има на ум дека изразот „национална безбедност" опфаќа закани за територијалниот и националниот интегритет, но не ги опфаќа сите закани кон точно определена власт. Оттука, јасно е дека власта не може да се повикува на принципот на национална безбедност за да го ограничи правото најслободно изразување доколку се работи за критика на власта, откривање криминал и др. зачувување на јавниот ред и мир.

Ова граничување, во суштина, се однесува на одржувањето на социјалната кохезија и поддржувањето на државниот поредок. Оттаму, има неколку специфични ситуации кои се појавуваат како повод за ограничување на правото на изразување:

- ✓ Предизвикување насилство;
- ✓ Предизвикување расна, верска и национална омраза;
- ✓ Повикување на уривање на уставниот поредок.[235]

Во сите овие случаи мора да постои директна врска меѓу злоупотребата на правото на слобода на изразување и фактичките последици што настанале. Тоа значи дека застапувањето определени идеи и нивно пласирање во јавноста е дозволено сè до моментот додека, како директна последица на таквиот говор, не се појави насилство или, пак, на друг начин не се загрози социјалната кохезија. Дополнителен услов за да се утврди дали се работи за злоупотреба на правото на слободно изразување е намерата.

Наполно различен третман добиваат случаите кога оној што го злоупотребува правото го прави тоа со намера да предизвика насилство или верска, расна и национална омраза од оние случаи во кои се работи за застапување определени легитимни политички идеи без оглед на тоа што тие може да предизвикаат

[235] Sunday Times v UK, посетено на 11.12.2018

насилство. И во едниот и во другиот случај, според Комитетот за човекови права на Обединетите нации, товарот на докажување останува на власта.

Таа мора да докаже дека ограничувањето на слободата на изразување е неопходна мерка за зачувување на јавниот ред и мир. Критикувањето на работата на владата не значи повикување на уривање на уставниот поредок ниту, пак, може да се смета за нарушување на јавниот ред и мир. Напротив, „границите на дозволениот критицизам спрема власта се пошироки од оние што се однесуваат на приватните лице, па дури и од оние што се однесуваат на политичарите. Во еден демократски систем акциите и пропустите на власта мора да бидат под постојан надзор не само на легислативната и судската власт, туку и на печатот и јавното мислење.[236]

Понатаму, доминантната позиција што ја има владата ѝ налага да покаже воздржаност од отворање кривични постапки (против оној кој ја критикува, заб. на Р.Б.), особено онаму каде што на располагање ѝ стојат други средства за одговор на неоправданите напади и критиките на нејзините непријатели или, пак, на медиумите“. Судот во Стразбур јасно кажува дека критиката на владата и другите државни органи не само што не спаѓа во корпусот на ограничувања, туку дека е неопходна за функционалноста на демократијата. Затоа препорачува во таквите случаи наместо властите да одговорат со кривичен прогон и замолчување на критиката, тоа да го направат со изнесување контрааргументи, односно да отворат јавна дебата. Особено ако критиките се добронамерни и направени заради остварување на јавниот интерес.[237]

[236] Sunday Times v UK, посетено на 11.12.2018
[237] Sunday Times v UK, посетено на 11.12.2018

# ГЛАВА IV. НЕДРЖАВНИ АКТЕРИ И НИВНАТА УЛОГА ВО СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОНТРОЛА ВРЗ БЕЗБЕДНОСНИОТ СЕКТОР

## 1. Поим и дефинирање

Во развиените демократски општества сè уште се актуелни политиколошките расправи околу дефинирањето на поимите на граѓанско општество, социјално движење, граѓанско здружување, граѓанските организации, а во современ контекст поимите невладини организации и недржавните актери.

Кога колективното дејствување на група на индивидуи е одржливо со текот на времето на препознатлив начин и се одразува на важните општествени промени што се појавуваат, тоа се нарекува *социјално движење*.[238]

Граѓанските права во Соединетите Држави и движењето за човекови права се примери за овој феномен. Во социологијата, порастот на општествените движења беше опфатен во контекстот на националните наспроти глобалните движења, влијанието и релевантноста за приватниот сектор, и улогата на социјалните движења во институционалните средини.

Историски гледано, широките општествени движења - без разлика дали се религиозни, културни или етнички - ги повикуваат владите и бизнисите да одговорат на дисперзираните општествени интереси. Често, владините и бизнис заедницата не се осврнуваат на овие интереси додека, воените или насилни промени го принудија нивното инкорпорирање. Растечката загуба на довербата на граѓаните во институциите кои тие ги чуваат штитат интересите социјалниот живот ја зафатија потребата од нови механизми за да се поттикне

[238] *The Importance of Nongovernmental Organizations (Ngos) in Global Governance and Value Creation: An International Business Research Agenda (PDF Download Available).* Available from: https://www.researchgate.net/publication/5223115_The_Importance_of_Nongovernmental_Organizations_Ngos_in_Global_Governance_and_Value_Creation_An_International_Business_Research_Agenda, посетено на 16.12.2018.

формирање на социјални капитал што авторот Путнам би го опишал како „надворешен изглед“ и „премостување“.[239]

Авторите Дејвис и Мекадам, Рао и соработниците (2000) и Смит и соработниците (1997), обезбедуваат докази дека социјалните движења стануваат сè поорганизирани, влијателни и интегрирани во глобалните политички и деловни системи и често претпоставуваат нови организациски форми.[240]

Граѓанското општество како термин е широко дефиниран, меѓутоа најдобрата кратка дефиниција ја дава политичкиот аналитичар Дејвид Хелд, кој смета дека тоа е составен дел на „сферите од општествениот живот, домашната сфера, економската, културните активности и политичка интеграции, кои се организирани, од приватни или од доброволни договори помеѓу индивидуите и групите кои се надвор од директната контрола на државата“. Меѓутоа гледајќи го граѓанското општество составено од групи кои се наоѓаат над личниот домен на семејството, над државата, во тој случај терминот се однесува и на јавните организации како што се работничките синдикати, интересни групи, а според некои дефиниции и рекреативните организации.[241]

Поширокатa дефиниција на поимот граѓанско општество опфаќа две значења кои се спротивставени и се оспоруваат:

- ✓ тоталитетот на сите поединци и групи во едно општество кои не дејствуваат како учесници во која било владина институција, или
- ✓ сите групи и поединци кои не се дел од владата ниту пак дејствуваат во интерес на комерцијалните компании.

[239] *The Importance of Nongovernmental Organizations (Ngos) in Global Governance and Value Creation: An International Business Research Agenda (PDF Download Available).* Available from: https://www.researchgate.net/publication/5223115_The_Importance_of_Nongovernmental_Organizations_Ngos_in_Global_Governance_and_Value_Creation_An_International_Business_Research_Agenda посетено на 16.12.2018

[240] *The Importance of Nongovernmental Organizations (Ngos) in Global Governance and Value Creation: An International Business Research Agenda (PDF Download Available).* Available from: https://www.researchgate.net/publication/5223115_The_Importance_of_Nongovernmental_Organizations_Ngos_in_Global_Governance_and_Value_Creation_An_International_Business_Research_Agenda посетено на 16.12.2018

[241] Хаг, Р., Хароп, М., (2009), *Компаративна анализа на власта и полиикатa*, Академски печат, Скопје, стр. 99.

Постои и трето значење, а тоа е:

- ✓ мрежата на општествени институции и практики (економски односи, семејни, и роднински групи, религиозна и друга општествена припадност кои служат како основа на строго политичките институции.[242]

Овој труд има за цел да даде одговор на овие и на неколку други слични прашања, преку кои ќе се објасни нивната заемна поврзаност, меѓусебна конекција, бидејќи концептот на граѓанско општество како развиена демократска вредност овозможува вклученост на граѓаните во процесите на креирање на политики, преку интегрирање на нивните заложби во стратешките планови и одлуки кои ги носи извршната власт.

Оттука, улогата на граѓанските организации во современите општества е значајна токму поради нивната делување на терен и директниот контакт и комуникација со граѓаните што овозможува детектирање на нивните потреби.

Граѓанско здружување, пак придонесува кон пронаоѓање решенија за подобрување на состојбите во општеството, активна вклученост на граѓаните во процесите на креирање на политики и директно влијание на организациите како коректори на работата на извршната власт.

Демократски вредности како слобода на изразување, слобода на здружување и овозможување на непосредната вклученост на граѓаните во процесите на донесување на одлуки се клучни во развојот и градење на силно граѓанско општество. Оттука, ограничувањата во остварување на правата на граѓаните наметуваат прашање за степенот на развој на демократијата во опшетството. Но, за демократските теоретичари, доброволниот карактер на тие здруженија има суштинска важност за механизмот на демократската политика.[243]

Во поимот „(не)владина организација“ се содржи негација со која се акцентира дека организацијата и нејзиното делување не се дел од владата. На овој начин

[242] Џ. Бејлис., С.Смит., П.Овенс., (2009), *Глобализација на светската политика. Вовед во меѓународни односи*, Скопје, Табарнакул, стр. 114.
[243] Џ. Бејлис., С.Смит., П.Овенс., (2009), *Глобализација на светската политика. Вовед во меѓународни односи*, Скопје, Табарнакул стр. 114.

граѓаните добиваат јасна претстава за каков вид на организација станува збор сметајќи дека на тој начин се оградува од другите типови на организирање кои можат да бидат составен дел од владата. Отсуство на широка мрежа на доброволни организации и интересни групи ја спречува блиската координација помеѓу државата и општеството која потребна за ефективно создавање на политики и нивно спроведување.[244]

Пошироко видување кон терминот невладина организација (НВО), е дека тоа е „организација, најчесто на широките маси, која има политички цели, но по структура не е ниту невладина ниту корпоративна. НВО е секоја група на луѓе која има некаков редовен и официјален однос и која дејствува колективно, доколку тие активност се некомрецијални и ненасилни и не се во има на некоја влада.“[245]

Организациите на граѓанското општество (вклучувајќи ги и невладините организации) се важни партнери за носителите на одлуки, бидејќи тие се најдобро позиционирани за да ги знаат потребите на населението за нивниот развој. Граѓанските организации може да станат моќен коректив на власта во обезбедувањето ефикасна заштита на човековите права. Поради тоа, граѓанскиот сектор треба да се перципира како катализатор за демократизацијата на општеството, како нишка којашто ги поврзува интересите на власта и на граѓаните.

Во Европа, како и во трети земји, *EuropeAid* користи иновативни пристапи за подобрување на својот дијалог со овие организации.[246] Европската комисија ја дефинираше својата визија за вклучување на невладините актери во развојната соработка и главните чекори кон кои тие треба да учествуваат. Оваа вклученост повеќе не е ограничена само на учество во испораката на услуги, туку има за цел да го зајакне капацитетот на невладините актери за да станат клучни актери на процесите на демократско владеење.

Невладините организации во денешницата се покажаа како највидливи групи помеѓу останатите актери во сродните области на човековиот развој и

[244] Хаг, Р., Хароп, М., (2009), *Компаративна анализа на власта и полиикатa*, Академски печат, Скопје, стр 160.
[245] Џ. Бејлис., С.Смит., П.Овенс., (2009), *Глобализација на светската политика. Вовед во меѓународни односи*, Скопје, Табарнакул, стр. 160.
[246] https://ec.europa.eu/europeaid/civil-society_en, посетено на 28.12.2018

човековите права, кои можат да играат значајна улога во превенција и помагање на човековата безбедност. Начинот на нивното делувања укажува дека токму тие ефикасно пронаоѓаат начини да обезбедат услови со кои ќе им се помага на луѓето и нивната безбедноста за да се справат со непредвидливи закани и ненадејни кризи, без разлика дали станува збор за меѓународни финансиски кризи, климатски катастрофи или пак некој вид на воен конфликт. Невладините организации практично преземаат различни видови на акции за човековата безбедност, а тоа најмногу зависи од нивната големина и досег, блискост со локалното население, подготвеност да се соочат со *status quo* и способност за справување со транснационалните закани преку градење коалиции.[247]

Начини на кои делуваат граѓанските организации се најразлични, и тоа преку: спроведување на активности на терен, подигање на јавната свест, јавно застапување, креирање на политики, подготовка на истражувања, документи за јавни политики и давање на поддршка на граѓаните од различен карактер (пр. хуманитарна помош, психо-социјална, реинтеграција, давање на бесплатна правна помош на различни категории лица (особено ранливите и маргинализирани лица како што се жените, децата, припадниците на малцински етнички заедници, припадници на ЛГБТ заедницата, мигранти итн.). Во зависност од мисијата на НВО, тие можат своите дејствувања да ги насочат на: локално, национално, регионално и меѓународно ниво.

Огромната експанзија на Меѓународните организации (МО) кулминираше во дваесеттиот век, почнувајќи од воени сојузи во полето на безбедноста на организациите поврзани со ОН, засегнати не само со безбедноста туку и со економските и социјални прашања.[248] Меѓународните организации исто така се познати, како меѓувладини организации – имаат голема улога, тие можат да бидат *билатерални* (како американско-канадската команда за одбрана на воздушниот простор помеѓу две држави), но повеќе се *мултилатерални* бидејќи во нив членуваат три или повеќе држави.[249] Како на пример,

---

[247] Sarah Michael, (2002), *The Role of NGOs in Human Security,* The Hauser Center for Nonprofit Organizations and The Kennedy School of Government Harvard University, p. 180.
[248] П. Виоти, М., Каупи, (2009), *Меѓународни односи и светска политика. Безбедност, економија, идентитет*, Академски печат, Скопје, стр. 64.
[249] П. Виоти, М., Каупи, (2009), *Меѓународни односи и светска политика. Безбедност, економија, идентитет*, Академски печат, Скопје стр. 65.

Северноатлантската алијанса (НАТО), Европската Унија (ЕУ), Организација на американски држави (ОСАД), Меѓународен Монетарен Фонд (ММФ), Светска здравствена организација, додека најпозната меѓународна организација е Организацијата на Обединетите нации (ООН) каде членството е отворено за сите.[250]

Дефиницијата на недржавни актери или граѓанското општество е широко елаборирана и нема универзално прифатена дефиниција. Недржавните актери (вклучувајќи ги и граѓанските организации) според Европската комисија ги опфаќаат следниве карактеристики:

- ✓ структури на организирано општество надвор од владата и јавната администрација;
- ✓ независни се од државата;
- ✓ често резултираат од иницијативи со кои се стремат да донесат општествени промени;
- ✓ активни се во различни области (намалување на сиромаштијата, итни случаи, човекови права, животна средина итн.)[251]

Недржавните актери ги опфаќаат невладините организации, локалните организации, кооперативи, синдикати, професионални здруженија, универзитети, медиуми и независни фондации. Нивната заедничка карактеристика е нивната независност од државата и доброволната основа врз која тие се здружуваат, со цел да дејствуваат и да промовираат заеднички интереси.[252]

Како илустрација, мора да се спомене *Договорот Котону*.[253] Овој договор ги дефинира недржавните актери и корелациите со останатите чинители, а е потпишан помеѓу ЕУ и секоја земја-членка (Африка, Карибите и државите во Пацификот). Имено, договорот дефинира, според својот национален контекст,

---

[250] Г., Пирот, (2016), *Поимот на граѓанско содружништво*, Македонски центар за меѓународна соработка, Скопје стр. 90.
[251] https://ec.europa.eu/europeaid/civil-society_en посетено на 28.12.2018
[252] https://ec.europa.eu/europeaid/civil-society_en посетено на 28.12.2018
[253] http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/HTML/?uri=LEGISSUM:r12101&from=FR посетено на 28.12.2018

кои категории на организации се дел од граѓанското општество или, кои воопшто да влезат во категоријата на недржавни актери.[254]

Улогата на организациите на граѓанското општество/невладините чинители расте, и тоа од партнери за имплементација, па сè до споделување на поголема одговорност со државата за намалување на сиромаштијата, бидејќи земјите во развој тврдат дека имаат одговорност и влијание врз сопствениот развој.[255] Имајќи ги предвид ограничувањата кои се поврзани со променливата природа на недржавните актери и граѓанското општество, сепак, фундаментално е дека поимот останува цврсто заснован на карактеристиките и заедничките елементи на секој поединечен контекст.[256]

Оваа идеја мора да го земе предвид двостепениот принцип на кој се базира Договорот Котону:

- ✓ *Инклузивниот капацитет на концептот на граѓанското општество,* со цел да се избегне исклучување на клучните чинители кои би можеле да бидат релевантни за придонес кон развојните цели. Основаната идејата мора да ги одрази организациските структури усвоени од страна на невладините актери (а особено граѓанското општество), каде што организациите на заедницата, честопати неформални, на ниско ниво имаат ист социјален и политички легитимитет како платформи, мрежи и невладини организации (жени, развој, човекови права) кои можат да се најдат на посредно ниво. Поимот „хиерархија" не постои помеѓу различните структурни нивоа.
- ✓ *Селективната природа на самиот концепт на недржавни актери и граѓанското општество*, што овозможува да се прави разлика помеѓу колективните актери од различни видови кои се инспирирани од општествената одговорност, и субјектите кои само претставуваат неколку поединци и често работат во име на сопствените интереси. Според овој пристап, недржавните актери, а особено граѓанското општество, се состојат од вкупно колективни актери кои работат на локално,

[254] https://ec.europa.eu/europeaid/sites/devco/files/methodology-the-cotonou-agreement-user-guide-for-non-state-actors-200311_en_2.pdf посетено на 29.12.2018
[255] https://ec.europa.eu/europeaid/civil-society_en посетено на 29.12.2018
[256] Џек Л.Голдсмит, Ерик А. Поснер, (2010), *Границите на меѓународното право*, АРС Ламина, Скопје, стр. 50.

регионално или национално ниво, кои се насочени кон општествена одговорност, со други зборови, кои работат за социјалниот и економскиот развој на заедницата, често преку производство на услуги или добра од јавен интерес.[257]

Поимот на граѓанско општество опфаќа неколку семејства на актери кои не се на ниту еден начин хомогени и/или комплементарни, но исто така се и многу различни. Важноста на оваа разлика има уникатна практична вредност и честопати се зборува за концептот на недржавни актери, но всушност, станува збор за граѓанското општество во поголем број на случаи, перципирано како корисник на програми за градење капацитети и поддршка. Како пример, може да се посочи природата и логиката на поддршката на приватниот сектор и на граѓанското општество кои не се вистински компатибилни во рамките на истата програма за градење капацитети, доколку тие се преземени со исти модалитети. Ако, на пример, демократскиот живот на организацијата или нејзините активности во полза на најсиромашните се клучни критериуми за квалификуваност на организациите на граѓанското општество, тие навистина немаат вистинско значење за приватниот сектор. Додека приватниот сектор е од витално значење за целите на одржливиот развој - што е уште поважно, се рефлектира во неодамнешните развојни политики на ЕУ, како и во новата ЕК стратегија за африканскиот континент - нејзината улога е повеќе поврзана со економската сфера отколку во процесот на демократизација на социјалниот развој.[258]

За либералните мислители, впечатокот за *глобално граѓанско општество* е искористен за да се опише пролиферацијата на формите на општествената активност и граѓанскиот фактор кои отидоа подалеку од границите на поединечните национални држави.[259] На тој начин се истакнува улогата на невладините организации во меѓународниот политички живот уште од почетокот на деведесеттите години. Транснационалниот фокус и активностите на другите граѓанско општествени организации, активистички групи и мрежи,

---

257 http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/HTML/?uri=LEGISSUM:r12101&from=FR посетено на 27.12.2018

258 Д.,Армстронг, Т., Фарел, Б., Маигуашка, (2009), *Управување и отпор во светската политика,* Магор, Скопје, стр. 148.

259 Д.,Армстронг, Т., Фарел, Б., Маигуашка, (2009), *Управување и отпор во светската политика,* Магор, Скопје, стр. 151.

исто така се видливи од страна на либералите како знаци што општествените динамики на граѓанското општество надвор од границите на нацијата-државата.[260]

Оттука, постои растечка тенденција да се идентификуваат недржавните актери како НВО и, особено, развојни невладини организации. Додека нивното значење во многу земји е од суштинско значење за остварување на целта на демократизација и за зголемување на легитимноста на повеќепартиските држави, останува ризик и другите колективни актери, вклучувајќи ги, на пример, непрофитниот приватен сектор или движењата низ териториите, да бидат исклучени. Што се однесува до вториот, иако тие честопати немаат формална структура и признавање на државата, тие играат клучна улога во идентификувањето на ефективни решенија за одржлив развој и локално управување.[261]

Доколку при анализата на граѓанското општество и невладините организации се инкорпорира прашањето за меѓународната безбедност, тогаш дополнително станува покомплексно и вниманието повеќе не е насочено само на државите; бидејќи неопходно е да се обрне внимание и на широкиот спектар на оние како што Џејмс Резено ги нарекува недржавни актери. Многу од овие не само што можат да мобилизираат значајни средства и значајно да влијаат на политичките и економски текови, туку и исто имаат и моќ во подруг контекст да наштетат.[262]

Оттука, следува прашањето за тоа какво е влијанието на недржавните актери или меѓународните организации, односно дали тие ги рефлектираат интересите на државите или пак влијаат други интереси и во најголем случај предизвикуваат форуми за дебата. Наведеното, може да се воочи преку примери во ситуации во кои државите продолжуваат да ги прекршуваат човековите права, меѓутоа со текот на годините нормите еволуираат до тој степен што ова прашање може да биде предмет на меѓународни и надворешно

[260] Д.,Армстронг, Т., Фарел, Б., Маигуашка, (2009), *Управување и отпор во светската политика,* Магор, Скопје., стр. 89.
[261] Р. Џ., Бункер, (2009), *Не –државни закани и идни војни,* Нампрес, Скопје, стр. 23.
[262] Р. Џ., Бункер, (2009), *Не –државни закани и идни војни,* Нампрес, Скопје, стр. 24.

–политички дискусии, па дури и казни и санкции.[263] Воената акција на НАТО врз Југославија во 1999 година, независна држава која не нападна ниту една друга земја, беше предизвикана од истата, чии функционери извршија и дозволија етничко чистење и друго прекршување на човековите права против сопствените граѓани. Таквите активности беа главна причина НАТО да започне воздушни напади врз поранешна Југославија – кампања мотивирана да служи на човековите права и слични хуманитарни цели пред традиционалните цели.[264]

## 2. Историска појава и развој

Граѓанското здружување низ историска појава и развој главно се анализира во рамките на западната политичка филозофија, особено преку расправите за политичкиот поредок, општеството и неговото функционирање.

Првите зачетоци може да се воочат уште во Античка Грција, кога се појавува и размислата за вклучување, односно за учество во животот во градот, каде заедницата на граѓани е политички организирана.

Според Аристотел, тоа претставува една форма на здружување која се разликува од семејството и од народот. Но од друга страна, сè до XVIII век, граѓанското здружување е уредено според принципите на моралот и правдата формализирани преку црквата и владетелот, за да потоа се постави прашањето околу секуларната и духовната моќ, кога и започнува да се развива и дискусијата за граѓанското општество.

Потеклото на идејата за човекови права потекнува кон средината на 19 век, а некои теоретичари сметаат дека доаѓа од идеите за природниот закон и/или законот на нациите според процената од неодамнешните дискусии.[265]

[263] П. Виоти, М., Каупи, (2009), *Меѓународни односи и светска политика. Безбедност, економија, идентитет*, Академски печат, Скопје, стр. 70.
[264] П. Виоти, М., Каупи, (2009), *Меѓународни односи и светска политика. Безбедност, економија, идентитет*, Академски печат, Скопје, стр. 71.
[265] Ричард Соабџи и Дејвид Родан, (2009), *Етика на војната. Исти проблеми во различни традиции,* Академски печат, Скопје, стр. 97.

Од времето на Улпијан кој во неговото издание „Преглед", каде референцата за „секого" се смета дека претставува индивидуално човеково право, додека и законот на нациите Улипјан, како и Лас Касас и Виторија во различни степени, ја претставуваат поврзаноста меѓу законот на природата или нациите и идејата за човековите права.[266]

Францускиот филозоф Жан Жак Русо во своето дело „Општествениот договор" (1772) го критикува граѓанското здружување втемелено врз приватната сопственост, каде смета дека е потребно да се дојде до рамнотежа во полза на едно здружување на луѓето која ќе овозможи истовремено почитување на принципите на еднаквоста и слободата. Меѓутоа, со појавата на модерните држави започнува да се појавува друг начин на размислување. Имено во „Духот на законите" (1748) на Монтескје ги дефинира социолошките услови на политичките слободи нагласувајќи го принципот на разделување на власта, што подоцна е темел на либерално демократскиот систем. Монтескје го објаснува и основниот принцип на разделување на власта кој подоцна станува и основна развојот на демократијата. Францускиот поликолог и филозоф Рејнонд Арон, анализирајќи го делото, укажува на суштинската идеја на Монтескје која не се однесува само во поглед на разделување на власта во правна смисла на зборот, туку во насока на тоа што може да се нарече рамнотежа на општествените сили, односно условот на политичките слободи."[267]

Концепција за граѓанско здружување според Лок е засновано на разумното дејствување на единките преокупирани со заштитата на нивните добра, на оние кои Хегел подоцна ги нарекува „буржоазија". Од друга страна, во третиот дел на неговото дело „Принципи на филозофијата на правото" (1821), Хегел своите сфаќања за граѓанското здружување ги изнесува во рамките на анализата на она што тој го нарекува Sittlichkeit или „етички живот" или „социјална етика". Хегел ги анализира обичаите, односно моралните норми и индивидуите кои се однесуваат во согласност со обичаите, кои ги почитуваат моралните норми на општеството каде живеат. Практично, Хегел не го напушта вообичаеното филозофско размислување наследено од антиката за граѓанскиот карактер на

[266] Ричард Соабџи и Дејвид Родан, (2009), *Етика на војната. Исти проблеми во различни традиции,* Академски печат, Скопје, стр. 119.
[267] Les Étapes de la pensée sociologique, Paris: Gallimard, 1967, p.310.

општеството, но влијае кон промени на вообичаената перцепција за значењето на граѓанското содружништво и ја двои државата од граѓанското содружништво.[268]

Оттука, хегелијанскиот пристап со неговата дијалектичка мисла ги поврзува елементите: *семејство, граѓанско здружување и државата*. На овој начин, Хегел прави корелација и поимот *социјална етика* како елемент на правото кој целосно ги определува однесувањата на единките кога станува навика, како и моментот во кој законските правила „преминуваат во морални норми“, односно исход од процесот на правото и темел на неговото извршување.[269]

Поимот граѓанско здружување, Хегел го објаснува преку моралноста која најпрво се пројавува во семејството, поврзувајќи ги единките во една врска на солидарност. При тоа, семејството за него претставува еден вид зачеток на општеството на кој и претходи и ја условува егзистенцијата на самите единки. Темел на врска на семејната организација, каде преминот од семејството во граѓанското здружување се остварува сосема природно благодарение на принципот на личноста, по пат на раздружување на семејството, „во едно мноштво од семејства кои во една најопшта смисла се однесуваат како конкретни личности кои се одржуваат сами себеси и кои, како резултат на тоа едни кон други градат односи кон надворешните“. Дополнително, Хегел, прецизира дека во реалноста, проширувањето на семејството како негов премин во еден друг принцип е, делумно, негово постепено проширување во народ во нација, која во тој факт го има своето природно заедничко потекло.

Граѓанското здружување зазема една посредна положба, различно од „буржоаското граѓанско содружништво“ што е специфичниот ентитет кој се востановува меѓу семејството и државата. Анализирајќи го хегеловиот пристап Лефевр и Машери сметаат дека главниот проблем за граѓанското здружување е разбирањето на идентификувањето на типот на солидарност која ги поврзува неговите членови едни со други, дури и тогаш кога тие тежнеат да се разделат, бидејќи секоја единка го седи својот посебен интерес кој и меѓусебно може

[268] Г. Пирот., (2016), *Поимот на граѓанско содружништво*, Македонски центар за меѓународна соработка, Скопје, стр. 98.
[269] Г., Пирот, (2016), *Поимот на граѓанско содружништво*, Македонски центар за меѓународна соработка, Скопје, стр.114.

спротивставуваат и да ги спречуваат формирањето на едно задничко општество.

Како да се направи општество поаѓајќи од единки мотивирани од потрагата да ги задоволат своите лични потреби е прашање на кое граѓанското здружување се препознава како систем на потреби. Индивидуата воспоставува социјални односи кои неа ја прават членка на еден колективитет кој и овозможува да ги задоволи нејзините специфични интереси и да ги насочи сите нејзини активности.

Кај Маркс, овој израз овозможува да се карактеризира едно историски ситуирано општество кое следи по едно општество од една друга епоха итн. Кај Хегел, таткото во семејството, буржујот и државјанинот се карактеристики кои не следат една по друга во една емпириска еволуција, туку нужно се совпаѓаат во една иста индивидуа како членка на општеството. Со други зборови, државата го надминува граѓанското содружништво (здружување) без истото да го елиминира, државјанинот не го поништува ни таткото во семејството, ни буржујот.[270]

По примерот на Хегел и Маркс го сфаќа граѓанското содружништво како место на посебни интереси. Имено, „во тоа содружништво во кое владее слободната конкуренција, се чини дека индивидуата е ослободена од природните и други врски кои во претходните епохи ја држеа во преградките на еден конкретен и прецизно дефиниран човечки конгломерат". За да ја објасни оваа ситуација, Патнам не поаѓа од економските или политичките фактори, туку од социјалните. Во таа смисла, начинот да се направи демократијата оперативна, тој ја дефинира како една триангулација помеѓу економските перформанси, политичкото управување и граѓанската култура.[271]

Од друга страна, Имануел Кант смета дека најголемиот проблем за човечкиот род е воспоставувањето на едно цивилизирано општество каде законот важи за сите и каде слободата на граѓаните е највисокиот идеал на природата на самото човештво. За да се оствари овој идеал токму во такво општество, потребно се

---

[270] Г., Пирот, (2016), *Поимот на граѓанско содружништво*, Македонски центар за меѓународна соработка, Скопје, стр. 93.
[271] Г., Пирот, (2016), *Поимот на граѓанско содружништво*, Македонски центар за меѓународна соработка, Скопје, стр. 99.

надворешни закони и совршено праведен граѓански устав кој ја исполнува врховната задача на природата за човечкиот вид. Проблемот на создавањето на еден совршен граѓански устав зависи од проблемот на воспоставувањето на закони со кои ќе се уредат надворешните односи на државите, односно на организирањето на една заедница. Бидејќи истата таа несоцијабилност која го принудува човекот на оваа задача, повторно е причина поради што секоја заедница бара докази во надворешните односи меѓу држава со друга држава во однос на неограничената слобода. Според Кант, граѓанското здружување кое ќе биде јасно уставно уредено им дава слобода на единките и оттука се воспоставува една космополитска состојба. Космополитската состојба на јавна сигурност помеѓу државите, која не ја елиминира секоја опасност за човештвото да не се успие, но која веќе нема да биде без принципот на еднаквост на нивните активности и меѓусебни реакции, за кој веќе нема да се распарчуваат едни со други.[272]

Функционирањето на граѓанското општество и јавниот простор во рамките на модерните општества е комплексно и се соочува со одредени тешкотии од различен карактер. Ако барем теоретски можеме да го сфатиме јавниот простор како арена за дискурзивни дебати помеѓу еднакви, сепак дефинирањето на консензусот во однос на „општото добро" е проблематично: тие дискурзивни области не летаат во воздухот туку се вкоренети во општествата конституирани врз структурирани односи на моќ и превласт. Дефинирањето на тоа општо добро за што придонесуваат организациите од граѓанското содружништво во рамките на јавниот простор се наметнува во таков антагонистички контекст.[273]

Од друга страна, граѓанското општество се споменува и како дел од гранката на марксистичката теорија која произлегува од делата на италијанскиот марксист Антонио Грамиши. Ова се остварува преку институциите на граѓанското општество: мрежа од институции и практики кои уживаат некаква автономија од државата, и преку групите од поединци се организираат, се претставуваат и

[272] Г., Пирот, (2016), *Поимот на граѓанско содружништво*, Македонски центар за меѓународна соработка, Скопје, стр. 105.
[273]Г., Пирот, (2016), *Поимот на граѓанско содружништво*, Македонски центар за меѓународна соработка, Скопје, стр. 106.

се изразуваат меѓу себе и кон државата (на пример, медиумите, образовниот систем, црквите, волонтерските организации и т.н.).[274]

Според Центарот за граѓанско општество при Лондонската школа за економија, се смета дека граѓанското општество е: „арена за доброволни колективни дејствија за заеднички интереси, цели и вредности". Во теорија, институционализираните форми се разликуваат од оние на државата, на семејството и на пазарот, иако во практика, организмите помеѓу државата, граѓанското општество, семејството и пазарот се повеќе од комплексни. Граѓанското општество, најчесто ги опфаќа различноста на просторот, на актерите и на институционализираните форми, кои се разликуваат во својот степен на формалност, автономност и моќ. Граѓанските општества најчесто се населени со организации кои се регистрирани како доброволни друштва, развојни невладини организации, групи во заедницата, женски организации, организации кои се засновани на верата, професионални организации, синдикати, групи за самопомош, социјални движења, бизнис асоцијации, коалиции и групи за советување.[275]

Поимот граѓанско опшетсво и здружување денес се вклучува во дебатите во врска со претпоставената еволуција на политичките практика. Овие дебати најпрво се фокусираат врз кризата на претставничката демократија и тежнеат кон нејзино надминување со обновување на граѓанското учество, главно на локално ниво, како и продлабочување на размислите за делиберативната демократија. Основаната идеја која фундаментот на репрезентативната демократија е дека граѓаните ја играат улогата за сопстевено владеење преку изборот на пратеници.

Патнам, во своето дело „На куглање сам" (1995), се обидува да го пресврти односот на причинитост помеѓу економските, политичките и социјалните фактори, бидејќи смета дека не е подобрувањето на економската и политичката ефикасност на некоја заедница тоа што го ослободува и поддржува граѓанското здружување. Ова објаснување кое во 1990-тите често е поддржувано од страна на разни „транзитолози", а кое, од своја страна, повратно ги засилува

[274] Џ. Бејлис., С.Смит., П.Овенс., (2009), *Глобализација на светската политика. Вовед во меѓународни односи*, Скопје, Табарнакул, стр.115.
[275] Т. Бејл, (2009), *Европска политика. Компаративен вовед,* Академски печат, Скопје, стр.117.

економските и политичките перформанси на таа заедница, туку обратно, токму плодовите од функционирањето на граѓанската сфера, што ќе рече, социјалниот капитал, е она кое ги засилува економските и политичките перформанси на заедницата.[276]

Граѓанското здружување не е резултат на промените во економските сфери (либерализација на економската размена) или во политичките сфери (либерализацијата на авторитарниот режим), а уште помалку е индикатор на процесот на транзиција. Граѓанското здружување денес е универзална реалност бидејќи од неговото успешно функционирање, од културните норми што тоа ги развива и од социјален капитал кој тоа го негува ќе зависат економскиот и политичкиот прогрес на некое општество.[277]

Целта на активистите не е ништо друго, освен оформување на јавното мислење на популацијата во однос на националните и глобални проблеми. Како резултат на тоа глобалното граѓанско општество и владеењето на законот (национално и меѓународно), се повеќе се доминантни во дискусиите за меѓународните односи, како и напорите да се рашират демократските форми на владеење. Глобалното граѓанско општество се состои од држави, како и од индивидуи и организации кои ги здружуваат интересите во една држава и/или вон неа. Значи, одредени организации можат да потекнуваат од една држава, но нивните агенди всушност се наклонети кон мултинационалност. [278]

Учеството особено кога е мирно и законско, генерално се смета за добра работа, иако постои долготраен аргумент кај политичките научници, дали, како и сите добри работи, можеме да си ги дозволиме под поголем дел од учеството. На оние кои се сметаат за „класици“ на компаративната политика, Алмонд и Верба (1963), ја промовираа граѓанската култура и тврдеа дека ја имаат идентификувано во Велика Британија како најдобар компромис помеѓу „културата на предметот“, каде што на владата и беа дадени поголема почит и автономија и „културата на учество“ каде што граѓаните беа толку многу

[276] Г., Пирот, (2016), *Поимот на граѓанско содружништво*, Македонски центар за меѓународна соработка, Скопје, стр. 200.
[277]Г., Пирот, (2016), *Поимот на граѓанско содружништво*, Македонски центар за меѓународна соработка, Скопје, стр. 204.
[278] П. Виоти, М., Каупи, (2009), *Меѓународни односи и светска политика. Безбедност, економија, идентитет*, Академски печат, Скопје, стр. 130.

активни што им беше тешко на репрезентативните политичари да си ја извршуваат својата работа.[279]

Дејствувањето на граѓаните во групи ги прави луѓето свесни за значењето на заедничката работа, ги охрабрува да размислуваат, активно да дејствуваат и да дојдат до корисни решенија, со тоа тие на некој начин ја промовираат довербата и заеднички стануваат дел од поширока мрежа на актери кои ја обезбедуваат целовитоста на општеството.

## 4. Улога на недржавните актери во спроведување на безбедносна контрола во државата

Во насока на утврдување на важноста од спроведување на контрола врз безбедносниот сектор потребно е прво да се идентификува потребата од користење на "контролата" која посматрана од интелектуалните кругови е универзална менаџерска функција чија примена може да се најде во сите сегменти на делување. Оваа функција често пати е посматрана како негативна појава која укажува на пропусти, недостатоци, отстапки и.т.н., но истата се посматра и како неопходност за ефикасно извршување на поставените задачи.

Надзорот на граѓанското општество врз безбедносниот сектор, вклучувајќи надзор врз реформата на безбедносниот сектор, вклучува активно учество на недржавните актери во дефинирањето на безбедносните политики и надзирањето на структурите и практиките на актерите во безбедносниот сектор. Целта е да се обезбеди вклучување на интересите и перспективите на локално ниво и на заедниците, во овозможувањето на внатрешна и надворешна безбедност,како и да се поддржи домашната сопственост и одржливоста. Згора на тоа, надзорот од граѓанското општество во идеални услови, ги поддржува меѓународно прифатените демократски норми на транспарентност и одговорност. Надзорот од граѓанското општество може да се појави на локално, национално, регионално и меѓународно ниво, и може да биде остварен и преку учество на формални и неформални механизми за надзор.

[279] Т., Бејл, *Европска политика. Компаративен вовед,* Академски печат, Скопје, стр. 96.

Целта на контролата на безбедносниот сектор (како дел на органите на државната управа) е двострана. Од една страна со неа се обезбедува законитост и целисходност во работата и остварување на јавните интереси во рамките на правниот поредок.[280] Од друга страна, со контролата на безбедносниот сектор се овозможува заштита на граѓаните и на нивните организации од противправни акции на одредени сегменти на безбедносниот сектор.[281] За да се постигне оваа цел потребно е безбедносниот сектор да биде отворен спрема граѓаните за истите преку слободниот пристап до информации од јавен карактер, знаат за сегашните и идни планови кои се тежнее да се постигнат.

Транспарентен, одговорен и ефикасно управуван безбедносен сектор е важен дел од демократските процеси. Надзорот од граѓанското општество е исто така важен механизам за поддршка за реализација на овие вредности преку артикулирање и пренесување на безбедносните потреби и интереси на населението до креаторите на политики, и преку обезбедувањето експертиза и набљудување на службите на државната безбедност.[282]

Слабо регулирани или неодговорни безбедносни сили можат да доведат до зголемена несигурност и несоодветно алоцирање на ресурсите, и може да ги поткопа напорите за добро владеење. Натаму, надзорот врз политиките, структурите, програмите, акциите и реформските процеси на безбедносниот сектор е еден начин да се обезбеди поддршка на стандардите за човековите права и владеењето на правото од страна на безбедносниот сектор.[283]

Со оглед на транснационалната природа на безбедносните предизвици, се јавува потреба од постојано подобрување на институционалната рамка со која се регулира безбедносниот сектор како и да се промовира поголемо разбирање на улогите и обврските на институциите на безбедносниот сектор во едно

[280] Бакрески О., (2008), *Контрола на безбедносниот сектор*, Филозофски факултет, Скопје, стр. 47

[281] Бакрески О., (2008), *Контрола на безбедносниот сектор*, Филозофски факултет, Скопје, стр. 47

[282] Ball, N., (2006), ‘Civil Society, Good Governance and the Security Sector’, Civil Society and the Security Sector, Concepts and Practices in New Democracies, eds. Caparini, M., Fluri, P, and Molnar F. (DCAF: Geneva), p. 203.

[283] K. Barnes and P. Albrecht., (2008) “Civil Society Oversight of the Security Sector and Gender.” Gender and Security Sector Reform Toolkit. Eds. Megan Bastick and Kristin Valasek. Geneva: DCAF, OSCE/ODIHR, UN-INSTRAW, p. 397.

демократско општество. Во таа насока се јавува и потреба од партиципативна демократска цивилна контрола.

Најважни елементи на демократската цивилна контрола се следните:

- ✓ Јасно уставно и законско одредување на позицијата на системот на национална безбедност;
- ✓ Транспарентност на буџетот;
- ✓ Внатрешна контрола;
- ✓ Отвореност на безбедносниот сектор спрема цивилното општество;
- ✓ Зголемување на угледот на безбедносниот сектор и негова деполитизација.[284]

Цивилното општество во целина и неговата улога во спроведување на контрола е од клучно значење, посебно за транспарентноста и отчетноста. Тоа има три критички улоги во обезбедување на двата услови и тоа: промени во побарувачката, функција на мониторинг и технички инпут. Во однос на мониторингот, цивилното општество може да го задржи вниманието на власта на прашањата како што се: безбедносната политика, расходите за потребите на системот на безбедност, набавките и сл. Независни анализи направени од цивилниот сектор не се само предизвик за владата, туку и основа за иницирање на јавни дебати за најважните безбедносни прашања, кои претставуваат важен инпут при донесување на одлуките. Цивилниот сектор може да ги реализира тие функции на сите нивоа (локално, регионално, национално и меѓународно), но, сепак не треба да се заборави дека важните информации се држат надвор од јавноста, со објаснување дека планирањето во безбедносниот сектор е многу чувствително и дека активностите можат да бидат компромитирани. Во такви услови, нема простор за реално дејствување на цивилниот сектор и покрај тоа што цивилниот сектор може да има голема улога во реформите на безбедносниот сектор.

[284] Бакрески О., (2011), *Основи на безбедносниот менаџмент*, Факултет за безбедност, одбрана и мир, Скопје, стр. 268.

Како една од клучните расправи за иднината на глобалната политика е наизменична игра помеѓу државно центристичкиот свет (традиционалниот свет на висока гео-политика), и повеќе центристичкиот свет (светот домаќин на недржавни актери што сè повеќе и повеќе се присутни во меѓународните односи.[285] Кога ненасилните акции се користат за да се достигне моќта, луѓето треба да развијат способности и да го практикуваат духот кои сè помалку критични во владеењето: зајакнување на индивидуите да преземат јавна акција, градење на консензус во име на заеднички цели и инсистирање на закони и лидери кои произлегуваат во согласност со граѓаните. Ненасилната моќ стана не е само начин за постигнување на промени, туку стана прва линија на одбрана за најсветите вредности на општеството.[286]

Улогата на недржавните актери, во време кога државите се соочуваат со рапиден подем на глобализацијата, е многу значајна, имајќи предвид дека овие нови прогресивни движења носат огромни предизвици, особено кога станува збор за безбедносната контрола на државите. Предложената типологија според Европската комисија (ЕК) служи за да се разјасни улогата и позиционирањето на секој не државен актер во националното општество и да се избегне конкуренцијата помеѓу актерите кои не можат да го делат истиот појдовен поредок. Типологијата се базира на четири структурни нивоа, додека протокот на комуникација и вертикалните и хоризонталните односи меѓу организациите може да биде од најразличен карактер.[287]

Структурните нивоа на недржавни актери се опишуваат според нивните основни карактеристики, мисии и занимања:[288]

- ✓ Четвртиот степен ги вклучува чадор организации - *umbrella organisations*, кои се карактеризираат со висок степен на флексибилност и пропустливост (структурата речиси е непостоечка, односите меѓу членовите се малку формализирани). Тие се создадени за да обезбедат

---

[285] Р. Џ., Бункер, (2009), *Не –државни закани и идни војни,* Скопје, Нампрес, стр. 78.
[286] P., Ackerman, J., Duvall, (2000), *A force more powerful,* A century of nonviolent conflict, Palgrave, p. 39.
[287] Europian Commission, *The definition of Non State Actors (NSAs)*, Source: Maurizio Floridi and Beatriz Sanz Corella https://webgate.ec.europa.eu/fpfis/mwikis/aidco/index.php?title=Special:Pdfprint&page=9EDF:_Types_of_non_state_actors , посетено на 11.12.2018
[288] Џ. Бејлис., С.Смит., П.Овенс., (2009), Глобализација на светската политика. Вовед во меѓународни односи, Скопје, Табарнакул, стр. 190.

„единствен фронт“ за да се соочат со заеднички надворешен проблем, да се справат со јавните власти итн.

- ✓ Третото ниво е составено од чадор организации (особено мрежи и федерации) основани на тематска и/или географска основа. Оваа организациска форма често се смета за заедничка арена за комуникација и соработка помеѓу организациите членки, но и како алатка за давање услуги на членовите во области како што се градење на капацитети, односи со јавноста, одбрана на колективните интереси, лобирање итн.
- ✓ Второто ниво се однесува на формално поставени актери, со напредно ниво на внатрешни организации, кои работат во корист на заедницата и/или обезбедуваат поддршка и насоки за организациите од првото ниво. Во оваа типологија спаѓаат невладините организации за развој, развојните *think tank* организации и фондации, социо-професионалните организации, здруженијата за човекови права, синдикатите итн.
- ✓ Првото ниво вклучува организации на терен - *grassroots organizations*, кооперативи, рурални организации, женски организации, младински групи, спортски и културни здруженија итн. Во руралните и урбаните средини, основани од граѓаните за да најдат решенија за проблемите во локален контекст, да се бранат нивните права или да се подобрат нивните услови за живеење и зголеми пристапот до социјални услуги (здравство, образование итн.).

Оваа типологија на недржавни актери овозможува разбирање, а преку начинот за мапирање позиционирање на различни актери, како и проблемите поврзани со секое ниво и решенијата што треба да се разгледаат во рамките на програмите за поддршка на не државни актери и програмите за градење капацитети.[289] Всушност, вредностите, мисијата, техничките капацитети, начинот на работење и лидерството на актерите од коренот не може да се споредат со онаа на чадор организацијата на повисоко организациско ниво, дури и ако тие работат во истиот сектор.

[289] https://webgate.ec.europa.eu/fpfis/mwikis/aidco/index.php/9EDF:_Types_of_non_state_actors посетено на 11.12.2018

Водењето на глобалната политика денес не може само да се анализира преку политиките кои ги водат владите и лидерите на државите, особено поради фактот дека како политичките актери во глобалниот систем се сметат:[290]

- ✓ Речиси 200 влади во глобаниот систем, вклучително и 192 членки на ОН
- ✓ 77.200 транснационални компании
- ✓ Повеќе од 10.000 невладини организации од само една земја
- ✓ 246 меѓувладини организации, како ОН, НАТО итн.
- ✓ 7.300 меѓународни невладини организации.

Сите овие актери играат нормална улога во глобалната политика и секоја влада дејствува со различен домен на недржавните актери.[291] Во основа, постоењето на сите овие актери е бројно како и нивните активности и доменот на дејствување. Како илустрација, активностите на чување на мирот меѓудругото, би можеле да се користат и за надгледување и одржување на прекин на огнот, поддршка на одржување на редот и поредокот, давање на хуманитарната и медицинска помош и помагање на бегалци.

Разликуваме четири типа на НВО кои се од голем интерес и важност во рамки на светската политика, меѓународните односи и безбедноста:

1. *Приватните економски организации* – иако некои писатели под НВО подразбираат само, непрофитабилните организации, вклучувајќи ги мултинационалите корпорации, од кои поголемиот дел од нив се приватни и следствено, невладини организации.
2. *НВО со јасни политички, економски и социјални агенди* - во нивниот обид да помогнат во составувањето на меѓународната агенда, тие често дејствуваат како групи кои вршат притисок или воопшто ја зголемуваат општата свест за бројни теми, како гладот, човековите права и др.

[290] Џ. Бејлис., С.Смит., П.Овенс., (2009), Глобализација на светската политика. Вовед во меѓународни односи, Скопје, Табарнакул, стр. 190.
[291] Џ. Бејлис., С.Смит., П.Овенс., (2009), *Глобализација на светската политика. Вовед во меѓународни односи*, Скопје, Табарнакул, Погавје 19, *Трнаснационални актери и меѓународни организации во глобаната политика,* стр. 219.

3. *НВО кои се обидуваат се обидуваат да одбегнат чисто политички улоги* - најдобри примери се организациите за хуманитарна помош како доктори без граници. Ако таква организација се вклучи во политика и заземе страна во меѓународните конфликти, најверојатно ќе има забранет пристап до воените зони.

4. *Недржавни учесници како терористите и криминалните организации* - терористите често тврдат дека претставуваат поголем број на луѓе, додека транснационалните криминални организации претпочитаат да се фокусираат на потесни економски агенди, вклучувајќи се во политиката само кога постои закана за нивните нелегално стекнати придобивки. Како пример, понов феномен е глобализацијата на тероризмот од страна на групите како Ал Каеда и ИСИС. Терористичките и криминалните организации ја претставуваат темната страна на глобалното граѓанско општество. [292]

Социјалните промени врзани за пристап на технологиите за информации кои ги стимулираат мрежите често пати недржавни актери се приспособуваа кон ново настанатите услови и ја менуваат глобалната политичка слика. При тоа, недржавните структури ја потврдуваат својата способност да влијаат врз глобалното граѓанско општество, додека одвреме на време ги предизвикуваат државните институции да стекнат социјално, политичко или економско влијание.[293] Транснационалните актери и меѓународните организации главно се поспецијализирачки и се вклучени во ограничен број политички прашања.

Доколку ги имаме предвид делувањата на недржавните актери особено во полето на безбедносната политика може да предизвика одредени промени независно, дали се позитивни или пак негативни. Потценувајќи билокој од погоре наведените не државни актери во политиколошките анализи ќе даде слаба проценка на состојбите особено во поглед на безбедносната контрола на државата. Нивното дејствување и мобилизација во мрежи доколку е тоа организирано може да предизвикаат големи ефекти, а успехот на недржавен

[292] П. Виоти, М., Каупи, (2009), *Меѓународни односи и светска политика. Безбедност, економија, идентитет*, Академски печат, Скопје, стр. 150.
[293] Роберт Џ Бункер, (2009), *Не-државни закани и идни војни*, Нампрес, Скопје, стр. 199.

актер зависи од соодветните ресурси, ранливите цели и слободата на дејствување.

Клучот на долготраен мир во едно општество е способноста на неговите членови да се справат со тензиите и споровите пред да настане насилен конфликт. Иако оваа способност може да се развие надвор од политичките арени, сепак ќе треба да ја заземе формата на политички процес кои се отпорни кога се соочени со повеќе кризи, кои имаат авторитет и растечка легитимност и кои можат да бидат институционализирани.[294] Учеството на сите клучни актери и сектори во креирање и функционирање на политичките структури, кои се справуваат со конфликтните состојби е чекор кон негово разрешување.

Аналитичарите Џон Аргила и Дејвид Рондефелд се првите набљудувачи на овој тренд кадешто технолошките и организираните промени од кои имаат корист само ситните актери можат да разгорат огромни асиметрични закани. Тие забележале дека мрежите можат да преовладуваат над хиерархијата во ова ново постмодерно оперативно или бојно поле: каде моќта преминува кон мали недржавни актери кои можат многу поподготвено да се организираат во пошироки мрежи од актерите на транснационалните хиерархиски недржавни структури.[295]

Од друга страна на меѓународната сцена проблемот не се големите држави што покажуваат сила туку слабите држави што не се способни да покажат авторитет и легитимност како да обезбедат соодветна грижа и безбедност на нивните граѓани; државите кои не се способни да се справат со критичните зони на нивната територија на меѓународни криминални или терористички мрежи.[296]

Неколку истражувања сосема јавно откриваат дека неполитичките групи имаат „значајно високстепен на ... контакти" со локалните политичари, партии и бирократи (Лелиевелт и Цаиани, 2007), исто така, откриваат дека поголемиот број на останатите се фокусираат на слободните активности со привидните

[294] Е., Кусенс, Ч., Кумар, (2011), *Градење на мир како политика. Одржување мир во кревки општества,* Алмина, Скопје, стр. 147.
[295] Роберт Џ Бункер, (2009), *Не-државни закани и идни војни*, Нампрес, Скопје, стр. 201.
[296] Роберт Џ Бункер, (2009), *Не-државни закани и идни војни*, Нампрес, Скопје, стр. 202.

политички групи кај малцинствата кои се состојат повеќе од пасивни отколку од активни членови.[297]

Во 1996 година меѓународната заедница ќе се здружи околу *Концептот на превенција и решавање на конфликтите меѓу државите членки на заедницата и независни држави.*[298] Според концептот, тие во својство на регионална организација, треба да преземаат мерки потребни за разрешување на конфликтите на територија на државите членки, каде влегуваат и операциите за чување на мирот. Државите ги дефинираат и суштинските предуслови за изведување на овие операции како и кај Декларацијата на Организација за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ), тие ги следат генералните принципи на ОН во поглед на чување на мирот, а се надоврзуваат со последните искуства на ОН.[299]

Гледајќи во минатото, политичките науки и историчарите ја видоа релацијата помеѓу начинот за нациите да ги надминат авторитарните или надворешните правила и нивната можност за одржливост на граѓанското општество и демократијата.[300]

Меѓународните актери, а особено меѓународните организации кои се инволвирани во градењето на мир се клучни чинители во поттикнување на локален развој на различни начини, со цел да го предвидат нивниот веројатен ефект и да го насочат на најдобар можен начин кон поддршка на тековниот мировен процес. Првата задача на индивидуата која гради мир мора да биде планирање на евалуирачките шаблони на врските меѓу клучните актери и сектори во афектираното општество, и домашни и меѓународни.[301]

Според проектот на Меѓународната Мировна Академија, се јавуваат бројни прашања кои треба да се одговорат за да се направи соодветна темелна анализа, како:

---

[297] Т., Бејл, (2009), *Европска политика. Компаративен вовед*, Академски печат, Скопје, стр. 300.
[298] 35 ILM (1996) 783.
[299] Кристина Греј, (2008), *Меѓународно право и употреба на сила, просветно дело,* Скопје, стр. 167.
[300] P., Ackerman, J., Duvall, (2000), *A force more powerful,* A century of nonviolent conflict, Palgrave, p. 50.
[301] Е., Кусенс, Ч., Кумар, (2011), *Градење на мир како политика. Одржување мир во кревки општества,* Алмина, Скопје, стр. 133.

- ✓ Кои се клучните актери?
- ✓ Кои се нивните интереси и кого претставуваат?
- ✓ Кои се различните контексти во кои се појавува конфликтот?
- ✓ Кои се можните влијанија од меѓународната интервенција врз односите меѓу различни страни и сектори?
- ✓ Кои се последиците од спроведување на мировниот договор како што е потпишан, за подолгорочните врски меѓу групите и секторите?

Само откако ќе ја испитаат политичката состојба, и продолжат да го подобруваат нивното познавање на терен, креаторите на политиките, може да преминат на следната задача за правилно идентификување на факторите, кои можат да помогнат во трансформирањето на врските меѓу групите во спроведливи политички процеси, кои се долготрајни и легитимни.[302] Потоа следи одредување соодветна меѓународна улога за создавање или зајакнување на овие фактори, а со крајниот чекор да се гарантира дека оваа улога флексибилно е спроведена.

Како основен предуслов за остварување на ефикасна контрола и надзор врз безбедносниот сектор може да се јави и спроведување на демократски политики во кои ќе бидат вклучени и недржавните актери од причина што државата и владата која ја претставува не е единствениот снабдувач на безбедноста и правдата. Луѓето често дејствуваат со цел да обезбедат безбедност и правда внатре во своите заедници, без разлика дали државата дејствува да ги задоволи овие потреби или не. Луѓето се организираат за да ја обезбедат својата сопствена безбедност на многу различни начини, а недржавните актери можат да се јават како дополнителни помошни извори на заштита.

[302] Е., Кусенс, Ч., Кумар, (2011), *Градење на мир како политика. Одржување мир во кревки општества,* Алмина, Скопје, стр. 169.

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Лесно се согледува фактот дека кога се говори за безбедноста главниот фокус се става на индивидуалната човекова безбедност од која индиректно и директно зависи самата безбедност на колективно, глобално ниво. Оттука, голем број на автори безбедноста ја опишуваат како "обврска" на државата која истата треба да ја исполни преку самостојна способност за спроведување на ефективни политики преку кои ќе ги детектираат, превенираат и/или минимизираат заканите кои потекнуваат од внатре или надвор од државните граници. Граѓанинот пред сѐ, како столб на општеството е основен двигател на сите општествени процеси, а заштитата на човековите права и безбедносната политика меѓудругото како и улогата и влијанието на недржавните актери во процесите на демократизација на општествата, глобализацијата и меѓународната политика, владеењето на правото и правна држава, гледано низ призма на актуелните случувања во глобални размери, но и во Македонија беа предмет на елаборација во овој труд.

Заклучоците до кои се дојде укажуваат на важната и неопходна улога на повеќето инволвирани страни кои треба да делуваат како заинтересирани партнери во општеството кои се насочени кон неговиот раст и развој. Карактеристиките на недржавните актери, потребата за граѓанско здружување, и нивното влијание врз целокупните општествени и политички случувања, имаат големо значење во социјалната политика на развиените земји чија задача треба да биде задоволување на општествените потреби на граѓаните. На тој начин, невладиниот сектор како дел од недржавните актери треба да биде набљудуван како алтернатива и нов партнер (но не и конкурент) на државниот сектор. Партнерот, во смисла на горенаведеното треба да создаде мрежа на односи кои се независни од државата и кои истовремено го зголемуваат учеството на граѓаните и нивната одговорност за себе и за општеството во коешто живеат.

Таквите невладини организации како и останатите недржавни актери треба да се јават во улога на коректив и да создадат услови во општеството, кое ќе ги

мотивира владите да преземат одговорност за своите дела. Но не само тоа, да се биде партнер во нешто значи дека тоа произведува двострана одговорност. Затоа, партнерскиот однос помеѓу владите на државите и недржавните актери треба да се одвива во насока на заемна заложба кон исполнување на демократските вредности кои треба да бидат високо позиционирани на нивните агенди. Улогата која ќе ја имаат невладините и меѓународните организации со проектите кон кои се насочени и ги спроведуваат, независно од нивниот пристап, во голема мера зависи од нивната меѓусебна интеракција со оглед на фактот дека невладините организации стануваат значајни учесници како извршители на политиката на меѓувладините организации. Најважен придонес на невладините организации е јавното претставување на злоупотребата на човековите права, кое најчесто води до јавен притисок до владите. Влијанието на невладините организации чиј делокруг е следење на безбедносната политика на државите е огромно особено во услови на подем на тероризмот, акцентирање на етничките и религиозни разлики, територијални претензии, организиран криминал. Притоа доколку се земат предвид и глобализацијата која носи развиени мрежи, напредни технологии и економски можности на глобално ниво можат да се искористат како алатки на добро организирани мрежи кои поттикнати од различни интереси можат да го нарушат мирот и безбедноста на граѓаните. Тука, недржавните актери имаат широк спектар на делување врз прашањата за одржување на мирот, мирното разрешување на конфликти, преговарање во услови на криза и.т.н. Невладините организации имаат улога пред сѐ да ја искористат својата експертиза и подготват краток осврт на проблемот и предложат мерки кои би се превземале.

Од друга страна пак, не може да се запостави и улогата на индивидуата, граѓанинот кој е засегнат од случувањата. Легислативата дава можности за активно партиципирање на граѓаните независно дали ќе учествуваат во неформална група, здружение или пак мрежа. Сепак, според извештаите на Европската Комисија, Република Македонија е степени назад во процесот на демократизација, кое се согледува преку постоење на ограничена владина посветеност на дијалогот со граѓанските организации, особено во нивното вклучување во изготвувањето политики и изготвувањето на законодавството. Не е усвоена обврзувачка рамка за стандардизирани правила за државно

финансирање на граѓанското општество и распределбата на државните фондови останува недоволна. Од друг страна пак, доколку го имаме предвид финансирањето на НВО, се отвора простор за дискусија од аспект на целите и активностите кои ги спроведуваат, исто така, мора да се земат предвид начините вра основа на кои граѓанските организации ќе бидат финансирани, а при тоа да не бидат профитни.

Согласно направените истражувања, акцент се става и врз довербата на граѓаните во невладиниот сектор која во последните години бележи раст, но преовладува ставот дека граѓанските организации не се доволно транспарентни и отчетни. Дополнително, граѓанскиот активизам е на многу ниско ниво, граѓаните не се мотивирани да учествуваат во работата на НВО во Република Македонија. Наведените истражување покажуваат и на тоа дека, иако во намален процент, сѐ уште ставот дека организациите се средство за остварување на личните интереси на поединци доминира над ставот дека тие се основаат за да остварат општ/ јавен интерес.

Со цел зголемување на довербата во граѓанските организации и фондации доколку се анализираат спроведените истражувања години наназад може да се констатира дека е најмногу поради постоење на сомнежи во однос на начините на финансирање особено доколку се финансирани од странски држави и фондации, како и транспарентното и отчетно работење на организациите. Затоа, неопходно е властите да ги вклучат НВО и нивните претставници во работни групи за развој на политики и да ги поддржат единиците за стратешко планирање во релевантните министерства и други државни органи.

Дополнителен фактор во оваа тема е и тоа што општеството, а со него и политиката, се создадени, одржувани и менувани преку процесот на комуникација. Доминацијата на медиумите од страна на власта практично укажува на сериозен проблем во објективниот пристап на информирање на граѓаните што е карактеристично за нелибералните демократии.

Улогата на масовните, посебно на слободните и независни медиуми во создавањето и јакнењето на јавното мислење е исто така голема. Колку се тие понезависни и послободни толку е и информирањето вистинито и објективно. Тоа би можело да се постигне исклучиво преку новинарството односно преку истражувачките стории на новинарите, доколку истите бидат ослободени од каков било притисок и бранење на одредена страна.

Улогата на медиумите во контролата на безбедносниот сектор претставува многу важно прашање и најчесто се смета дека тоа претставува основа на којашто се мери демократскиот капацитет на едно општество. Остварувањето на овие слободи, коешто вклучува обврски и одговорности, може да биде под одредени формалности, услови, ограничувања и санкции предвидено со закон, кои во едно демократско општество претставуваат мерки неопходни за државната безбедност, територијалниот интегритет и јавната безбедност, заштитата на редот и спречувањето на нереди и злосторства, заштитата на здравјето или моралот, угледот или правата на другите, за спречување на ширењето на доверливи информации или за зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството.

Пренесувањето и објавувањето информации коишто можат да ја загрозат националната безбедност не потпаѓаат под остварување на правото на слобода на изразување. Притоа треба да се има на ум дека изразот „национална безбедност“ опфаќа закани за територијалниот и националниот интегритет, но не ги опфаќа сите закани кон точно определена власт. Оттука, јасно е дека власта не може да се повикува на принципот на национална безбедност за да го ограничи правото на слободно изразување доколку се работи за критика на власта, откривање криминал и др. зачувување на јавниот ред и мир.

Овој труд има за цел да даде одговор на овие и на неколку други слични прашања, преку кои ќе се објасни нивната заемна поврзаност, меѓусебна конекција, бидејќи концептот на граѓанско општество како развиена демократска вредност овозможува вклученост на граѓаните во процесите на креирање на политики, преку интегрирање на нивните заложби во стратешките планови и одлуки кои ги носи извршната власт.

Демократски вредности како слобода на изразување, слобода на здружување, слобода на правично информирање како и овозможување на непосредната вклученост на граѓаните во процесите на донесување на одлуки се клучни во развојот и градење на силно граѓанско општество. Оттука, ограничувањата во остварување на правата на граѓаните наметуваат прашање за степенот на развој на демократијата во општеството. Граѓанските организации може да станат моќен коректив на власта во обезбедувањето ефикасна заштита на човековите права. Поради тоа, граѓанскиот сектор треба да се перципира како катализатор

за демократизацијата на општеството, како нишка којашто ги поврзува интересите на власта и на граѓаните.

Начинот на нивното делувања укажува дека токму тие ефикасно пронаоѓаат начини да обезбедат услови со кои ќе им се помага на луѓето и нивната безбедноста за да се справат со непредвидливи закани и ненадејни кризи, без разлика дали станува збор за меѓународни финансиски кризи, климатски катастрофи или пак некој вид на воен конфликт. Нивната заедничка карактеристика е нивната независност од државата и доброволната основа врз која тие се здружуваат, со цел да дејствуваат и да промовираат заеднички интереси.

Доколку при анализата на граѓанското општество и невладините организации се инкорпорира прашањето за меѓународната безбедност, тогаш дополнително станува покомплексно и вниманието повеќе не е насочено само на државите; бидејќи неопходно е да се обрне внимание и на широкиот спектар на недржавни актери. Многу од овие не само што можат да мобилизираат значајни средства и значајно да влијаат на политичките и економски текови, туку и исто имаат и моќ во подруг контекст да наштетат.

Улогата на недржавните актери, во време кога државите се соочуваат со рапиден подем на глобализацијата, е многу значајна, имајќи предвид дека овие нови прогресивни движења носат огромни предизвици, особено кога станува збор за безбедносната контрола на државите. Учеството на сите клучни актери и сектори во креирање и функционирање на политичките структури, кои се справуваат со конфликтните состојби е чекор кон негово разрешување. Од друга страна на меѓународната сцена проблемот не се големите држави што покажуваат сила туку слабите држави што не се способни да покажат авторитет и легитимност како да обезбедат соодветна грижа и безбедност на нивните граѓани, државите кои не се способни да се справат со критичните зони на нивната територија на меѓународни криминални или терористички мрежи.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Barry Buzan, Ole Waever and Jaap de Wilde, (1998), Security: A New Framework for Analysis, Lynne Rienner Publishers, London.

Филип Ејдус, (2012), Међународна безбедност: теорије, сектори и нивои, Службени гласник, Београд

Emil Winkler, „Sécurité“ u Abhandlungen der Preussischen Akademie der Wissenschaften., Philosophisch-historische Klasse, Nr. 10. (Berlin: Akademie der Wissenschaften, in Kommission bei W. de Gruyter u. Co, 1939)

Angel Angelov, (2016), Actors and institutions in the policy process: Theoretical frameworks and empirical example- The case of Germany, Italy, US and Great Britain– Bologna University

Finnemore, Martha. (1996), "Review: Norms, Culture, and World Politics: Insights from Sociology's Institutionalism." International Organization 50(2): 325-347

Радослав Гаћиновић, (2012), Безбедносна функција државе, Институт за политичке студије, Београд

Драган Р. Симић, (2002), Наука о безбедности, Службени лист СРЈ: ФПН, Београд

Steve Smith, (2002), „The discipline of international relations: still an American social science?", British Journal of Politics & International Relations, Vol. 2, No. 3

Vincent Cable, „What is International Economic Security", International Affairs, Vol. 71, No. 2, April 1995

Светлана Станаревић, Филип Ејдус, (2009), Појмовник безбедносне културе, Центар за цивилно-војне односе, Београд

Jon Barnett, (2001), The Meaning of Environmental Security: Ecological Politics and Policy in the New Security Era, Zed Books, London

Elizabeth L. Chalecki, (2002), Environment and Security: A Case Study of Climate Change, Pacific Institute for Studies in Development, Oakland

Бакрески О., (2008), Контрола на безбедносниот сектор, Филозофски факултет, Скопје

Бакрески О., (2007), Нови предизвици за безбедноста, Годишник на Полициската академија, Скопје, 2007

Смиља Аврамов, (2011), „Безбедност у XXI веку", Зборник радова, Симпозијума о војној науци - СИМВОН, Институт за ратну вештину, Београд.

United Nations Development Program (1993), Human Development Report 1993, Oxford University Press, New York

Љубомир Стајић, Радослав Гаћиновић, (2007), Увод у студије безбедности, Драслар партнер, Београд

Андреја Савић, (2007), Национална безбедност, Криминалистичко-полицијска академија, Београд

Саша Мијалковић, (2009), Национална безбедност, Криминалистичко-полицијска академија, Београд

Bearne, S. ed all, (2005), National Security Decision-Making Structures and Security Sector Reform, The RAND Corporation

P., Ackerman, J., Duvall, (2000), A force more powerful, A century of nonviolent conflict, Palgrave, p. 491.

An introduction to Non-Governmental Organizations (NGO) Managemanent – Compliled by Ali Mostashari – Indian Studies Group at MIT, June 2005

Hildy Teegen, (2014), The importance of nongovernmental organizations (NGOs) in global governance and value creation: an international business research agenda, Department of International Business, School of Business, The George Washington University,https://www.researchgate.net/publication/5223115_The_Importance_of

_Nongovernmental_Organizations_Ngos_in_Global_Governance_and_Value_Creation_An_International_Business_Research_Agenda.

Џ. Бејлис., С.Смит., П.Овенс., (2009), Глобализација на светската политика. Вовед во меѓународни односи, Скопје, Табарнакул

Nongovernmental Organisations, Definitions and History, David Lewis, Londons School of Economics and Political Science

The Importance of Nongovernmental Organizations (Ngos) in Global Governance and Value Creation: An International Business Research Agenda (PDF Download Available).

Виоти, П. Каупи, М. (2009), Меѓународни односи и светска политика. Безбедност, економија, иденитет, Скопје, Академски печат

Secretariat, ATA - (2015-07-06). "GLOBSEC 2015 : Central Europe on the map of transatlantic thinking". ATA - Atlantic Treaty Association

Howard Clark, (2009), People power: Unarmed resistance and global solidarity, New York

М., Волтерс, (2003), Глобализација, Институт за демократија и цивилно општество, скопје

Хаг, Р., Хароп, М., (2009), Компаративна анализа на власта и полииката, Академски печат, Скопје

Кристијан Реус-Смит, (2009), Политика на меѓународното право, Нампрес, Скопје

University of Iowa – Iowa Research Online – Theses and Dissertations- The Unveiled power of NGO's: How NGO's influence states foreign policy begaviors – Youngwan Kim – University of Iowa

The Universal Declaration of Human Rights, United Nations General Assembly in Paris on 10 December 1948 (General Assembly resolution 217 A), http://www.un.org/en/universal-declaration-human-rights/index.html

Кристина Греј, (2008), Меѓународно право и употреба на сила, Просветно дело, Скопје

Ж., Ќосе, (2013), Придонесот на граѓанскиот сектор во приближувањето на Македонија кон ЕУ, Граѓански свет, Скопје.

http://www.gragjanskisvet.org.mk/default5f45.html?ItemID=64B6ED1F31EE674C8998C932F1F7A6CA

Р., Сорабџи, Д., Родин, (2009), Етика на војната. Исти проблеми во различни традиции, Академски перач Скопје

Џ., Л., Голдсмит, Е., А., Поснер, (2010), Границите на меѓународното право, Арс Ламина, Скопје

Извештај за Република Македонија, 2016, Европска комисија, Брисел, стр.9.

С.,Тасева, (2016), Национален систем за интегритет. Проценка за Македонија, Транспаренси Интернешнл- Македонија, Скопје

Извештај за Република Македонија, 201 , Европска комисија, Брисел, стр.9.

Reinhard Priebe, Recommendations of the Senior Experts' Group on systemic Rule of Law issues relating to the communications interception revealed in Spring 2015

Устав на Република Македонија, Службен Весник на Република Македонија бр. 52/1991.

Закон за здруженија и фондации, Службен весник на Република Македонија бр. 52/10 и 135/11.

С.,Тасева, (2016), Нацинален систем на интегритет. Проценка за Македонија, Датапонс, Скопје

М., Остојиќ, А., Фаган, (2017), Донаторски стратегии и практики за поддршка на граѓанското општество на Западен Балка, Скопје, МЦМС

Чаушоска, Ј., Стојанова, Д., (2016), Перцепцијата на граѓанските организации за вмрежувањето, МЦМС, Таксо

Извештај за Република Македонија 2016, Европска комисија, Брисел

Lewis, D. (2005). Actors, ideas and networks: trajectories of the non-governmental in development studies

С.,Огненовска, (2015), Извештај за овозможувачката околина за развој на граѓанското општество во Македонија, МЦМС, Скопје.

М., Остојиќ, А., Фаган, (2017), Донаторски стратегии и практики за поддршка на граѓанското општество на Западен Балка, Скопје, МЦМС

С.,Тасева, (2016), Национален систем за интегритет. Проценка за Македонија, Транспаренси Интернешнл- Македонија, Скопје

Е., Нурадиновска, А., Кржаловски, Д., Стојанова, (2013), Довербата во граѓанското општество, МЦМС, Скопје.

Д-р Весна Шопар, (2011) Јавност и јавно мислење, Универзитет за туризам и менаџмент, Скопје

Михаел Кунчик и Астрид Ципфел, Вовед во науката за комуникации, Скопје, 1998

Хаг, Р., Хароп, М., (2009), Компаративна анализа на власта и полиикатa, Академски печат, Скопје,

Есер, Ф. Феч, Б: Споредување на политичката комуникација: теории, случаи и предизвици, Академски печат, Скопје, 2009

Груевски, Т.; Односи со јавноста; “Студориум“, НИП “Студентки збор“; Скопје; 2007

Клајд Вилкокс и Барбара Норандер, Разбирање на јавното мислење, Вашингтон, 2002

Gruning James, et al. (1984) Managing public relations, Holt, Chicago

Валдемар Бесон/Готхард Јаспер, Das Leitbild der modernen Demokratie. Bauelemente einer freiheitlichen Staatsordnung, BpB Bonn 1990 (Водечката слика на модерната демократија. Компоненти на слободно државно уредување)

Sarah Michael, (2002), The Role of NGOs in Human Security, The Hauser Center for Nonprofit Organizations and The Kennedy School of Government Harvard University

П. Виоти, М., Каупи, (2009), Меѓународни односи и светска политика. Безбедност, економија, идентитет, Академски печат, скопје

Д.,Армстронг, Т., Фарел, Б., Маигуашка, (2009), Управување и отпор во светската политика, Магор, Скопје

Р. Џ., Бункер, (2009), Не –државни закани и идни војни, Нампрес, Скопје, Vii,

Е., Кусенс, Ч., Кумар, (2011), Градење на мир како политика. Одржување мир во кревки општества, Алмина, Скопје

Ричард Соабџи и Дејвид Родан, (2009), Етика на војната. Исти проблеми во различни традиции, Академски печат, Скопје

Les Étapes de la pensée sociologique, Paris: Gallimard, 1967

Г. Пирот., (2016), Поимот на граѓанско содружништво, Македонски центар за меѓународна соработка, Скопје

Џ. Бејлис., С.Смит., П.Овенс., (2009), Глобализација на светската политика. Вовед во меѓународни односи, Скопје, Табарнакул

Т. Бејл, (2009), Европска политика. Компаративен вовед, Академски печат, Скопје

P., Ackerman, J., Duvall, (2000), A force more powerful, A century of nonviolent conflict, Palgrave

Europian Commission, The definition of Non State Actors (NSAs), Source: Maurizio Floridi and Beatriz Sanz Corella

Е., Кусенс, Ч., Кумар, (2011), Градење на мир како политика. Одржување мир во кревки општества, Алмина, Скопје

Кристина Греј, (2008), Меѓународно право и употреба на сила, просветно дело, Скопје

P., Ackerman, J., Duvall, (2000), A force more powerful, A century of nonviolent conflict, Palgrave

https://webgate.ec.europa.eu/fpfis/mwikis/aidco/index.php?title=Special:Pdfprint&page=9EDF:_Types_of_non_state_actors

https://webgate.ec.europa.eu/fpfis/mwikis/aidco/index.php/9EDF:_Types_of_non_state_actors

https://ec.europa.eu/europeaid/civil-society_en

http://eurlex.europa.eu/legalcontent/EN/TXT/HTML/?uri=LEGISSUM:r12101&from=FR

https://ec.europa.eu/europeaid/sites/devco/files/methodology-the-cotonou agreement-user-guide-for-non-state-actors-200311_en_2.pdf

https://ec.europa.eu/europeaid/civil-society_en

http://eurlex.europa.eu/legalcontent/EN/TXT/HTML/?uri=LEGISSUM:r12101&from=FR

https://www.researchgate.net/publication/5223115_The_Importance_of_Nongovernmental_Organizations_Ngos_in_Global_Governance_and_Value_Creation_An_International_Business_Research_Agenda

https://ec.europa.eu/europeaid/civil-society_en

http://sh.wikipedia.org/wiki/Pres-konferencija

https://ec.europa.eu/neighbourhoodenlargement/sites/near/files/2017.09.14_seg_report_on_systemic_rol_issues_for_publication.pdf

http://www.un.org/en/peacebuilding/pdf/doc_wgll/justice_times_transition/26_02_2008_background_note.pdf

http://recom.link/

http://www.crpm.org.mk/?p=13344

http://vlada.mk/node/13403

http://www.antiko.org.mk/

http://www.mhc.org.mk

http://www.crpm.org.mk/?p=14768

http://www.nvosorabotka.gov.mk/index.php?option=com_docman&task=cat_view&gid=22&Itemid=37

https://civilmedia.mk

https://www.mcms.mk

https://ec.europa.eu/neighbourhoodenlargement/sites/near/files/news_corner/news/news-files/20150619_recommendations_of_the_senior_experts_group.pdf

http://www.undp.org/cso/aboutfaq.html

https://ec.europa.eu/europeaid/civil-society_en

https://www.ictj.org/

https://www.researchgate.net/publication/5223115

http://www.transparency.mk/index.php?option=com_content&task=view&id=1157&Itemid=77

http://iks.edu.mk/attachments/article/274/BP_ENG_FINAL_08.07.2016.pdf